USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

MACEDONIAN CIVIC EDUCATION CENTER

**Interethnic Integration in Education Project**

# ПРАКТИКУМ

## ЗА ИНТЕГРИРАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ ВО НАСТАВАТА ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

# ПРАКТИКУМ

## ЗА ИНТЕГРИРАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ ВО НАСТАВАТА ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2016

Оваа публикација е направена со поддршка на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието во соработка со Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука. Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието е имплементиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО). Содржината на документот им припаѓа на авторите и не ги изразува ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

**Издава:**
**МЦГО во рамки на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието**

**Автори:**
Ајше Ајрулаи (Биро за развој на образованието)
Алма Тасевска (Институт за педагогија)
Анита Ангеловска (ОУ „Крсте Мисирков“, Скопје)
Ардијана Палоши (Центар за стручно образование и обука)
Дијана Каравилоска (ОУ „Манчу Матак“, Кривогаштани)
Жанета Чонтева (Биро за развој на образованието)
Јасмина Атанасова – Симјаноска (СГГУГС „Здравко Цветковски“, Скопје)
Лепа Трпчевска (Центар за стручно образование и обука)
Лилјана Самарџиска (Биро за развој на образованието)
Снежана Јанкуловска (МЦГО)
Тулаха Тахир (МЦГО)
Ана Пискачева (МЦГО)

**Стручна редакција:**
Митко Чешларов (Биро за развој на образованието)

**Соработници при изготвување на публикацијата:**
Лорета Георгиева (МЦГО)
Светлана Гашоска (МЦГО)
Небојша Мојсоски (МЦГО)

**Лектура:**
Катица Трајкова

**Дизајн:**
КОМА дизајн студио

**Печати:**
Печатница Напредок ДООЕЛ - Тетово

**Тираж:**
1800

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

373.3/.5.035(076)

ПРАКТИКУМ за интегрирање на мултикултурно учење во наставата за основно и средно образование / [автори Ајше Ајрулаи ... и др.]. - Скопје : Македонски центар за граѓанско образование, 2016. - 146 стр. : илустр. ; 30 см

Публикацијата е во рамки на проектот: “Меѓуетничка интеграција во образованието”. - Автори: Ајше Ајрулаи, Алма Тасевска, Анита Ангеловска, Ардијана Палоши, Дијана Каравилоска, Жанета Чонтева, Јасмина Атанасова-Симјаноска, Лепа Трпчевска, Лилјана Самарџиоска, Снежана Јанкуловска, Тулаха Тахир, Ана Пискачева. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-4529-68-2
1. Ајрулаи, Ајше [автор]
а) Основно образование - Мултикултурно учење - Практикуми
б) Средно образование - Мултикултурно учење - Практикуми
COBISS.MK-ID 102279178

# СОДРЖИНА


ВОВЕД ........................................ 7

ЗА ПРАКТИКУМОТ ........................................ 8

ПРИМЕРИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ
ВО НАСТАВАТА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ........................................ 11

1. „АЛО...АЛО“ ........................................ 12

**2.** АВТОРИ И ДЕЛА ........................................ 14

**3.** ЧЕСТИТКИ ЗА МЕНЕ, ЗА ТЕБЕ, ЗА СИТЕ НАС ........................................ 18

**4.** РАЗНОЛИКОСТА НА НАШИТЕ НАРОДНИ НОСИИ ........................................ 22

**5.** „ЈАС И МОЕТО НОВО ДРУГАРЧЕ – НИЕ СМЕ СЛИЧНИ И РАЗЛИЧНИ“ ........................................ 28

**6.** ТЕАТАРОТ – УМЕТНОСТ НА НАШЕТО ЖИВЕЕЊЕ ........................................ 32

**7.** НАШИТЕ ПРАЗНИЦИ ........................................ 36

**8.** КИЛИМИТЕ ВО НАРОДНОТО ТВОРЕШТВО ........................................ 40

**9.** СТАРОГРАДСКА АРХИТЕКТУРА ........................................ 44

**10.** АРХИТЕКТОНСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РЕЛИГИОЗНИТЕ ОБЈЕКТИ ........................................ 48

**11.** ОД ИДЕЈА ДО РЕАЛИЗАЦИЈА ........................................ 52

**12.** КАКО ПОДОБРО ДА КОМУНИЦИРАМЕ? ........................................ 56

**13.** КОИ СМЕ НИЕ ВО МАКЕДОНИЈА? ........................................ 62

**14.** ИСЛАМОТ И ХРИСТИЈАНСТВОТО ........................................ 66

**15.** ОТКРИВАЊЕ НА НОВИОТ СВЕТ ........................................ 70

**16.** ДЕТСКИ ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ ........................................ 74

**17.** ДНЕВНИКОТ – СВЕДОК НА ИСТОРИЈАТА ........................................ 78

**18.** ДИВЕРЗИТЕТ И ЕМПАТИЈА ........................................ 82

**19.** КАКО ДА СЕ РЕШИ КОНФЛИКТОТ НА МИРОЉУБИВ НАЧИН ........................................ 88

**20.** НАРОДНИ ЉУБОВНИ ПЕСНИ ........................................ 94

**21.** РАЗЛИЧНИТЕ КУЛТУРИ И НИВНОТО БОГАТСТВО ..................................96
**22.** ДАЛИ Е ОВА КОНФЛИКТ? ..................................................................100
**23.** НОВИНАРСКА СТАТИЈА ЗА КУЛТУРНИТЕ ЗАЕДНИЦИ..........................104
**24.** ALL READY AND PACKED.....................................................................108

**ПРИМЕРИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ**
**ВО НАСТАВАТА ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ...................................... 113**

**1.** „НЕ“ НА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА .............................................................114
**2.** ЕТНООРНАМЕНТИ.................................................................................120
**3.** БОГАТСТВО НА РАЗЛИЧНИ КУЛТУРИ...................................................124
**4.** НОВ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ..................................................................128
**5.** СПОРЕДУВАЊЕ НА СТАРОГРАДБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА.......................132
**6.** САПУНОТ ВЧЕРА И ДЕНЕС ....................................................................136
**7.** ТРАДИЦИОНАЛНО НАСПРОТИ СОВРЕМЕНО
ПРОИЗВОДСТВО НА КРЕМОВИ...................................................................138
**8.** HACCP и HALAL ......................................................................................142

# ВОВЕД

Практикумот за интегрирање на мултикултурното учење во предметите од редовната настава во основното и во средното образование произлезе како резултат од искуствата на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО), кој е имплементиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО), во соработка со Министерството за образование и наука и клучните образовни институции: Бирото за развој на образованието (БРО), Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО), Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Државниот испитен центар (ДИЦ) во Република Македонија.

Главната цел на ПМИО е да им помогне на основните и на средните училишта да реализираат активности, кои кај учениците развиваат вредности за меѓуетничка интеграција во образованието (МИО). Тоа практично значи дека учениците имаат можност да се стекнат со компетенции што им се потребни за живот во мултиетничко општество во духот на меѓусебно разбирање, мир, почитување на другите, прифаќање на разликите и право на еднаквост на сите.

Основа за изготвување на Практикумот беа согледувањата од спроведената *Анализа на наставните програми од основното и од гимназиското образование и наставните програми за средното стручно образование (Анализа)*. Анализата беше направена од работна група[1] составена од советници од БРО и ЦСОО, со поддршка на тимот на ПМИО. Со Анализата се потврди застапеноста на мултикултурните и мултиетничките елементи во целите на наставните програми што дава можности за интегрирање на овие елементи во наставните содржини во одредени наставни предмети.

Како резултат од сознанијата на Анализата, работната група иницираше изготвување на практикум со практични примери на активности за интегрирање на мултикултурни содржини во одредени наставни предмети, што на наставниците ќе им помогне во постигнување на целите за градење позитивни вредности и ставови за меѓуетничка интеграција кај учениците. Веруваме дека младите луѓе имаат огромен потенцијал да изградат вакви вредности и ставови и да придонесат за унапредување на меѓуетничката интеграција и развојот на нашето општество. При тоа, наставниците се оние што најдобро можат да ја насочуваат нивната енергија и ентузијазам на позитивен начин за преземање демократски акции за внесување промени во училиштен контекст и пошироко. Овој Практикум, исто така, може да го користат и професорите од наставничките факултети во практичната настава со своите студенти, за нивна соодветна подготовка за идната реализација на активностите за мултикултурно учење.

1 Работната група е составена од советниците од Бирото за развој на образованието: Лилјана Самарџиска, Ајше Ајрулаи и Жанета Чонтева; и советниците од Центарот за стручно образование и обука: Ардијана Палоши и Лепа Трпчевска.

# ЗА ПРАКТИКУМОТ

Практикумот содржи примери на активности за мултикултурно учење што се реализираат со ученици што учат на ист наставен јазик во рамки на редовната настава во основното и во средното образование. Понудените примери се интегрирани во одредени предмети за одредени образовни периоди и се во рамките на постојните цели и содржини од наставните програми, што експлицитно или имплицитно се однесуваат на одредени подрачја на мултикултурното учење: **1)** мултикултурализам, **2)** човекови права, демократија, социјална праведност и еднаквост, **3)** стереотипи, предрасуди и дискриминација, **4)** решавање конфликти.

Примерите на активностите што придонесуваат учениците да развиваат компетенции од мултикултурното учење, се однесуваат на следните подрачја и аспекти:

## 1. МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ

- Запознавање со вредностите на сопствената култура и особеностите на другите култури.
- Развивање позитивен културен идентитет.
- Препознавање на сличностите и разликите меѓу луѓето од различните култури.
- Развивање чувство на почит, емпатија, доверба и прифаќање на другите култури.
- Развивање вештини за комуникација и соработка.

## 2. ЧОВЕКОВИ ПРАВА, ДЕМОКРАТИЈА, СОЦИЈАЛНА ПРАВЕДНОСТ И ЕДНАКВОСТ

- Разбирање на принципите на човековите права.
- Примена на концептите за човекови права во секојдневните ситуации.
- Справување со предизвиците на неправда и преземање на акции за социјална праведност.
- Покренување на демократски акции и внесување промени во училишниот контекст и пошироко.

## 3. СТЕРЕОТИПИ, ПРЕДРАСУДИ И ДИСКРИМИНАЦИЈА

- Препознавање и намалување на стереотипите и предрасудите.
- Справување со предизвиците на дискриминација.

## 4. РЕШАВАЊЕ КОНФЛИКТИ

- Запознавање со факторите за создавање конфликти.
- Запознавање со принципите за решавање проблеми.
- Анализирање и решавање конфликтни ситуации.

Понудените примери може директно да се преземат од Практикумот и да се применат во наставата, а исто така може да поттикнат нови идеи за интегрирање на мултикултурно учење во наставата.

Активностите се дизајнирани така што преку примена на интерактивни вежби, учениците се ангажираат во колаборативно и искуствено учење, со цел подобро да ги разберат аспектите на мултикултурното учење и да развиваат позитивни вредности и ставови за меѓуетничка интеграција. Примерите содржат примена на следните методи: дијалог, дискусии во мала и во голема група, истражување, играње улоги, демонстрација и симулации, анализа на текстови, фотографии или ситуации.

Учениците, освен што учат за содржините од предметното подрачје и за мултикултурализмот и ги постигнуваат наставните цели и целите за мултикултурното учење, со примената на овие методи и искуственото учење ги продлабочуваат вештините за комуникација и соработка, критичкото мислење и решавањето на проблемите.

Примерите во Практикумот се поделени во два дела и тоа, првиот дел е наменет за основното образование, а вториот дел за средното образование. Понудените содржини за некои од активностите можно е да се модифицираат и да се приспособуваат за поголема или помала возрасна група ученици.

Се надеваме дека овие примери ќе претставуваат поттик за нови идеи кај наставниците за интегрирање на многу повеќе содржини за мултикултурно учење во рамки на редовната настава во основното и во средното образование, а исто така и кај професорите од педагошките факултети во едукација на своите студенти во текот на нивното иницијално образование.

ЗА ОСНОВНО

# ПРИМЕРИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ ВО НАСТАВАТА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

1

# „АЛО...АЛО“

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| ПРВО | МАЈЧИН ЈАЗИК | СЛУШАЊЕ И ГОВОРЕЊЕ | ТЕЛЕФОНСКИ РАЗГОВОР |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>▸ се воведе во културното и рационалното користење на телефонот за разговор. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>▸ развива вештини за комуникација и соработка со припадниците на другите етнички заедници;<br>▸ развива чувство на почит, емпатија, доверба и прифаќање на другите култури;<br>▸ развива свој личен идентитет и да истражува за идентитетот на другите. |
| **РЕСУРСИ** | ▸ Телефонски апарат.<br>▸ Аудиоапарат (диктафон, мобилен телефон, таблет и сл.). |
| **ВРЕМЕ** | Еден наставен час од 40 минути. |

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Часот започнува така што наставникот симулира ѕвонење на телефон и демонстрира позитивен пример на телефонски разговор со соговорник.
2. Потоа, наставникот иницира разговор со учениците за намената на телефонот и поставува прашања, како на пример:
   - Дали знаете зошто служи телефонскиот апарат?
   - Дали го користите во секојдневниот живот за да разговарате со вашите родители и другарчиња?
   - Колку долго разговарате на телефон?
   - Дали досега ви се јавил некој на телефон и ви зборувал на јазик различен од оној што вие го говорите? Доколку одговорот е ДА, наставникот ги прашува учениците на кој јазик комуницирале.
   - Кој јазик го користите кога разговарате на телефон? Мајчиниот или некој друг?

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Наставникот им објаснува на учениците дека постојат одредени правила што водат кон културно и рационално користење на телефонот за разговор; при тоа го користи сопствениот позитивен пример од почетокот на часот.
2. Наставникот ги поттикнува учениците самостојно да истакнат сопствени примери на изразни реченици при користење на телефон за разговор.
3. Учениците се делат во парови и еден по еден пар изведуваат телефонски разговор со почитување на правилата за разговор.
4. Понатаму, наставникот ги запознава учениците и со поздравувањата и кратките изрази на другите јазици на кои се зборува во нашето непосредно опкружување. (Пример: Добар ден, моето име е Орхан, би сакал да разговарам со Јован; Mirëdita, emri im është Orhan, kisha dashur të bisedoj me Jovanin; İyi günler, benim adım Orhan, Yovan ile konuşmak isterdim.)
5. По претходна подготовка, наставникот со помош на аудиоапарат го снима сопствениот говор на изразни пораки на различните јазици и овој материјал го користи за работа со учениците во групи.
6. Наставникот ги дели учениците во три групи, со задача да ја усвојат основната конверзација по телефон на јазиците што се користат во нашето опкружување.
7. Учениците, во рамки на групата, ги слушаат претходно снимените кратки изразни пораки што се користат при разговор по телефон на јазик различен од оној што го говорат и секое дете во рамки на групата се обидува да ги повтори изразните фрази и реченици.

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. За проверка на постигнатоста на целите, сите заедно ги слушаат поединечните говорни изразни пораки и учениците треба да го препознаат јазикот на кој се говори.
2. Разговараат за личните искуства поврзани со телефонските разговори преку следниве прашања:
   - Како се чувствувавте додека разговаравте по телефон?
   - Кои зборови ги употребувавте, а кои зборови ги научивте, а се однесуваат на културното и рационалното користење на телефонот?
   - Кои кратки изрази за разговор по телефон ги научивме, а се употребуваат на јазик различен од оној што ние го говориме?
   - Како кратките изрази на различните јазици што ги научивме можат да ни помогнат во секојдневниот живот?
   - Дали се чувствуваме побогати кога знаеме да се обратиме на повеќе јазици?

2

# АВТОРИ И ДЕЛА

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| **ВТОРО** | **МАЈЧИН ЈАЗИК** | **ЛИТЕРАТУРА** | **ОБРАБОТКА НА ТЕКСТ** |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>• се оспособува да воочува и да препознава наслов на дело;<br>• разликува текст, илустрација, автор;<br>• се оспособува да ги воочува настаните (случките) и ликовите. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>• се запознае со творби од писатели од другите култури (особено на оние од непосредното опкружување);<br>• се запознава и да се воведува во вредностите на другите култури од нашето непосредно опкружување;<br>• развива отворен пристап за запознавање на особеностите на културите од нашето непосредно опкружување;<br>• го развива чувството на почит, емпатија, доверба и прифаќање на културите различни од сопствената. |
| **РЕСУРСИ** | • Текст од збирката раскази „Орхан“ од авторот Неџати Зекирија. Како алтернатива може да се користат и извадоци од други дела на Неџати Зекирија, како на пример: „Децата од нашата улица“, „Децата од старата улица“, „Децата од новата улица“, „Ромео и Јулија од нашата улица“.<br>• Работен лист. |
| **ВРЕМЕ** | Два наставни часа од 40 минути. |

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Активноста започнува со тоа што наставникот на учениците им покажува пример на детска книга што содржи текст и илустрации.
2. Тој им го чита насловот на книгата и името на авторот и им ги поставува следните прашања:
   - Што е тоа автор и која е неговата улога?
   - Што значи илустрација на книга и за што служи?
   - Кој ја прави илустрацијата на книгата?
   - Која е вашата најомилена книга што сте ја прочитале досега?
   - Дали се сеќавате кој е авторот на таа книга?
   - Кои други автори ги познавате?
   - За кои нивни познати дела сте слушнале?
   - Дали сте слушнале за некои автори што пишуваат на јазик различен од јазикот што вие го зборувате?
   - Дали знаете дека делата на тие автори се преведуваат на други јазици?
3. Наставникот им најавува обработка на текст од збирката раскази „Орхан“ и им ги поставува следните прашања:
   - Дали сте слушнале за Неџати Зекирија, авторот на збирката раскази „Орхан“? (Доколку одговорот е НЕ, во кратки црти го претставува авторот и ги кажува неговите дела.)
   - Дали имате другарче што зборува на друг јазик од вашиот? Како се вика? (На табла се пишуваат имињата.)
   - Доколку немаат такво другарче, наставникот го поставува прашањето: „Дали можете да се сетите на некои други имиња на луѓе од непосредното опкружување што се дел од другите култури?“ (Имињата се пишуваат на табла.)

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Наставникот им чита текст од збирката раскази „Орхан“ и ги поттикнува внимателно да слушаат за да се долови целината на текстот.
2. По читањето, наставникот ги поставува следните прашањата:
   - Каде се случува главниот настан?
   - Какви се вашите впечатоци за Орхан како главен лик во расказот?
   - Кои се главните особини на Орхан?
   - Какви се вашите впечатоци за другите ликови?
   - На кои јазици зборуваат ликовите во расказот?
   - Како се дружат ликовите во расказот?
   - Дали се дружите со деčиња што зборуваат на други јазици?
   - Кој дел од расказот најмногу ви се допадна?
3. Наставникот ги охрабрува учениците да го илустрираат главниот лик во текстот, Орхан, претставен преку една сцена, ситуација или визуелизација на ликот...
4. На самиот крај учениците ги изложуваат своите изработки на определено место во просторијата.

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

## ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

Часот завршува со разговор за следните прашања:

- Што правевме денес?
- Како се чувствувавме додека го читавме текстот?
- Кои случки ги карактеризираат главните ликови во текстот?
- Како се чувствувавме додека го илустриравме главниот лик Орхан?
- Кои имиња, како претставници на другите култури, ги слушнавме во текстот?
- Можете ли вие да истакнете име на другарче од вашата улица или непосредната околина, што припаѓа на друга култура?
- Можете ли да се сетите на позитивен пример од заедничко другарување со деца, по примерот на делата од авторот Неџати Зекирија?

## НАСОКИ ЗА ДОМАШНА ЗАДАЧА

1. Учениците добиваат домашна задача да бидат во улога на автори и да осмислат нова приказна за другарувањето на Орхан и неговата дружина со децата од нивното маало што зборуваат на различни јазици. Презентацијата на домашната задача се врши на следниот час.
2. За таа активност, на учениците им се дели работниот лист и им се даваат насоки за пишување или цртање (може и комбинација од текст и цртеж/илустрација), како што е дадено во работниот лист:
   - наслов на приказната и главни ликови;
   - опис или илустрација на местото на случката (почеток);
   - опис или илустрација на замислена случка од нивното дружење (главен дел);
   - опис или илустрација на завршен дел од случката.
     *(Може да им се даде пример: прослава на роденден, кој слави роденден, каде се слави, какви игри играат и сл.)*
3. На следниот час учениците ги споделуваат своите приказни и ги презентираат илустрациите.

# РАБОТЕН ЛИСТ Насоки за домашна задача

1. Бидете во улога на автори и осмислете нова приказна за другарувањето на Орхан и неговата дружина со децата од нивното маало што зборуваат на различни јазици.
2. Следете ги насоките за пишување или цртање (може и комбинација од текст и цртеж/илустрација):
   - наслов на приказната и главни ликови;
   - опис или илустрација на местото на случката (почеток на приказната);
   - опис или илустрација на замислена случка од нивното дружење (главен дел);
   - опис или илустрација на завршниот дел од случката (завршен дел).

**НАСЛОВ НА ПРИКАЗНАТА**

**ГЛАВНИ ЛИКОВИ**

**ПОЧЕТОК НА ПРИКАЗНАТА**

**ГЛАВЕН ДЕЛ**

**ЗАВРШЕН ДЕЛ**

# ЧЕСТИТКИ ЗА МЕНЕ, ЗА ТЕБЕ, ЗА СИТЕ НАС

3

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
| --- | --- | --- | --- |
| ТРЕТО | МАЈЧИН ЈАЗИК | ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | ПИШУВАЊЕ ЧЕСТИТКА |

| | |
| --- | --- |
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>▸ научи да пишува честитка;<br>▸ препишува правилно реченици и кратки текстови. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>▸ користи изрази за честитање на јазик различен од тој што го зборува и писмено да ги запишува;<br>▸ го развива својот личен идентитет и да истражува за идентитетот на другите;<br>▸ развива вештини за комуникација и соработка со свои врсници од други етнички заедници. |
| **РЕСУРСИ** | ▸ Материјали за изработка на честитки.<br>▸ Листа со изрази за честитање на повеќе јазици.<br>▸ Прилог 1 - Линкови до песни „Среќен роденден“ на различни јазици.<br>▸ Прилог 2 – Изрази за честитање роденден на повеќе јазици. |
| **ВРЕМЕ** | Еден наставен час од 40 минути. |

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Активноста започнува со тоа што учениците слушаат роденденска песна, а наставникот ги поттикнува на експресија со движења според дадената композиција.
2. Наставникот ги поттикнува учениците на позитивно расположение со разговор:
   - Како ги прославувате своите родендени?
   - Дали добивате роденденски честитки?
   - Какви подароци најчесто ви подаруваат?
   - Со кој вербален израз ви го честитаат роденденот?
   - Кои изрази ги знаете и ги пеете на друг јазик со кои се честита роденден?
   - Дали знаете некоја песна на друг јазик од нашето опкружување со која се честита роденден?
   - Дали сакате да слушнеме некоја песна на друг јазик од нашето опкружување и да научиме како се честита роденден на повеќе јазици?

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. На учениците им се даваат насоки дека во следната активност ќе слушаат роденденски песни на повеќе јазици и ќе изработуваат честитки на кои ќе ги запишуваат изразите за честитање роденден на повеќе јазици.
2. Додека тече музиката на песните поврзани со прослави за роденден испеани на различни јазици (види прилог 1 – Линкови до песни за „Среќен роденден" на различни јазици), учениците индивидуално, со помош на разновидниот материјал, изработуваат честитка во форма и големина по своја желба.
3. Во меѓувреме наставникот им запишува на табла изрази за честитање на роденден на неколку јазици различни од јазикот на кој зборуваат учениците. (види прилог 2 – Изрази за честитање роденден на повеќе јазици.)
4. Учениците се распределуваат во четири групи со задача да напишат израз за честитање роденден на различен јазик во својата честитка, при што ги користат примерите што ги пишува наставникот на табла:
   - **првата група** на албански јазик;
   - **втората група** на македонски јазик;
   - **третата група** на турски јазик;
   - **четвртата група** на српски јазик.

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

**ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА**

1. Откако групите ќе завршат со активноста, по еден претставник од групата ја презентира својата изработка и усно го изговара изразот на честитање на соодветниот јазик; при тоа целата паралелека во еден глас го повторува изразот.
2. Како завршна активност, наставникот иницира разговор преку прашањата:
   - Што прававеме денес?
   - Како се чувствувавме додека ги изработувавме честитките и слушавме роденденски песни?
   - Кои изрази ги научивме, на кои јазици научивме да честитаме?
   - Што е слично, а што е различно при честитање роденден на другарче (сите прославуваат роденден, а честитаат на различен јазик)?

***Забелешка:*** Активноста може да се приспособи за честитање на други празници и прослави на различните култури.

# ПРИЛОГ 1
## Линкови до песни „СРЕЌЕН РОДЕНДЕН“ на различни јазици

**МАКЕДОНСКИ јазик**
https://www.youtube.com/watch?v=XxaR7Ybpmpg

**ТУРСКИ јазик**
https://www.youtube.com/watch?v=lTDNECBPMQc

**СРПСКИ јазик**
https://www.youtube.com/watch?v=CfhbDq9zcUI

**АЛБАНСКИ јазик**
http://youtu.be/-eciQfNwvBO

# ПРИЛОГ 2
## Изрази за честитање роденден на повеќе јазици

**МАКЕДОНСКИ јазик**

Среќен роденден и сè најдобро!
Најубави желби за твојот роденден!
Искрени честитки за среќен роденден!
Роденден е денот што го славиме заедно!
Среќен роденден ти посакува твоето другарче!

**ТУРСКИ јазик**

Doğum günün kutlu ve her istediğin gerçek olsun!
Senin doğum gününde en güzel dileklerimi iletiyorum!
Doğum günün için en içten duygularım senin olsun!
Doğum günü birlikte kutladığımız gündür!
Senin arkadaşın senin doğum gününü kutluyor.

**СРПСКИ јазик**

Срећан рођендан и све најбоље!
Најлепше жеље за твој рођендан!
Искрене честитке за срећан рођендан!
Рођендан је дан када прослављамо заједно!
Срећан рођендан ти жели твој пријатељ!

**АЛБАНСКИ јазик**

Gëzuar ditëlindjen dhe gjithë të mirat!
Dëshirat më të mira për ditëlindjen tënde!
Urime të përzemërta dhe me fat ditëlindja!
Ditëlindja është dita të cilën bashkë e festojmë!
Ditëlindje të lumtur të dëshiron shoku yt!

4

# РАЗНОЛИКОСТА НА НАШИТЕ НАРОДНИ НОСИИ

## ИНТЕГРИРАНО ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| ТРЕТО | ОПШТЕСТВО | МОЈОТ РОДЕН КРАЈ | МОЈОТ КРАЈ ИМА МИНАТО И ТРАДИЦИЈА |
| | МАТЕМАТИКА | ГЕОМЕТРИЈА | 2Д-ФОРМИ |
| | ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ | ЛИКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ ВО ДИЗАЈНОТ |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да: |
| **Општество** | ▸ ги проширува знаењата за културните традиции на татковината;<br>▸ ја запознава традицијата и културното наследство на својата и на другите заедници во родниот крај. |
| **Математика** | ▸ препознава, опишува и да црта 2Д-форми, вклучувајќи петаголници, шестаголници, осумаголници и полукругови. |
| **Ликовно образование** | ▸ проценува што го привлекува неговото/нејзиното внимание кон некој предмет и зошто;<br>▸ го користи ритамот во дизајнот. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>▸ зајакнува отворен пристап кон запознавање на особеностите на културите од непосредното опкружување;<br>▸ развива чувство на почит, емпатија, доверба и прифаќање на другите култури;<br>▸ гради вредности за меѓуетничка интегрираност во мултикултурно општество;<br>▸ развива вештини за комуникација и соработка што се потребни за интеракција со ученици од други култури. |

## РЕСУРСИ

- Хамер.
- Фотографии (на пр. прилог).
- Интернет-линкови: http://www.forumi.org.mk/userfiles/file/publikime/brosh-MK.pdf и http://www.forumi.org.mk/userfiles/file/publikime/brosh-SHQ.pdf
- „Волшебна торба".
- 2Д-форми (петаголници, шестаголници, осумаголници и полукругови).
- Работни листови од публикацијата на интернет-линковите: http://www.forumi.org.mk/userfiles/file/publikime/brosh-MK.pdf и http://www.forumi.org.mk/userfiles/file/publikime/brosh-SHQ.pdf.
- Разбој (во изработка на наставникот или да се набави по претходен договор со учениците).
- Волница.
- Волнени чорапи со светла боја.
- Волнен материјал со различни бои.
- Ножици.
- Фломастери за волна и текстил.

## ОПИС НА АКТИВНОСТА на наставниот час по Општество

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Активноста започнува така што учениците ги разгледуваат катчињата што се креирани во нивната училница и разговараат за содржината и изгледот во однос на следните прашања:
    - Како е креирана нашата училница?
    - Дали сме ги организирале катчињата и кои се тие?
    - Што претставува етнолошкото катче?
    - За каква цел го креираме ова катче?
    - Кои предмети треба да бидат сместени во него?
    - Дали нашето етнолошко катче можеме да го збогатиме со елементи од народни носии што се дел од културата и традицијата на различните етнички заедници што живеат во нашата држава?

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Наставникот најавува дека за таа цел е потребно учениците да се запознаат со различните елементи на носиите на етничките заедници од нашето непосредно опкружување.
2. Учениците се делат во шест групи. Секоја група има за задача да ги истражи следните елементи: кошула, елек, горник, скутник, чорапи, колан, обувки, накит, материјал, капа фес и боите што се карактеристични и специфични за народните носии на етничката заедница. Членовите на групата ги запишуваат добиените податоци на хамер.
    - **Првата група** истражува за српската народна носија.
    - **Втората група** истражува за турската народна носија.
    - **Третата група** истражува за албанската народна носија.
    - **Четвртата група** истражува за македонската народна носија.
    - **Петтата група** истражува за ромската народна носија.
    - **Шестата група** истражува за влашката народна носија.

**ОПИС НА АКТИВНОСТА на наставниот час по Општество**

За пребарување на овие податоци, учениците може да користат стручна литература, прирачник, фотографии (види прилог) или достапни интернет-линкови како на пример: http://www.forumi.org.mk/userfiles/file/publikime/brosh-MK.pdf и http://www.forumi.org.mk/userfiles/file/publikime/brosh-SHQ.pdf

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. По еден претставник од секоја група ги презентира добиените податоци.
2. Преку следните прашања, започнува дискусија:
   - Дали постојат сличности и разлики во носиите на различните етнички заедници и кои се тие?
   - Кога се носеле овие носии?
   - Што претставувале тие?
   - Што мислите, зошто луѓето од различните етнички заедници ги облекувале овие носии во минатото?
   - Дали овие носии се носат и денес?
   - Какво значење имаат носиите денес?
   - Дали можеме во нашето етнолошко катче да креираме барем дел од овие носии?

**ОПИС НА АКТИВНОСТА на наставниот час по Математика**

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. По претходна подготовка, наставникот креира т.н. волшебна торба во која има 2Д-форми (петаголници, шестаголници, осумаголници и полукругови).
2. Секој ученик има можност, со затворени очи, да извлече по една 2Д-форма.
3. Откако сите ученици извлекле своја 2Д-форма, се движат низ училницата и бараат парови со идентична 2Д-форма и на тој начин формираат група.
4. Секоја група ја определува својата 2Д-форма и го пронаоѓа своето место (обележано со соодветната 2Д-форма) во училницата и на тој начин се формираат четири групи.

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Наставникот ја најавува активноста во која учениците ќе имаат задача да ги пронајдат и да ги избројат сите 2Д-форми (петаголници, шестаголници, осумаголници и полукругови) што ги има на секој елемент од народните носии во конкретниот работен материјал.
2. При тоа имаат за задача да опишат:
   - за каков елемент на народна носија станува збор;
   - кои се неговите карактеристики;
   - на која етничка заедница ѝ припаѓа;
   - кој детал од елементот на носијата најмногу им се допаднал во групата.

Наставникот на секоја група ѝ дава една копија од работниот материјал од соодветната страница на публикацијата, која во електронска верзија се наоѓа на следниот линк: http://www.forumi.org.mk/userfiles/file/publikime/brosh-MK.pdf и http://www.forumi.org.mk/userfiles/file/publikime/brosh-SHQ.pdf

- **Првата група** работи пример на кошула, елече и скутина (види на страниците 30, 31 и 33).
- **Втората група** ги анализира примерите на горник, цревје – невестински влечки и антерија (види на страниците 32, 38 и 9).

**ОПИС НА АКТИВНОСТА на наставниот час по Математика**

- **Третата група** ги анализира примерите на чорапи, чулки итас (види на страниците 34,14 и 19).
- **Четврта група** ги анализира примерите на колункче и лахор – натпојасник, капа фес (види на страниците 38, 12 и 36).

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. По еден претставник од групата ги презентира добиените податоци и кажува колку видови и колкав број од 2Д-формите има во елементот од народните носии што тие го истражуваат.
2. Покрај тоа, наставникот поведува разговор и за следните прашања:
   - Дали 2Д-формите се само геометриски фигури што ги учиме во математиката или тие се инспирација за некаков дизајн?
   - Колку нивната комбинаторика прави креација?
   - Кои се нивните карактеристики?
   - На која етничка заедница ѝ припаѓаат?
   - Кој детал од елементот на носијата најмногу ви се допадна во групата?

**ОПИС НА АКТИВНОСТА на наставниот час по Ликовно образование**

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Учениците се потсетуваат на основните елемени и карактеристики на народните носии на етничките заедници од непосредното опкружување.
2. Разговараат за видовите геометриски 2Д-форми и нивното присуство во шарите на народните носии на различните етнички заедници.
3. Потоа наставникот најавува дека ќе се обидат со различни техники и материјали да направат дизајн на елемент од народна носија.

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Учениците работат поделени во три групи со следниве задачи:
   - **Првата група** има за задача со помош на разбој да исткае примерок на *скутина со боја на волница по желба на учениците*.
   - **Втората група** има за задача *волнените чорапи* со бела боја со фломастери да ги обои во народна шара со примена на 2Д-форми.
   - **Третата група** има задача да креира *антерија* на едноставна гињол-кукла направена од волнен материјал.

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. Секоја група ги презентира своите изработки.
2. Потоа изработките ги изложуваат во етнокатчето.
3. Разговараат со наставникот за прашања поврзани со нивната рачна работа, доживувањата и искуствата:
   - Колку бевме успешни во нашите изработки?
   - Дали успеавме да го збогатиме нашето етнокатче со новите изработки?
   - Кои се придобивките од нашата рачна работа за разбирање на носиите и нивните елементи кај различните етнички заедници?
   - Дали ви се допаѓаат ваков вид активности во кои се потсетуваме на традицијата, учиме едни за други и преку креирање на интересни изработки дознаваме за минатото и носиите на сите што живеат во нашата татковина?

# ПРИЛОГ

Фотографии на носии
на шест етнички заедници



СРПСКА НАРОДНА НОСИЈА



ТУРСКА НАРОДНА НОСИЈА



АЛБАНСКА НАРОДНА НОСИЈА



МАКЕДОНСКА НАРОДНА НОСИЈА



РОМСКА НАРОДНА НОСИЈА



ВЛАШКА НАРОДНА НОСИЈА



БОШЊАЧКА НАРОДНА НОСИЈА

# „ЈАС И МОЕТО НОВО ДРУГАРЧЕ – НИЕ СМЕ СЛИЧНИ И РАЗЛИЧНИ“

5

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| ЧЕТВРТО | МАЈЧИН ЈАЗИК | ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ | РАСКАЖУВАЊЕ СО ДАДЕН ПОЧЕТОК |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>▸ го развива писменото изразување со раскажување по даден почеток;<br>▸ раскажува доживеан настан. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>▸ ја согледа важноста за комуникација и дружење/соработка со припадниците на другите етнички заедници;<br>▸ препознава колку се слични или различни со своите врсници од други етнички заедници;<br>▸ го развива својот личен идентитет и да истражува за идентитетот на другите. |
| **РЕСУРСИ** | ▸ Работен лист. |
| **ВРЕМЕ** | До два наставни часа од 40 минути. |

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Активноста започнува со игра во која учениците се групираат според одговорите што започнуваат со тврдењето „Сакам да имам другарче кое...“
2. На учениците им се читаат тврдењата и во зависност од одговорот за секое од понудените тврдења, ќе треба да застанат на одреденото место во училницата. Доколку одговорот е НЕ, тие застануваат на левата страна од училницата, доколку одговорот е ДА, тие одат на десната страна. Доколку не се сигурни, тие остануваат во средина на училницата.
3. Може да се користат некои од понудените тврдења, за кои учениците треба да се согласат или не, како на пр.:
   - Сакам да имам другарче кое е постаро од мене.
   - Сакам да имам другарче кое гледа (наставникот кажува цртан филм или филм што е популарен кај децата).
   - Сакам да имам другарче кое им се потсмева на другите.
   - Сакам да имам другарче на кое можам да му верувам.
   - Сакам да имам другарче од Македонија што зборува на јазик различен од тој што го говорам јас.
4. По секој одговор, наставникот поттикнува кратка дискусија, прашувајќи ги учениците зошто така се определиле.
5. За тврдењето дали сакаат да имаат другарче што зборува на јазик различен од тој што го говорат, учениците се прашуваат дали имаат такво другарче и дали би сакале да се запознаат со ново другарче што зборува на јазик различен од тој што го говориме.

   Од учениците што имаат другарче што зборува на јазик различен од тој што го говорат, се бара да го споделат позитивното искуство од заедничкото другарување и да опишат како се запознале и дали се сè уште другари. (*Доколку во текот на оваа активност има ученици што ќе споделат негативно искуство со другарче од друга етничка заедница, наставникот умешно ќе треба да го постави ова искуство во контекст на можни позитивни решенија и продолжување на другарството.*)

   Наставникот го охрабрува ученикот да го претстави и да го запознае другарчето со другите ученици.

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. На учениците им се најавува дека ќе пишуваат состав со даден почеток на тема: „Јас и моето ново другарче – ние сме слични и различни“.
2. Потоа наставникот им објаснува дека секој ученик треба да си замисли дека бил на едно патување низ Македонија и дека се запознал и се спријателил со негов соученик што зборува на јазик различен од тој што го говори ученикот.
3. На учениците им се дава воведниот текст од работниот лист. Понатаму, им се даваат прашањата дадени во работниот лист, што треба да послужат како насоки за пишување на составот. За секоја точка се дава кратко објаснување за што треба да се пишува.

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

## ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. Се одредуваат парови и од нив се бара меѓусебно да ги прочитаат составите и да ги споделат своите размислувања и чувства додека го пишувале составот.
2. Се поттикнуваат учениците што сакаат да ги прочитаат своите состави пред целата паралелка.
3. Наставникот иницира разговор за рефлексија на активностите преку прашања, како на пример:
   - Како се чувствуваше додека го пишуваше составот со даден почеток?
   - Дали се соочуваше со тешкотија кога пишуваше за твоето замислено патување и новото другарче?
   - Кои се сличностите, а кои разликите меѓу тебе и твоето ново другарче?
   - Дали познаваш зборови на другите јазици што се зборуваат во Македонија и кои се тие зборови?
   - Опиши како би сакал да се одвива комуникацијата и дружењето кога би имал можност вистински да имаш другарче што зборува на јазик различен од тој што ти го говориш?
   - Што би сакал да научиш за игрите и обичаите на твоите врсници што зборуваат на јазик различен од тој што ти го говориш?
4. Составите од сите ученици се изложуваат на видливо место во училницата.

# РАБОТЕН ЛИСТ

## „Јас и моето ново другарче – ние сме слични и различни“

**Наставникот ги пополнува празните полиња во почетокот на расказот во зависност од јазикот на кој се одвива наставата во паралелката – замисленото другарче треба да зборува на јазик што е различен од јазикот на кој се одвива наставата во паралелката. Наставникот има слобода да формира групи на ученици во зависност од јазикот на кој зборува замисленото другарче.**

Моето ново другарче има 10 години, живее во ........................ и учи во основното училиште ...................................................................... на ................................ јазик. Тој/таа е ученик што многу сака да оди на училиште, да се дружи со своите другарчиња од училиштето и да запознава нови. Тој/таа живее во куќа, заедно со своите мајка, татко, баба, дедо и две сестри. Новото другарче има домашно милениче – кучето Арон. Неговите сестри и тој/таа често си играат со Арон во близина на нивната куќа.

**На учениците им се даваат следните насоки што ќе им помогнат во пишувањето на расказот:**

1. Напиши како се вика новото другарче.
2. Опиши како изгледа местото и куќата во која живее новото другарче.
3. Опиши како изгледа и како се однесува новото другарче во споредба со тебе.
4. Опиши ги своите омилени работи (храна, пијалак или пак некое хоби, како што се: музика, филм, игри, спорт или друго) и омилените работи на новото другарче.
5. Опиши по што сте слични, а по што сте различни со новото другарче.
6. Опиши како се разбиравте и како комуниciравте на различни јазици со новото другарче.

# 6

# ТЕАТАРОТ – УМЕТНОСТ НА НАШЕТО ЖИВЕЕЊЕ

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| ПЕТТО | МАЈЧИН ЈАЗИК | МЕДИУМСКА КУЛТУРА | ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА |

**НАСТАВНИ ЦЕЛИ**

Ученикот/чката да:

- се запознае со поимите сценографија и костимографија во театарска претстава (дали се соодветни со тематиката, дејствата, ликовите и сл.);
- го препознава редоследот на настаните во филм и театарска претстава.

**ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ**

Ученикот/чката да:

- се запознае со народните обичаи, традициите и фолклорот на етничките заедници во нашето непосредно опкружување;
- се запознае со вредностите на сопствената култура и особеностите на културите од нашето непосредно опкружување;
- препознава сличности и разлики меѓу луѓето од различни култури и на тој начин да ги воочува и да ги намалува постојните стереотипи и предрасуди во меѓусебните односи.

**РЕСУРСИ**

- Етнокатче.
- Проектор.
- Платно за проектирање.
- Филмска проекција на театарската претстава „Чорбаџи Теодос“.
- Работни листови 1, 2 и 3.

**ВРЕМЕ**

Два наставни часа од 40 минути.

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. На претходна подготовка за активноста, наставникот и учениците креираат етнокатче во кое има предмети што се дел од ромската и македонската традиција и култура.
2. Активноста започнува така што се разгледуваат предметите, облеките, фотографиите, постерите или другите елементи во етнокатчето, карактеристични за културата на Ромите и Македонците.
3. Потоа наставникот ги прашува учениците кои од овие предмети ги има во нивните домови или пак ги виделе на некое друго место и каде.
4. Ги охрабрува учениците да ги опишат предметите што непосредно ги виделе и да дадат свое мислење на која култура ѝ припаѓаат.
5. Со учениците се разговара за редоследот на настаните и случувањата во филм и тетарска претстава.
6. Преку бура на идеи се дефинираат поимите сценографија и костимографија во театарска претстава.
7. Потоа наставникот најавува дека бројни специфичности во народните обичаи, традиции и фолклор на етничките заедници, може да се забележат и преку анализа на костимографијата и сценографијата на театарската претстава од примерот на „Чорбаџи Теодос".

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

На учениците им се прикажува соодветна секвенца (по избор на наставникот) од филмска проекција на театарската претстава: „Чорбаџи Теодос" (види на следниот линк: https://www.youtube.com/watch?v=YYdwS9wW3AA)

Наставникот им го насочува вниманието на учениците за време на проекцијата на театарската претстава кон три аспекти:

- анализа на сценографијата и сите нејзини составни елементи во куќата од аспект на двете застапени култури во претставата, ромската и македонската;
- исто така, се анализира и костимографијата преку облеките од аспект на двете застапени култури во претставата, ромската и македонската, со сите нејзини дополнителни елементи;
- обичаите, како дел од македонската и ромската култура, исто така треба да биде предмет на интерес и анализа од страна на учениците.

1. Потоа учениците се делат во три групи со задача на хамер да ги опишат најзастапените и најкарактеристичните елементи во однос на:
   - **првата група:** сценографија (види работен лист 1);
   - **втора група:** костимографија (види работен лист 2);
   - **трета група:** обичаите (види работен лист 3).
2. Наставникот ги води учениците кон потенцирање на напредокот и толеранцијата во односите. Дава предлог во третата група учениците да ја земат предвид временската дистанца од еден век и да направат споредба во развојот и промената на обичаите помеѓу овие етнички заедници. Да дадат свое мислење дали тие се исти или има напредок во нивните меѓусебни односи.

| **ОПИС НА АКТИВНОСТА** | **ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА**<br>1. Се одредува по еден презентер во секоја група и потоа тие ги елаборираат своите проектни активности пред целата група и на тој начин групите меѓусебно си ги разменуваат своите согледувања и импресии.<br>2. Наставникот иницира разговор за рефлексија на активностите преку прашања, како на пример:<br>- Како ја доживеавте филмската проекција на театарската претстава „Чорбаџи Теодос"?<br>- Што ви остави најголем впечаток во однос на костимографијата, сценографијата, обичаите и текстот?<br>- Каде најдобро се согледува разликата на овие делови помеѓу двете култури? |
|---|---|

# РАБОТЕН ЛИСТ

## ГРУПА 1 – Сценографија 1

1. Проектната активност ја правите во рамките на сопствената група со задача на хамер да ги определите, подредите и да ги опишете најчестите и најкарактеристичните елементи во однос на сценографијата. Сценографија се дефинира како уметничка дисциплина за создавање амбиенти наменети за претстави. Претставува заедничка, усогласена замисла и на режисерот и на визуелниот уметник во врска со одредена сценска претстава или филм.

2. Анализирајте ја сценографијата и сите нејзини составни елементи карактеристични за македонската и ромската култура од аспект на:
   - облеката;
   - просторното уредување;
   - етноелементите;
   - карактеристичната музика, звук;
   - изведбата;
   - конструкциите.

# РАБОТЕН ЛИСТ ГРУПА 2 - Костимографија 2

1. Проектната активност ја правите во рамките на сопствената група со задача на хамер да ги определите, подредите и да ги опишете најчестите и најкарактеристичните елементи во однос на костимографијата. Костимографијата е дисциплина на цртање и креирање на костими за потребите на филмот, театарските претстави и другите сценски уметности.
2. Анализирајте ја костимографијата преку облеките карактеристични за македонската и за ромската култура од аспект на:
   - стилот на облекување;
   - начинот на облекување;
   - специфичните културни елементи;
   - специфичните етнички елементи;
   - специфичностите на облекување за историскиот и за социјалниот контекст.

# РАБОТЕН ЛИСТ ГРУПА 3 - Обичаи 3

1. Проектната активност ја правите во рамките на сопствената група со задача на хамер да ги определите, подредите и да ги опишете најчестите и најкарактеристичните елементи во однос на обичаите. Обичајот настанал како долготрајно повторување во општеството и претставува востановен начин на однесување што е карактеристичен за припадниците на една етничка заедница или култура. Неговата сила и постојаност се темелат на традицијата. Секоја кутура има свој систем на обичаи.
2. Анализирајте ги македонските и ромски обичаи, при тоа земете ја предвид временската дистанца од еден век и направете споредба во развојот и промената на обичаите помеѓу овие етнички заедници. Кое е вашето мислење, дали тие се исти или има напредок во нивните меѓусебни односи? Анализата ја правите во однос на:
   - културните навики;
   - моралните норми;
   - обичаите при венчавка;
   - обичаите при крштевка.

7

# НАШИТЕ ПРАЗНИЦИ

## ИНТЕГРИРАНО ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| ПЕТТО | ОПШТЕСТВО | НАШАТА ТАТКОВИНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | НАШАТА ТАТКОВИНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
| | МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | СЛУШАЊЕ МУЗИКА | ВОКАЛНИ, ИНСТРУМЕНТАЛНИ И ВОКАЛНО-ИНСТРУМЕНТАЛНИ МУЗИЧКИ ДЕЛА СО ОСНОВНИ ВИДОВИ ДИНАМИКА И ПРОМЕНА НА ДИНАМИКАТА |
| | ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ | ЛИКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ ВО ДИЗАЈНОТ |

| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да: |
|---|---|
| **Општество** | ▸ се запознае со карактеристиките на Република Македонија како држава во однос на химната, знамето и државните празници;<br>▸ ги запознае верските различности на населението во Република Македонија. |
| **Музичко образование** | ▸ развие способност за воочување и именување на основните видови динамика и постепените промени на динамиката во музичките дела. |
| **Ликовно образование** | ▸ воочува видови композиција;<br>▸ развива умешност за изработка на плакат. |

## ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ

Ученикот/чката да:

- зајакнува отворен пристап кон запознавање на особеностите на културите од непосредното опкружување;
- развива чувство на почит, емпатија, доверба и прифаќање на другите култури;
- гради вредности за меѓуетничка интегрираност во мултикултурно општество;
- развива вештини за комуникација и соработка што се потребни за интеракција со ученици од други култури.

## РЕСУРСИ

- Слики од државни и верски празници во Република Македонија.
- Календар на празници во Република Македонија, со електронска верзија на следниов линк: http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/Programa_nerabotni_2016.pdf.
- Химни на Македонија, Албанија, Србија, Турција и на Босна и Херцеговина (прилог).
- Весници со мотиви од прослава на религиски празници.
- Флип-хартија, колаж, ножици, лепак, хамер, плико x 4.

## ОПИС НА АКТИВНОСТА на наставниот час по Општество

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Учениците се делат во четири групи и на секоја група наставникот ѝ дава по едно плико со слики што симболизираат одреден државен или верски празник (слика од: велигденски јајца, новогодишна елка, бајрамска баклава, украсен град со знамиња по повод 8 Септември, зелени гранчиња за Ѓурѓовден, ден на пролетта итн.).
2. На учениците им се даваат инструкции да ги разгледаат сликите, да ги препознаат и да ги издвојат оние што се однесуваат на празниците што ги знаат (верски или државни).
3. По еден член од секоја група презентира по една слика и при тоа дава објаснување на следните прашања:
   - Како се вика празникот?
   - Кога, во кој временски период се празнува?
   - Како и на кој начин и со кои обележја се празнува празникот?

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Учениците се поделени во две големи групи и работат на определени задачи за Календарот на празници во Република Македонија, чија електронска верзија може да се најде на следниов линк: http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/Programa_nerabotni_2016.pdf
   - **Првата група** има задача од Календарот на празници во Република Македонија да ги издвои државните празници што ги празнуваат граѓаните на РМ.
   - **Втората група** ги пребарува и ги издвојува верските и националните празници на сите етнички заедници што живеат во РМ.
2. Во рамки на двете групи, учениците работат во парови и ги сумираат податоците. По завршување на активноста по еден претставник од групата ги споделува добиените информациите во другата група.
3. Добиените податоци од двете групи, наставникот ги бележи на флип-хартија.

| | |
|---|---|
| **ОПИС НА АКТИВНОСТА на наставниот час по Општество** | **ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА**<br>Се презентираат податоците од двете групи пред сите ученици и се отвора дискусија по следниве прашања:<br>▸ Колку неработни денови имаат граѓаните на РМ годинава?<br>▸ Зошто ги прославуваме овие празници?<br>▸ Дали знаевте дека ги прославуваме празниците и на другите етнички заедници?<br>▸ Што научивме ново денес? |
| **ОПИС НА АКТИВНОСТА на наставниот час по Музичко образование** | **ВОВЕДНА АКТИВНОСТ**<br>1. Активноста започнува со дискусија за предзнаењата за темпо во музиката.<br>2. Потоа, наставникот дава кратки информации за поимот динамика во музиката, видовите и постепените промени во динамиката на музичките дела.<br>3. Во продолжение се најавува дека во следниот дел од часот ќе се слушаат химни и ќе се определуваат темпото и динамиката.<br><br>**АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ**<br>1. Наставникот поведува разговор со учениците преку овие прашања:<br>▸ Дали секоја држава има своја химна? Дали ја знаеме химната на РМ?<br>▸ На какви настани се пее химната?<br>▸ Што вообичаено се опева во химната на некоја држава?<br>▸ Зошто при пеење на химна на некоја држава сите стојат исправено и се однесуваат со почит?<br>▸ Знаете ли како звучи химната на РМ?<br>▸ Сте слушнале ли химна на некоја друга држава?<br>2. Наставникот им соопштува на учениците дека во понатамошниот тек од часот ќе слушаат химни на државите од непосредното опкружување на РМ. Им објаснува дека овие држави не се случајно избрани, туку дека при изборот го имал предвид етничкиот состав на населението во Република Македонија и поврзаноста на одделните етнички заедници со некоја од овие држави. Со тоа им се потенцира дека освен припадноста кон нашата заедничка држава, етничките заедници се поврзани и со државите во кои живее мнозинското население со кое имаат заедничко потекло.<br>3. Учениците ги слушаат химните на Македонија, Албанија, Србија, Турција и на Босна и Херцеговина (види прилог) и заедно со наставникот се обидуваат да ги дефинираат разликите и сличностите на темпото и динамиката на овие химни. Тоа го прават така што по секоја проследена химна запишуваат во своите тетратки и споредуваат со темпото и динамиката на претходната химна.<br>4. Наставникот има задача да ги навраќа и да ги потсетува за да не се случи учениците да ја изгубат концентрацијата на последните изведби на химните.<br><br>**ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА**<br>1. Со сите ученици се поведува дискусија преку следните прашања:<br>▸ Какво темпо и динамика имаа делата што ги проследивме?<br>▸ Дали забележавте некаква сличност?<br>▸ Што е карактеристично за сите химни?<br>▸ Како треба да се однесуваме кога слушаме химна на нашата и на некоја друга држава? |

**ОПИС НА АКТИВНОСТА на наставниот час по Ликовно образование**

ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Учениците се потсетуваат на видовите празници што се празнуваат во Република Македонија.
2. Потоа, заедно со наставникот ги определуваат религиските празници, како Велигден, Курбан бајрам, Ѓурѓовден.
3. Наставникот најавува дека во следната активност учениците ќе изработуваат мотиви со елементи на празнување на овие празници.

АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Учениците работат во шест групи, при што секоја група добива комплет од материјали за изработка (весници со мотиви од прослава на религиски празници, колаж, ножици, лепак, хамер).
2. Секоја група треба да ја покаже својата креативност во заедничката работа, во која имаат задача на хамер да создадат композиција на мотиви со елементи на прослава на сите три празници на едно место, и тоа:
   - **првата и втората група** ќе работат на тема храна;
   - **третата и четвртата група** ќе работат на тема облека;
   - **петата и шестата група** ќе работат на тема обреди и ритуали.
3. За време на работата во групи, во позадина се слушаат химните на Македонија, Албанија, Србија, Турција и на Босна и Херцеговина.

ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. По еден претставник од групата ја презентира заедничката изработка и потоа сите шест изработки ги изложуваат на видливо место во холот на училиштето.
2. По завршувањето на часовите, учениците од ова одделение ќе се обидат содржината на своите изработки да ја презентираат и да ја доближат пред своите соученици од истото училиште.

# ПРИЛОГ

## Линкови до химни на Македонија, Албанија, Србија, Турција и Босна и Херцеговина

**Химна на РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
https://en.wikipedia.org/wiki/Denes_nad_Makedonija

**Химна на АЛБАНИЈА**
https://bs.wikipedia.org/wiki/Himni_i_Flamurit

**Химна на СРБИЈА**
https://en.wikipedia.org/wiki/Bo%C5%BEe_pravde

**Химна на ТУРЦИЈА**
https://en.wikipedia.org/wiki/%C4%B0stikl%C3%A2l_Mar%C5%9F%C4%B1

**Химна на БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА**
https://en.wikipedia.org/wiki/National_Anthem_of_Bosnia_and_Herzegovina

# КИЛИМИТЕ ВО НАРОДНОТО ТВОРЕШТВО

8

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
| --- | --- | --- | --- |
| ШЕСТО | ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | СЛИКАЊЕ | ЛИКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ, СРЕДСТВА ЗА СЛИКАЊЕ И НИВНА УПОТРЕБА |

## НАСТАВНИ ЦЕЛИ

Ученикот/чката да:

- се запознае со поимите на симетрија и асиметрија преку декоративните мотиви на килимите;
- се оспособи за креативна реализација на симетрија и асиметрија со примена на тонско степенување;
- реализира тонска скала со хроматски и ахроматски бои, соодветни на боите што се појавуваат на килимите создадени од припадниците на заедниците што живеат во Република Македонија.

## ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ

Ученикот/чката да:

- го зајакнува чувството за вредноста на сопствената култура и да развива позитивен културен идентитет;
- го зајакнува чувството на отвореност кон запознавање на особеностите на културите што се среќаваат на различни простори и имаат различни особености;
- го развива чувството на почит, емпатија, доверба и прифаќање на другите култури што не се среќаваат во Република Македонија, потенцирајќи ги придобивките од нив.

## РЕСУРСИ

- Фотографии на кои се претставени килими (прилог).
- Темперни бои.
- Водени бои.
- Молив и хартија за цртање.

## ВРЕМЕ

Еден наставен час од 40 минути.

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Часот започнува со дискусија во однос на изработката на рачни уметнички творби што во минатото биле дел од дејноста на жените, преку следните прашања:
   - Дали знаете како се изработувале рачните уметнички творби во минатото?
   - Кој бил задолжен за нивно изработување во семејството?
   - Можете ли да наброите некои од нив?
2. Доколку учениците не се сетат на килимите, тогаш наставникот истакнува дека покрај практичната функција на килимите, тие се израз и на уметничкиот дух на жените што ги ткаеле. Тие во нив внесувале соодветни декоративни елементи, чии мотиви и бои длабоко се поврзани со начинот на живот на заедницата на која ѝ припаѓале. Преку ова објаснување наставникот ја најавува активноста што следува.

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. На учениците им се презентираат фотографии (види прилог) на кои се претставени килими, традиционално изработени од претставници на албанската, влашката, турската и на македонската заедница.
2. При презентацијата, наставникот поставува прашања:
   - Кои се доминантните мотиви на килимите?
   - Дали се тоа природни форми, фигури или се дел од имагинацијата на авторот?
   - Кои мотиви се карактеристични, односно подоминантни за секоја поединечна заедница?
3. Потоа ги насочува учениците да ја разгледаат поставеноста на декоративните елементи во однос на тоа дали се централно поставени, дали доминира еден елемент и како другите се поставени во однос на елементот што доминира. Учениците треба да препознаат оска на симетрија или точка што создава баланс во однос на елементите.
4. Потоа им ги поставува следните прашања:
   - Кои бои се употребени во секоја од наведените етнички заедници?
   - Кои се доминатните мотиви кај килимите во секоја од споменатите заедници?
   - Можеме ли да направиме споредба кои бои се повторуваат на килимите кај сите заедници? Дали е истата боја или се различни нијанси на една боја?
5. Учениците имаат задача индивидуално да направат цртеж со сопствена креација на килим, кој ќе биде комбинација од доминатните мотиви и бои од прикажаните примери на килими од сите заедници во Република Македонија. Оваа задача има за цел учениците да ги извлечат заедничките карактеристики на народното творештво на етничките заедници што живеат во Република Македонија.

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

## ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. Кога ќе завршат со цртањето, дел од учениците, кои доброволно ќе се јават, ги презентираат своите цртежи и при тоа даваат одговор на следните прашања:
   - Кои елементи се одбрани за самиот цртеж?
   - Кои се доминантни бои на цртежот?
   - Кај кои заедници се среќаваат елементите и боите?
   - Кои се разликите во однос на одделните етнички заедници?
   - Дали ученикот/ученичката направил нешто поразлично (употребил друга нијанса, видоизменил мотив)?
   - На кој начин се поставени декоративните елементи – дали има симетрија?
   - На кои од видовите килими од етничките заедници наликуваат килимите од вашиот дом?

# ПРИЛОГ

Фотографии од килими традиционално изработени од албанската, влашката, турската и македонската заедница



МАКЕДОНСКИ КИЛИМ



АЛБАНСКИ КИЛИМ



ТУРСКИ КИЛИМ



ВЛАШКИ КИЛИМ

# СТАРОГРАДСКА АРХИТЕКТУРА

9

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
| --- | --- | --- | --- |
| ШЕСТО | ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | СЛИКАЊЕ | ЛИКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ, СРЕДСТВА ЗА СЛИКАЊЕ И НИВНА УПОТРЕБА |

**НАСТАВНИ ЦЕЛИ**

Ученикот/чката да:

- ги разбира и да ги применува карактеристиките на цртежот како скица и како самостоен ликовен израз;
- се запознава со начините на претставување на илузија на тродимензионален простор, релативна големина на објектите, воздушна линија.

**ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ**

Ученикот/чката да:

- се запознава со елементите на староградската македонска аритектура, специфична за градовите: Велес, Тетово, Крушево, Охрид и Битола, кои го отсликуваат мултикултурализмот, соживотот и заедничката традиција во нашата држава;
- разликува елементи што се карактеристични за домувањето на заедниците што живеат во Република Македонија;
- развива отворен пристап за запознавање на особеностите на културите од непосредното опкружување;
- гради вредности за меѓуетничка интегрираност во мултикултурно општество.

**РЕСУРСИ**

- Фотографии на кои е прикажана староградска архитектура (прилог).
- Молив.
- Хартија за цртање.

**ВРЕМЕ**

Еден наставен час од 40 минути.

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Наставникот ги прашува учениците кои се нивните први асоцијации кога ќе го слушнат зборот староградска архитектура.
2. Од добиените асоцијации се резимира дека овој поим се поврзува со посебната пракса на градење во 19-тиот век во Македонија.
3. Во однос на видовите градби што се јавувале во тој период, на часот се акцентираат градбите за домување.
4. Се даваат објаснувања дека секоја градба во себе го задржува индивидуалниот печат на семејството што живее, односно домува, но во начинот на градба, како и во распоредот на просториите се почитуваат навиките што заедницата на која ѝ припаѓа семејството ги има внесено во својот културен идентитет.

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Учениците работат во пет групи.
2. Секоја група добива соодветни материјали/фотографии (види прилог) каде е прикажана староградска архитектура за градовите: Велес, Тетово, Крушево, Охрид и Битола.
3. Учениците во рамките на својата група имаат за задача да ја разгледаат формата на куќите, основата, големината, изгледот, боите, етноелементите и нивната поставеност во однос на другите објекти на улицата.
4. Добиените информации од спроведената анализа учениците треба да ги искористат за следната задача.
5. Во рамките на своите групи, учениците треба да направат серија на цртежи (репродукција), претставувајќи ја куќата како што е поставена во реалниот простор.

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. Следува презентација на цртежите по групи.
2. Учениците ги претставуваат цртежите, ги истакнуваат информациите што ги преземале од материјалите.
3. Потоа ги споредуваат цртежите од другите групи и ги дефинираат сличностите што произлегуваат од заедничкото живеење на ист простор.
4. Потоа ги споредуваат и разликите што се јавуваат во изградбата на домовите кај различните етнички заедници што живеат во Република Македонија.
5. Притоа со помош на наставникот добиваат информации дека архитектонските решенија се резултат на социјалната положба на семејствата и градовите, кои во минатото имале допир со европските тенденции, коишто ги пренесувале во Република Македонија.

# ПРИЛОГ

## Фотографии на кои е прикажана старградска архитектура за градовите: Велес, Тетово, Крушево, Охрид и Битола



СТАРОГРАДСКА АРХИТЕКТУРА ВО ВЕЛЕС



СТАРОГРАДСКА АРХИТЕКТУРА ВО ТЕТОВО



СТАРОГРАДСКА АРХИТЕКТУРА ВО КРУШЕВО



СТАРОГРАДСКА АРХИТЕКТУРА ВО ОХРИД



СТАРОГРАДСКА АРХИТЕКТУРА ВО БИТОЛА

# АРХИТЕКТОНСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РЕЛИГИОЗНИТЕ ОБЈЕКТИ

10

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
| --- | --- | --- | --- |
| ШЕСТО | ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | РАБОТА СО МАТЕРИЈАЛИ И КОНСТРУИРАЊЕ | АРХИТЕКТУРАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |

| | |
| --- | --- |
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>▸ ја осознае македонската архитектура, карактеристики, значење;<br>▸ ги препознава различните изведби на објектите (религиозни) карактеристични за заедниците што живеат во Република Македонија |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>▸ го зајакнува чувството на отвореност за запознавање на особеностите на религиските објекти на претставниците на различните религии во непосредното опкружување;<br>▸ развива чувство на почит и емпатија кон религиските објекти што се одраз на традицијата што опстојува со векови на овие простори;<br>▸ гради вредности за меѓуетничка интегрираност во мултикултурно општество, во кое религијата е битен сегмент во културата. |
| **РЕСУРСИ** | ▸ Фотографии од архитектура на верски објекти во Република Македонија (прилог).<br>▸ Компјутери.<br>▸ Интернет.<br>▸ Стручна литература. |
| **ВРЕМЕ** | Еден наставен час од 40 минути. |

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Користејќи ја техниката грозд, наставникот поведува дискусија во однос на тоа што подразбираат учениците под поимот култура.
2. Притоа, наставникот ги поттикнува учениците да го разгледаат поимот во најширока смисла – како начин на живот. Во таа насока, наставникот објаснува дека секоја заедница креира сопствен начин на живот со свои специфични карактеристики. Значајна карактеристика на една заедница претставува и начинот на кој се практикува религијата.
3. Потоа, наставникот објаснува дека за реализација на специфичниот начин на живот заедниците градат објекти кои ја претставуваат културата и со прашања ги поттикнува учениците да наведат различни културни заедници во Република Македонија и да ги поврзат со религиската припадност. Секоја од дефинираните религии се поврзува со соодветен објект преку фотографии (види прилог) од познати религиски објекти во Македонија.

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Учениците се делат во три групи, според религиите што се најзастапени во Република Македонија и работат според следниве насоки:
   - Првата група се насочува да истражува за манастирите и црквите во Македонија, притоа се нагласува да се направи периодизација на изградбата на објектите (се насочува да истражува за цркви што се ранохристијански базилики, како и цркви што се изградени во 20-тиот и 21-виот век) во споредба со основните елементи, основата на црквата, поставеноста на олтарот, куполите, фреските.
   - Втората група се насочува кон споредување на католичката црква во Скопје со католичките црвки во светот, со акцент поставен на основата на црвата, реализациите на таванот, поставеноста на олтарот и оргулите и витражите.
   - Третата група истражува за џамиите во Македонија. Прави периодизација според времето на градба и ги воочува основните елементи, основата на градбата, кибата, декорациите и поставеноста на минарињата. Исто така, на учениците им се посочува да направат разлика помеѓу Шарената џамија и џамиите што се градени во поново време.
2. Сите групи со помош на интернет-пребарувач бараат податоци за темата што им е зададена во рамки на групата.
3. Учениците работат во своите групи, истражуваат, ги зачувуваат пронајдените информации во посебна електронска папка, ги анализираат, ги селектираат потребните информации и се подготвуваат за презентација.

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. Учениците презентираат и потоа со помош на наставникот разговараат за сличностите и разликите во однос на архитектонските карактеристики на објектите според следните прашања:
   - Кои карактеристики се слични, а кои различни за објектите што ги анализиравте?
   - Дали сте сретнале вакви објекти во вашето опкружување и дали сте посетиле некој од нив?
   - Како се чувствувавте додека ги анализиравте фотографиите?



СОБОРЕН АРХИЕПИСКОПСКИ ХРАМ НА МАКЕДОНСКАТА
ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ



ШАРЕНА ЏАМИЈА (ПАШИНА ЏАМИЈА) – ТЕТОВО



КАТЕДРАЛНА ЦРКВА „ПРЕСВЕТО СРЦЕ ИСУСОВО“ – СКОПЈЕ

# ОД ИДЕЈА ДО РЕАЛИЗАЦИЈА

11

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| ШЕСТО | ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | РАБОТА СО МАТЕРИЈАЛИ И КОНСТРУИРАЊЕ | ОД ИДЕЈА ДО РЕАЛИЗАЦИЈА (ДИЗАЈН НА ПРОИЗВОД НА КОЈ ИМА ВЕЗОВИ) |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>▸ истражува современи решенија за дизајнирање преку компјутерски апликации;<br>▸ умее естетски да обликува и да дизајнира;<br>▸ развива вештини за техничко творештво. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>▸ ги продлабочува знаењата за обележјата на традиционалните везови (доминантни мотиви, шари, бои) кај различните заедници што живееат во Македонија;<br>▸ развива отворен пристап за запознавање на историските и културолошките специфики на етничките заедници од сопственото опкружување;<br>▸ го зајакнува чувството за вредноста на сопствената култура и да развива позитивни ставови кон културниот идентитет на етничките заедници во Република Македонија. |
| **РЕСУРСИ** | ▸ Компјутери и соодветна компјутерска апликација.<br>▸ Фотографии од традиционални везови (прилог). |
| **ВРЕМЕ** | Еден наставен час од 40 минути. |

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Часот започнува со најавување на темата – постапката на везење како начин на создавање на уметнички креации. Потоа наставникот ги прашува учениците дали пробале некогаш да направат вез или пак дали виделе некој што везе.
2. Низ разговорот ги поттикнува учениците да го дефинираат традиционалниот вез на својата етничка заедница и да ги дефинираат неговите доминантни бои.
3. Потоа, наставникот објаснува дека везот со доминантните мотиви, шари и бои длабоко е поврзан со идентитетот на заедниците и со декоративната функција. Имено, кога тој се аплицира на материјали, ја зголемува вредноста на прозводот, односно го прави да е оригинален и автентичен.

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Учениците работат во парови.
2. Секој пар користи материјали со фотографии во боја (види прилог) на кои поединечно се претставени традиционалните везови на заедниците во Македонија.
3. Од учениците се бара да ги проучат доминантните карактеристични мотиви, шари и бои за секоја заедница.
4. Секој пар со помош на компјутерски алатки прави сопствен дизајн на вез, кој во себе ќе содржи елементи од секој поединечен традиционален вез.
5. Паровите добиваат задача дизајнираниот вез електронски да го аплицираат на производ (по сопствен избор, тоа може да биде чанта, кошула, марама, накит...) што ќе го брендираат како македонски производ.

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. Паровите го презентираат сопствениот производ, акцентирајќи ги материјалите од кои е направен и објаснувајќи ги елементите што се инкорпорирани во дизајнот за везот.
2. Потоа наставникот поведува дискусија во однос на прашањата:
   - Што научивте за карактеристиките на традиционалните везови на заедниците во Македонија?
   - Кои се карактеристичните елементи на секој од нив?
   - Како го доживеавте процесот на осмислување на производот?
   - Која фаза ви беше најинтересна?
   - Кои беа проблемите со кои се соочивте?
3. Сите заедно извлекуваат заклучок од дискусијата дека сличностите што се среќаваат во везовите ја дефинираат поврзаноста на заедниците што живеат во Република Македонија. Затоа секоја комбинација на специфични елементи во еден интегриран дизајн се развива во специфичен производ, кој секогаш може да се нарече – вистински македонски производ.



МАКЕДОНСКИ ВЕЗ



АЛБАНСКИ ВЕЗ



ТУРСКИ ВЕЗ



СРПСКИ ВЕЗ

# КАКО ПОДОБРО ДА КОМУНИЦИРАМЕ?

12

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
| --- | --- | --- | --- |
| ШЕСТО | МАЈЧИН ЈАЗИК | ЛИТЕРАТУРА И ЛЕКТИРА – ПРОЗА ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ – УСНО ИЗРАЗУВАЊЕ | РАЗГОВОРОТ КАКО ВИД НА КОМУНИКАЦИЈА |

| | |
| --- | --- |
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>• учествува во дискусии како комуникациски дијалог;<br>• употребува соодветни зборови за културна комуникација. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>• развива вештини за комуникација и за соработка што се потребни за интеракција со учениците од други култури;<br>• гради вредности за меѓуетничка интеграција во мултикултурно општество. |
| **РЕСУРСИ** | • Работни листови. |
| **ВРЕМЕ** | Два наставни часа од 40 минути. |

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Наставникот ги поттикнува учениците да размислат и да споделат свое искуство кога бранеле свое мислење за несогласување или неприфаќање на идеи на одредена тема (пр. каде да се оди на екскурзија; избор на тема за нов проект и сл.). Ги прашува како се чувствувале во таква ситуација.
2. Од учениците се бара да дадат идеи за правила што придонесуваат за заемно почитување за време на дијалог, кога секој може да го искажува сопственото мислење и при тоа да се избегнува навредување, исмевање и критикување (на пример нарекување со погрдни имиња, припишување на негативни особини и сл.).
3. Предлог-идеите на учениците се пишуваат на табла.

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. На учениците им се дава работниот лист 1 во кој се дадени основните правила на дијалог. Наставникот ги чита основните правила на глас. Од учениците се бара да ги споредат правилата со идеите што самите ги предложиле и доколку има потреба може да додадат нови или да ги променат постојните.
2. Учениците се делат во мали групи и им се дава работниот лист 2. На учениците им се презентира работниот лист во кој се дадени насоки како да се работи на сценарија со дијалог во кои има ситуации на несогласување со идеите од страна на другите, навредување или омаловажување што предизвикува непријатни чувства кај другиот. На учениците им се даваат насоки дека треба да ги користат правилата на дијалогот, кои заеднички ги усогласија во воведната активност.
3. Од учениците од секоја група се бара да го прочитаат своето сценарио, да одговорат на прашањата од работниот лист и тоа, прво да го идентификуваат проблемот во однесувањето, а потоа да го запишат основното правило што ќе го превенира проблемот во однесувањето. Учениците имаат 10 минути за работа.

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. По зршувањe на задачата, секоја група гласно го чита сценариото, одговорите на прашањата и основното правило што го напишале.
2. По читањето на сценаријата од сите групи, наставникот поведува дискусија за употребата и за корисноста на правилата за продолжување на дијалогот, кога станува збор за критична тема.

На учениците им се поставуваат следните прашања за рефлексија:

1. Дали сметате дека може да ги применувате овие основни правила во секојдневната комуникација? Зошто да или зошто не?
2. Дали овие основни правила може да ви помогнат успешно да водите вербална дискусија во одделението и во комуникација со другите? Зошто да или зошто не?
3. Кои се придобивките за целата паралелка од користење на основните правила во секојдневната комуникација со своите соученици?

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

4. Дали треба да имате добра комуникација и однесување со сите, дури и кога некоја личност не ви е посебно омилена?
5. Каква комуникација треба да имате со припадниците на друга етничка заедница и култура различна од вашата (примерот со ситуацијата 5)?
6. Дали сте биле во ситуација да имате различно мислење од своите врсници околу почитувањето и прифаќањето на другите, без разлика на нивната култура или етничка припадност?
7. Како би се справиле со ситуацијата кога вашиот најдобар другар би ве нападнал/осудил затоа што се дружите со соученик од друга култура или етничка припадност?

# РАБОТЕН ЛИСТ 1 — Основни правила за дијалог/вербална дискусија

1. Почитувај го правото на другите да имаат свое мислење и ставови што се различни од твоите!
2. Критикувај ги идеите, не луѓето!
3. Внимателно слушај го она што другите го говорат, дури и кога не се согласуваш со тоа! Коментарите што ги даваш (поставување прашања за појаснување, критичко гледање на работите, проширување на темата и сл.) треба да бидат одраз на тоа дека внимателно си ги следел коментарите на другите.
4. Биди учтив – не упаѓај во збор и избегнувај какви и да било разговори додека другите зборуваат!
5. Почитувај ги мислењата на другите луѓе (наместо да даваш судови), кога тие се разликуваат од твоите!

# РАБОТЕН ЛИСТ 2 — Сценарија

## ГРУПА 1

*Прочитајте го сценариото со проблемска ситуација и прашањата на кои треба да дадете одговор. При тоа треба да ги имате предвид правилата за дијалог/вербална дискусија дадени во работниот лист 1. Имате 10 минути време за работа, а потоа секоја група ќе го прочита своето сценарио и ќе ја презентира својата работа.*

**Сценарио –** На одделенскиот час учениците предлагаат теми за новиот проект. На предлогот на Сара темата да биде „Почитување на другите и недискриминација", како резултат на зачестени примери на нееднаков третман и нефер однесување меѓу учениците во училиштето, Марија ѝ се обраќа: „Како можеш да предложиш таква идеја којашто е само губење време. Тоа е сложена тема за којашто ние како ученици би можеле нешто да промениме."
Сара не се чувствува убаво и се повлекува од идејата.

**Проблем –** Дали обраќањето на Марија е соодветно? Зошто да или зошто не? Дали сметате дека таа сфатила дека ги повредила чувствата на Сара?

На кој начин Марија можеше да го искаже своето мислење за предлогот на Сара, без да го омаловажи и да го отфрли нејзиниот предлог? Напишете што можеше таа да каже...

**Правило –** Објаснете го правилото за **почитување на мислењето на другите**...

### ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА ВО МАЛИТЕ ГРУПИ

1. Дали сметате дека може да се придржувате кон овие основни правила? Зошто да или зошто не?
2. Што треба да направиме, доколку некој ги прекрши основните правила?
3. Дали овие основни правила може да ви помогнат послободно да се изразувате со вашите врсници? Зошто да или зошто не?

## ГРУПА 2

*Прочитајте го сценариото со проблемска ситуација и прашањата на кои треба да дадете одговор. При тоа треба да ги имате предвид правилата за дијалог/вербална дискусија дадени во работниот лист 1. Имате 10 минути време за работа, а потоа секоја група ќе го прочита своето сценарио и ќе ја презентира својата работа.*

**Сценарио –** Додека групата работи на бура на идеи во врска со акцијата за уредување на дворот во училиштето, што се работи заедно со локалната заедница, Бојан предлага: „Можеме да направиме фонтана." На Тереза не ѝ се допаѓа идејата и таа со потсмев му одговара: „Толку си глупав Бојан, како не гледаш дека не можеме да набавиме алат за работа и да обезбедиме садници, а ти предлагаш фонтана."

**Проблем –** Зошто Тереза го исмева Бојан? Дали сметате дека таа сфати дека ги повреди неговите чувства? Како Тереза можеше да даде критички коментар на предлог-идејата на Бојан без лично да го навреди? Напишете што можеше таа да каже...

**Правило –** Објаснете го правилото за **критикување на идеи**, а не за луѓето...

### ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА ВО МАЛИТЕ ГРУПИ

1. Дали сметате дека може да се придржувате кон овие основни правила? Зошто да или зошто не?
2. Што треба да направиме, доколку некој ги прекрши основните правила?
3. Дали овие основни правила може да ви помогнат послободно да се изразувате со вашите врсници? Зошто да или зошто не?

## ГРУПА 3

*Прочитајте го сценариото со проблемска ситуација и прашањата на кои треба да дадете одговор. При тоа треба да ги имате предвид правилата за дијалог/вербална дискусија дадени во работниот лист 1. Имате 10 минути време за работа, а потоа секоја група ќе го прочита своето сценарио и ќе ја презентира својата работа.*

**Сценарио –** Ашела објаснува дека нејзиното семејство најдобро го учи македонскиот јазик со гледање телевизија и дружење со соседите. Таа објаснува дека тие редовно се собираат со неколку други семејства Бошњаци и тогаш зборуваат на сопствениот јазик. Стефан ја прекинува и вели: „Нема никогаш да научите македонски ако дома зборувате само на бошњачки јазик."

**Проблем –** Стефан, кој дел од приказната на Ашела го игнорирал или не го разбрал? Зошто тој претпоставил дека нејзиното семејство дома не зборува македонски?

Со кое прашање Стефан можеше да ѝ се обрати на Ашела со што ќе му беше појасна ситуацијата на нејзиното семејство, отколку да претпостави дека тие дома не зборуваат македонски? Напиши што можел тој да каже...

**Правило –** Објаснете го правилото за **внимателно слушање на соговорникот и поставување прашања,** доколку нечија приказна не ти е јасна...

### ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА ВО МАЛИТЕ ГРУПИ

1. Дали сметате дека може да се придржувате кон овие основни правила? Зошто да или зошто не?
2. Што треба да направиме, доколку некој ги прекрши основните правила?
3. Дали овие основни правила може да ви помогнат послободно да се изразувате со вашите врсници? Зошто да или зошто не?

## ГРУПА 4

*Прочитајте го сценариото со проблемска ситуација и прашањата на кои треба да дадете одговор. При тоа треба да ги имате предвид правилата за дијалог/вербална дискусија дадени во работниот лист 1. Имате 10 минути време за работа, а потоа секоја група ќе го прочита своето сценарио и ќе ја презентира својата работа.*

**Сценарио –** Додека новиот ученик го објаснува начинот како дошол до решението на проблемската задача по математика што го научил во претходното училиште, Петар и Иван тивко шепотат за фудбалскиот натпревар. Кога новиот ученик излегува пред табла да ја реши задачата, Петар извикува: „Тоа не е начинот на којшто се решава ваква задача, во какво ли училиште си одел?", а Иван се смее.

**Проблем –** Дали мислиш дека новиот ученик забележал дека неговите соученици шепотеа додека тој зборуваше? Дали по оваа случка новиот ученик ќе сака да се дружи со Петар и Иван? Како ќе го опишете однесувањето на Петар и Иван?

Кои основни правила Петар и Иван не ги почитуваат?...

**Правило –** Објаснете го правилото за **неупаѓање во збор и избегнување какви и да било разговори додека другите зборуваат**...

### ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА ВО МАЛИТЕ ГРУПИ

1. Дали сметате дека може да се придржувате кон овие основни правила? Зошто да или зошто не?
2. Што треба да направиме, доколку некој ги прекрши основните правила?
3. Дали овие основни правила може да ви помогнат послободно да се изразувате со вашите врсници? Зошто да или зошто не?

## ГРУПА 5

*Прочитајте го сценариото со проблемска ситуација и прашањата на кои треба да дадете одговор. При тоа треба да ги имате предвид правилата за дијалог/вербална дискусија дадени во работниот лист 1. Имате 10 минути време за работа, а потоа секоја група ќе го прочита своето сценарио и ќе ја презентира својата работа.*

**Сценарио –** Влатко и Едис се подготвуваат за промовирање на видеофилм за Старата Чаршија што ќе се одржи во турскиот театар. Темата е заживување на Старата Чаршија и зголемување на посетителите. На другарите на Влатко не им се допаѓа темата, затоа што се однесува на Старата Чаршија, а Филип му коментира на Влатко пред сите: „Никој од друштвото нема да дојде на промоцијата затоа што темата е за Старата Чаршија, а и другарите на Едис мислат дека Македонец не може да го долови животот на занаетчиите и трговците, кои претежно се Турци и Албанци."

**Проблем –** Зошто Филип ја омаловажува идејата со видеофилмот? Кои претпоставки ги прави Филип? Дали тие претпоставки се точни?

Како Филип можеше да реагира без да ја омаловажува идејата за видеофилмот? Напиши што можеше тој да каже...

**Правило –** Објаснете го правилото за **неосудување на идеите на другите луѓе кои се разликуваат од твоите...**

### ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА ВО МАЛИТЕ ГРУПИ

1. Дали сметате дека може да се придржувате кон овие основни правила? Зошто да или зошто не?
2. Што треба да направиме, доколку некој ги прекрши основните правила?
3. Дали овие основни правила може да ви помогнат послободно да се изразувате со вашите врсници? Зошто да или зошто не?

# 13

# КОИ СМЕ НИЕ ВО МАКЕДОНИЈА?

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
| --- | --- | --- | --- |
| СЕДМО | ГЕОГРАФИЈА | СОЦИОГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |

| | |
| --- | --- |
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>- се запознае со динамиката на зголемување на населението во Република Македонија низ пописите;<br>- ги разликува реоните со поголема и помала густина на населението, како и природниот прираст и причините;<br>- го класифицира населението преку пол, старост, образование, економска, етничка и др. структура. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>- се запознае со бројот и видот и да ги воочува демографските карактеристики на етничките заедници во Република Македонија;<br>- се запознава и да гради вредности за меѓуетничка интегрираност во мултикултурно општество. |
| **РЕСУРСИ** | - Работни листови.<br>- Компјутерска технологија.<br>- Интернет-мрежа.<br>- ЛЦД-проектор.<br>- Дигитална содржина. |
| **ВРЕМЕ** | Два наставни часа од 40 минути. |

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Наставникот започнува дискусија преку следните прашања:
   - Кои етнички заедници живеат во Македонија?
   - Кои јазици се зборуваат во Република Македонија?
   - Каква е нашата држава, дали е монокултурна или мултикултурна?
2. Преку презентација на кратка дигитална содржина подготвена од наставникот, учениците се запознаваат со динамиката на зголемување на населението во Република Македонија низ пописите, притоа го класифицираат населението преку пол, старост, образование, економска, етничка и друга структура. Се демонстрираат реоните со поголема и помала густина на населението, како и природниот прираст и причините, а истовремено се претставуваат реоните со изразена хомогеност на населението од една етничка заедница и реоните со мултиетничка населеност.

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Учениците се делат во седум мали групи.
2. Секоја група добива по еден примерок од работниот лист на кој има табела со три колони: Знам, Сакам да знам и Учам (ЗСУ) и седум редови во кои се напишани најзастапените етнички заедници во Република Македонија.
3. Во овој дел од часот групите ги пополнуваат првите две колони и сите редови. Истовремено наставникот црта иста таква табела на таблата за да може да ги сумира и да ги евидентира сознанијата и потребите на учениците за знаења во врска со етничките заедници во Република Македонија.
4. Во понатамошниот тек од активноста групите добиваат задача да истражуваат за конкретна етничка заедница и притоа да се водат од податоците на групите во втората колона и конкретните насоки дадени од наставникот, а се однесуваат на следните прашања:
   - Какви се демографските карактеристики според: бројот, местото на живеење, старосната структура, полот, образованието и економската моќ во етничката заедница за која истражува вашата група?
   - Дали има динамика на зголемување на населението во етничката заедница за која истражува вашата група?
   - Каква густина на население има етничката заедница за која истражува вашата група?
     - » **Првата група** истражува за Албанците.
     - » **Втората група** истражува за Турците.
     - » **Третата група** истражува за Ромите.
     - » **Четвртата група** истражува за Македонците.
     - » **Петтата група** истражува за Власите.
     - » **Шестата група** истражува за Србите.
     - » **Седмата група** истражува за Бошњаците.
5. Наставникот им посочува веб-локации или соодветна стручна литература каде што учениците можат да ги најдат податоците:
   - www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_demografska.doc
   - www.igeografija.mk/Portal/?p=3093
   - www.stat.gov.mk
   - https://mk.wikipedia.org/wiki/Географија_на_Македонија
6. Доколку нема време на првиот час да се реализира истражувањето, наставникот го задава како домашна задача, а на следниот час учениците го презентираат.

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

**ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА**

1. Групите ја пополнуваат последната колона од својата табела.
2. Ги презентираат сознанијата до кои дошле во текот на истражувањето за конкретната етничка заедница и ги споделуваат предизвиците со кои се соочиле во текот на истражувањето.
3. Дискутираат околу следните прашања:
   - Кои етнички заедници го сочинуваат македонското мултикултурно општество?
   - Какви се нивните демографски карактеристики?
   - Според добиените податоци, можеме ли да добиеме информации за интеракција во одредени демографски реони?
   - Што научивме за мултикултурното општество?
   - Која етничка заедница има најголема, а која најмала густина на населението и од што зависи тој процес?
   - Какви се вашите впечатоци од истражувањето? Дали сега сте поотворени за подобро запознавање на етничките заедници што живеат во Република Македонија?

# РАБОТЕН ЛИСТ Табела со три колони

| Табела ЗСУ | ЗНАМ Што мислиме дека знаеме? | САКАМ ДА ЗНАМ Што сакаме да научиме? | УЧАМ Што научивме? |
|---|---|---|---|

1. При пополнување на табелата водете се според наведените прашања:
   - Какви се демографските карактеристики според: бројот, местото на живеење, старосната структура, полот, образованието и економската моќ во етничката заедница за која истражува вашата група?
   - Дали има динамика на зголемување на населението во етничката заедница за која истражува вашата група?
   - Каква густина на население има етничката заедница за која истражува вашата група?
2. За да ја пополните третата колона, користете ги следните веб-локации:
   - www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_demografska.doc
   - www.igeografija.mk/Portal/?p=3093
   - www.stat.gov.mk
   - https://mk.wikipedia.org/wiki/Географија_на_Македонија

| | | | |
|---|---|---|---|
| Албанци | | | |
| Турци | | | |
| Роми | | | |
| Македонци | | | |
| Власи | | | |
| Срби | | | |
| Бошњаци | | | |

# ИСЛАМОТ И ХРИСТИЈАНСТВОТО

14

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| СЕДМО | ИСТОРИЈА | СВЕТОТ И ЕВРОПА ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК | ПОЈАВА НА ИСЛАМОТ – ЧАС ЗА ПОВТОРУВАЊЕ |

**НАСТАВНИ ЦЕЛИ**

Ученикот/чката да:

- ги примени претходно стекнатите знаења за христијанството и исламот со цел да ги спореди двете најголеми светски религии;
- умее да ја прикаже основата на доминантните религии во нашата држава;
- ја подобри комуникацијата во група и конструктивно да се однесува кон различните од себе;
- ги прифаќа разликите и да практикува однесување без предрасуди.

**ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ**

Ученикот/чката да:

- развива отворен пристап за запознавање на особеностите на културите од нашето непосредно опкружување според религиската припадност;
- развива чувство на почит, емпатија, доверба и прифаќање на другите култури, истакнувајќи ги заедничките карактеристики што позитивно влијаат врз нивните морални вредности;
- гради вредности за меѓуетничка интегрираност во мултикултурно општество во кое различноста е вредност, а не хендикеп/пречка во соживотот.

**РЕСУРСИ**

- Прилог 1 и 2 со содржини за исламот и христијанството од учебникот „Етика на религиите“ од м-р Петко Златевски. http://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/pdf/Etika_vo_religiite_5_mak.pdf

**ВРЕМЕ**

Еден наставен час од 40 минути.

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Преку кратки прашања наставникот поттикнува дискусија за двете најдоминантни религии во Република Македонија преку следниве прашања:
   - Што знаеме за муслиманите, а што за христијаните?
   - Што пропагира исламот, а што христијанството?
   - Што мислите, колку христијанството и исламот се слични/различни?

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Учениците се делат во повеќе/неколку мали групи. Секоја група добива два текста (види прилог 1 и 2) за христијанството и за исламот. Нивна задача е да ги извлечат главните карактеристики од двете религии и да ги претстават на Венов дијаграм каде што ќе ги споредат нивните сличности и разлики.
2. По еден претставник од групата ги презентира добиените податоци. Доколку во групите постои разлика во третманот на сличностите и разликите на основните карактеристики на религиите, наставникот интервенира со аргументи и со примери во насока на разјаснување и истакнување на сличностите и разликите.
3. На таблата се црта Венов дијаграм во кој се сумираат и се презентираат податоците од работата во групите.

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. Наставникот иницира дискусија преку следните прашања:
   - Што научивте ново за религиите денес?
   - Колку сличности и колку разлики откривте помеѓу религиите? Дали очекувавте ваква голема сличност помеѓу двете религии?
   - За какви етички и морални вредности се залагаат овие две религии?
   - Зошто религијата е толку важна во животот на човекот?
   - Што е тоа што овозможило да опстојуваат религиите толку долго низ вековите?
   - Дали запознавањето на религиите поттикнува поголемо почитување кон сите религии и кон нивните верници?

# ПРИЛОГ Ислам 1

Исламот е заснован врз **шест важни принципи на верување**: Верување во Алах, во Неговите мелеци (ангели), во Неговите книги, во Неговите пратеници, во Судниот ден и верување дека животот по смртта е вистина. Муслиманите веруваат во еден Бог, кој го нарекуваат Алах, кој е Создател на сè – на природата и на сè што се гледа и што не се гледа. Тој е еден. Нема родители, жена, ниту деца. Тој е без почеток и без крај. Знае сè, гледа сè и е семоќен. Алах е опишан со сите позитивни својства. Исус Христос муслиманите го сметаат за Божји пратеник.

Исламот учи дека Алах им спуштил неколку книги на пратениците на земјата, и тоа: 1.Тевратот (Тората), објавен на Муса (Мојсеј); 2. Зебурот (Псалмите), објавен на Давуд (Давид); 3. Инџилот (Евангелието), објавен на Иса (Исус) и 4. Куранот, објавен на Мухамед. Според исламот, Алах испраќал многу пратеници на земјата, меѓу кои 25 се спомнати во Куранот. Најпознати се: Адем (Адам), Нух (Ное), Ибрахим (Аврам), Муса (Мојсеј), Иса (Исус) и Мухамед.

Исламот содржи правила што треба верниците да ги применуваат, а примената на тие правила е преточена во **петте столбови на исламот**: **1. Сведочење (шехадет)**; **2. Молитва (намаз)**; **3. Давање милостина (зекат)**; **4. Постење во месецот Рамазан** и **5. Аџилак (Хаџ)**. Во исламот, секој муслиман е обврзан пет пати во текот на денот и ноќта да му се моли на Алах. Еднаш неделно, во петок на задолжителната молитвата (намазот), заеднички треба да се клања во **џамија (светиот храм)**. Богатите верници се должни во текот на годината да издвојат дел од своето богатство (2,5%) за оние коишто се сиромашни и им е потребна помош (зекат). Муслиманите се должни во текот на годината да постат во месецот Рамазан. Постењето почнува од зори и трае сè до зајдисонце, кога муслиманите не јадат и не пијат ништо. По завршувањето на месецот Рамазан, се слави **празникот Рамазан бајрам**. Богатите и здравите муслимани се обврзани еднаш во својот живот да одат на хаџ (аџилак). Аџилакот се извршува со посета на светата Божја куќа Ќаба. По аџилакот се слави **празникот Курбан бајрам**.

Во месецот на постот Рамазан почнало објавувањето на **Куранот – светата книга за муслиманите.** Првиот спуштен збор од Куранот е: „Читај!“ Човекот е должен да стекнува знаење од секаков вид, а потрагата по знаење треба да трае во текот на целиот живот. Само учениот може да биде корисен за себе, семејството, општеството и воопшто за човештвото. Исламот учи дека муслиманите треба да се ослободат од сите лоши особини, какви што се: омразата, ароганцијата, зависта, дволичноста и сл. Воедно, треба да се негува чувството на љубов и почит кон сите луѓе. Некои од забранетите дела се: лаги, неморал, крадење, консумирање, продавање и служење алкохол и наркотици, консумирање свинско месо, навредување на родителите, непочитување и негрижа кон нив, убивање невин човек, самоубиство итн.

**Мухамед е Божјиот пратеник или пророк** кому Алах му ги предал божествените зборови преку ангелот Џибрил (Гаврил). Тие Божји зборови се запишани во Куранот. Мухамед бил роден во 571 година во Мека, денешна Саудиска Арабија. Тој живеел скромно и едноставно и бил особено доверлив и чесен. Болните редовно ги посетувал без оглед дали тие биле муслимани или не. Многу ги сакал и ги почитувал своите соседи. Мухамед ги дарувал луѓето со голема желба за наука, зборувајќи им: „Учењето е верска должност за секој муслиман и муслиманка!“. Инспирирани од ваквите поуки, првите муслимани учеле грижливо, се грижеле за сиромашните, за жените и за децата, а особено за сирачињата.

# ПРИЛОГ Христијанство 2

Христијаните веруваат во еден Бог, кој постои во три лица – Отец, Син (Господ Исус Христос) и Свет Дух. Како симбол на ова верување, православните христијани се крстат со соединети три прста на десната рака и велат: „Во името на Отецот, Синот и Светиот Дух. Амин". Темелите на христијанската религија се поставени околу 2 000 години пред нашата ера. Раѓањето на Господ Исус Христос на земјата претставува почеток на новата ера и на новото сметање на времето. Христос е историска личност. Кога наполнил триесет години се крстил во реката Јордан и почнал јавно да го поучува народот. Го правел тоа на два начини: со зборови (проповедал и поучувал) и со дела (правел чуда и лекувал болни). Избрал дванаесет апостоли, кои постојано биле со Него и сведочеле за Неговите дела. Освен од апостолите, секаде бил следен и од мноштво народ кој сакал да ги слушне Неговите поуки или да се излекува. **Исус проповедал за блаженствата, за љубовта кон Бога и кон ближните, за постот, за молитвата, за милостината, за праведноста и за многу други работи.**

**Библијата** е Свето писмо. Збор Божји со кој Бог им се обраќа на сите луѓе во сите времиња. Ја пишувале многу писатели, кои живееле во различни краеви, различно време и имале различни професии. Сите тие биле научени од Светиот Дух како да ги запишат Божјите зборови упатени до луѓето. Библијата е поделена на Стар и Нов завет. Во Библијата се запишани закони и правила за животот. Бог им ги дал на луѓето за да се раководат според нив и да имаат правилен однос кон својот Создател и кон сите луѓе на земјата. Овие закони се наречени Десет Божји заповеди:

1. Јас сум Господ Бог твој, да немаш други богови освен Мене!
2. Не прави идол или слика на она што е горе на небото, што е долу на земјата и што е во водата и под земјата. Не им се поклонувај и не им служи!
3. Не го изговарај напразно името на Господа, твојот Бог!
4. Спомнувај си за денот на одморот за да го празнуваш. Шест дена работи и сврши ги сите работи, а седмиот ден посвети Го на Господа, твојот Бог!
5. Почитувај ги твојот татко и твојата мајка за да ти биде добро и да поживееш долго на земјата!
6. Не убивај!
7. Не прави прељуба!
8. Не кради!
9. Не сведочи лажно против својот ближен!
10. Не посакувај ништо што е туѓо!

Зборот „**црква**" (на старогрчки јазик: ἐκκλησία, како што е запишан во Библијата) значи „собир на повиканите". Оттаму може да кажеме дека црквата е собир на верниците на едно место за да Му се молат и да Го прославуваат Бога.

**Постот** е еден од основните белези на христијанството. Тоа е воздржување од храна што е од животинско потекло (месо, јајца, млеко и млечни производи). Таква е телесната страна на постот, но постот има и духовна страна: воздржување од лоши мисли, желби и дела; умножување на молитвите и правење добри дела.

**Молитвата** е разговор на човекот со Бога. Христијанството учи дека на Бога може да Му се молиме насекаде, и дома, и во црква, и на пат, затоа што Бог се наоѓа насекаде. Секој христијанин треба да се моли секојдневно, наутро, навечер, пред и по јадење, пред започнување и по завршување со учењето или со работата...

**Крштевањето** се нарекува и духовно раѓање. Со крштевањето се постанува Божјо чедо. Оваа света тајна ја востановил Господ Исус Христос, крштевајќи се во реката Јордан.

Најголеми **христијански празници** се Божиќ, што се слави во чест на раѓањето на Господ Исус Христос и Велигден – се слави во чест на Христовото воскресение.

# ОТКРИВАЊЕ НА НОВИОТ СВЕТ

15

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| СЕДМО | ИСТОРИЈА | СВЕТОТ И ЕВРОПА ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК | ГОЛЕМИТЕ ГЕОГРАФСКИ ОТКРИТИЈА |

## НАСТАВНИ ЦЕЛИ

Ученикот/чката да:

- се запознае со новите технички пронајдоци што ги условиле големите географски откритија;
- го опише откривањето на Америка;
- го опише откривањето на поморскиот пат за Индија и првото патување околу светот;
- го осознае значењето на големите географски откритија и заемното влијание на културите на европскиот, азискиот и на американскиот континент.

## ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ

Ученикот/чката да:

- го зајакнува отворениот пристап кон запознавање на особеностите на културите што живеат на различни простори и имаат различни особености;
- го развива чувството на почит, емпатија, доверба и прифаќање на културите што не се среќаваат во Република Македонија, потенцирајќи ги придобивките од нив;
- развива вештини за комуникација и соработка што се потребни за интеракција со ученици од другите култури;
- развива вештини за препознавање на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите во однос на расната, етничката и религиската припадност;
- развива вештини за намалување на стереотипите и предрасудите за другите етнички групи преку запознавање на нивните човечки вредности;
- развива вештини како да се справува со предизвиците на дискриминација.

| | |
|---|---|
| **РЕСУРСИ** | ▸ Историска карта – големи географски откритија.<br>▸ Соодветна дигитална содржина.<br>▸ Работен лист. |
| **ВРЕМЕ** | Два наставни часа од 40 минути. |
| **ОПИС НА АКТИВНОСТА** | see below |

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Преку кратки прашања наставникот ги воведува учениците во наставната единица:
   - Замислете дека сте се нашле во некое место што дотогаш не сте го посетиле и во него немате познаници. Како би се чувствувале?
   - Што очекувате од луѓето што ќе ги запознаете?
   - Кој аспект од културата можеме да го видиме при првата средба со луѓето?

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Наставникот дава воведни објаснувања за причините за големите географски откритија, откривањето на Америка, откривањето на поморскиот пат до Индија и првото патување околу светот, како и за последиците од големите географски откритија. Притоа користи дигитална содржина и историска карта за големите географски откритија. Исто така ги потенцира средбите со новите култури.
2. Како вовед во активноста што следува, наставникот поставува загадочни прашања на кои учениците треба да дадат одговор по истражувањето во точка 3. Прашањата се поврзани со македонската историја, но и со времето на големите географски откритија, како на пример:
   - Дали Кемал Ататурк пиел кафе? Зошто така мислите?
   - Дали Крали Марко јадел помфрит? Зошто така мислите?
   - Колку има вистина во изреката „Пушиш како Турчин"?
   - Дали Турците го донеле тутунот на овие простори или некој друг?
3. Учениците работат во парови и прават кратко истражување (види работен лист) за придобивките од големите географски откритија и за размената на производи на двата континента, користејќи ги следните веб-локации:
   - https://quizlet.com/25663238/message-creation-flash-cards/
   - http://bit.ly/2eFpu64 (Википедија-Големите географски откритија)

   Цел на истражувањето е учениците да осознаат дека голем број производи и знаења кои ние денес ги користиме не им биле познати на Европејците пред големите географски откритија.
4. По добиените сознанија од истражувањето, учениците даваат сопствени одговори на загадочните прашања поставени од наставникот во воведот на активноста.

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

5. Следува дискусија, а наставникот ги поттикнува учениците да ги искажат сопствените ставови во однос на следните прашања:
   - Какво било заемното влијание на културите на европскиот, азискиот и американскиот континент, како резултат на големите географски откритија?
   - Колку запознавањето на особеностите на другите култури влијае врз развивањето на чувството за почит, доверба и емпатија на едни кон други?
   - Дали интеракцијата меѓу културите придонесува за намалување на меѓусебните стереотипи и предрасуди?
6. Како завршна активност се прави обид на практичен начин да им се покажат негативните аспекти од географските откритија, односно дискриминацијата врз домородното население во Америка по освојувањето од Европејците.
7. За таа цел наставникот обележува тесен простор во училницата во форма на правоаголник или круг (во зависност од големината на групите и слободниот простор), потоа ги дели учениците во две големи групи:
   - **Првата група** – домородци, добива упатства дека не смее да излезе од обележаниот простор, не смее да се движи, ниту да зборува.
   - **Втората група** – мореполовци, се повикува на другиот крај од училницата, таинствено и без да слушнат учениците од првата група, им се даваат инструкции слободно да се движат низ училницата, да зборуваат, пеат, да се смеат и вербално да ги провоцираат учениците од групата којашто стои во обележаниот простор.
8. По неколку минути групите ги менуваат местата и улогите.
9. Наставникот ги прашува учениците:
   - Како се чувствувавте додека бевте ограничени со тесниот простор?
   - Како се чувствувавте кога можевте да се движите без ограничувања и да правите што сакате?
   - Што мислите, оние што беа во ограничениот простор беа домородци или морепловци?

## ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

Наставникот поведува структурирана дискусија преку прашањата:

1. Кои биле потребите и предусловите за големите географски откритија?
2. Колкаво е влијанието на големите географски откритија за денешниот развиток на светот?
3. Кои се придобивките за луѓето од меѓусебната комуникација, мешањето на културите и размената на идеите?
4. Кои се негативните последици од големите географски откритија?
5. Зошто дошло до вакви последици?
6. Чии права биле најзагрозени за време на глобализацијата на светот?
7. Како вие би постапиле за да ги намалите негативните последици од големите географски откритија?
8. Како во денешно време да се избориме со предизвиците на дискриминацијата што ги наметнува мнозинството врз малцинските групи?

# РАБОТЕН ЛИСТ

## Придобивки за големите географски откритија

Се формираат парови со ученици, кои имаат задача да истражуваат и да подготват документ во програмата OpenOffice Writer, што ќе им служи како основа за дискусијата.

1. Ваша задача е да ги користите следниве веб-локации:
   - https://quizlet.com/25663238/message-creation-flash-cards/
   - http://bit.ly/2eFpu64 (Википедија-Големите географски откритија)

   и да изготвите извештај користејќи ја програмата Open Office Writer.

2. Заеднички истражувајте за:
   - придобивките од големите географски откритија во однос на позитивните аспекти, во однос на запознавање на нови култури и народи, нови патишта, размена на знаења и вештини, преселба на населението во новиот свет итн.;
   - размената на производи на двата континента од аспект на тоа кои производи Европејците ги донеле од новиот континент, а кои ги однеле од своите земји.

3. По добиените сознанија од истражувањето, обидете се да дадете одговор на следниве загадочни прашања што се поврзани со македонската историја, но и со времето на големите географски откритија, на пример:
   - Дали Кемал Ататурк пиел кафе? Зошто така мислите?
   - Дали Крали Марко јадел помфрит? Зошто така мислите?
   - Колку има вистина во изреката „Пушиш како Турчин“?
   - Дали Турците го донеле тутунот на овие простори или некој друг?

# ДЕТСКИ ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ

16

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| ОСМО | ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ | ЧОВЕКОТ, ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ОДГОВРНОСТИ | ДЕТСКИ ПРАВА |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>- сфати дека правата подразбираат и одговорност;<br>- умее да објасни зошто детските права се специфични. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>- развива вештини за примена на детските права во училишниот живот. |
| **РЕСУРСИ** | - Работен лист. |
| **ВРЕМЕ** | Два наставни часа од 40 минути. |

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Учениците преку бура на идеи наведуваат примери на детски права што ги познаваат.
2. Одговорите ги пишуваат на таблата.
3. Од учениците се бара да дадат примери на почитување на правата во училиштето и во нивната околина, а потоа примери за прекршување на правата. На учениците им се поставува прашање какви се нивните размислувања во однос на прекршување на правата.
4. Потоа се поставува следното прашање: „Какви конкретни мерки нашето училиште презема за да се почитуваат/промовираат детските права?“ Доколку нема одговор, на учениците им се поставува прашањето: „Што мислите, што треба да преземе училиштето за да се промовираат детските права?“

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. На таблата ги пишуваат следните 4 права од Конвенцијата на детските права:
    - *Фер однесување и недискриминација – член 2.*
    - *Можности за слободно искажување на мислење – член 12.*
    - *Заштита од насилство и злоупотреба – член 19.*
    - *Можности да се практикува културата, јазикот и религијата – член 31.*
2. На учениците, кои се поделени во парови, им се дели работниот лист во кој секое право е детално објаснето. Учениците ги читаат и разговараат за секое од наведените права за да ги разберат подобро.
3. Потоа од учениците се бара да направат проценка на *состојбата во нивното училиште со наведување конкретни примери кои од овие права* се почитуваат, а кои не се почитуваат.
4. Секоја група ја презентира проценката *на состојбата* на правата во училиштето. На учениците им се поставуваат следните прашања:
    - Што ви беше потешко во проценката на состојбата за детските права – изнаоѓање на примери на правата што се почитуваат или што се прекршуваат?
    - Какво влијание има прекршувањето на правата врз учениците што учат во вашето училиште?
    - Дали во училиштето се преземаат мерки кога се прекршуваат детските права?
    - Дали сте размислувале што можете да направите за да им помогнете на сите ученици да им се задоволени овие права?
5. Учениците продолжуваат во истите групи, а наставникот им го чита следното сценарио:

    *Избрани сте да подготвите документ/брошура за практична примена на детските права (член 2, 12, 19 и 31) за сосема ново училиште. Документот/брошурата треба да служи како водич за заштита на човековите права што треба да придонесе да се создаде добра клима во училиштето. За секое право треба да се наведат и одговорностите (пр. „Секој има право да биде третиран со почит“ и „Секој има одговорност другите да ги третира со почит“). Секоја група самата одлучува за формата на документот/брошурата.*

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

*На крај треба да предложите идеи како да го промовирате документот/брошурата и да бидете сигурни дека наведените права и одговорности практично ќе се спроведуваат/применуваат во новото училиште. Делот за промовирање треба да биде составен дел од документот.*

6. Учениците во своите групи работат на првиот дел од документот/брошурата според сценариото. При тоа може да користат идеи од интернет. Наставникот постојано ја следи и ја насочува нивната работа.
7. Групите го презентираат документот пред целото одделение.
8. По презентацијата се прави заедничка листа што ги вклучува сите права и одговорности што ги презентираа групите, со тоа што се прави комбинација на слични права и одговорности.
9. На учениците им се поставуваат следните прашања:
   - Како би изгледал животот во новото училиште, доколку овие права не би се почитувале?
   - Што можете да преземете за успешно да се спроведуваат овие права и одговорности?
10. На учениците им се даваат насоки да работат на вториот дел од сценариото – Промовирање и преземање конкретни акции за успешно спроведување/примена и почитување на правата и одговорностите во новото училиште (1. Што треба да се направи? 2. На кој начин? 3. Кој ќе биде одговорен (делегирање на одговорности)? Каква дополнителна поддршка е потребна? Како ќе се следи дали правата се почитуваат?).

## ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. Учениците го презентираат вториот дел од сценариото, кое се однесува на промовирање и преземање конкретни акции.
2. Со учениците се разговара за следните прашања:
   - Што научивте ново од оваа активност?
   - Што значи тоа дека секое право има и своја одговорност?
   - Кој е одговорен за остварување на правата на децата во училиштето?
   - Дали верувате дека самите ученици можат да се изборат за поголемо почитување на детските права во своите училишта?
   - Кои се придобивките од преземање одговорност на учениците за практикување и заштита на нивните права?
   - Каква поддршка им е потребна на учениците во заштитата на нивните права?
   - Зошто е важна улогата на возрасните во заштитата на детските права во моментот кога тие се загрозени? (родители, наставници, локална заедница, влада и др.)

## ЧЛЕН 2 ФЕР ОДНЕСУВАЊЕ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

Државите членки на оваа Конвенција ги почитуваат и ги обезбедуваат правата содржани во Конвенцијата за секое дете под нивна јурисдикција без каква било дискриминација и без оглед на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго убедување, националното, етничкото или социјалното потекло, имотната состојба, онеспособеноста, потеклото или друг статус на детето или на неговиот родител или законски старател.

Државите членки ги преземаат сите потребни мерки за да се обезбеди заштита на детето од сите облици на дискриминација или казни засновани врз статусот, активностите, изразеното мислење или убедување на родителите, законските старатели или членовите на семејството на детето.

## ЧЛЕН 12 МОЖНОСТИ ЗА СЛОБОДНО ИСКАЖУВАЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Државите членки му обезбедуваат на детето, кое е способно да формира сопствено мислење, право на слободно изразување на мислењето за сите прашања што се однесуваат на него, со тоа што на мислењето на детето му се посветува должно внимание во согласност со неговата возраст и зрелост.

За таа цел на детето посебно му се дава прилика да биде сослушано во сите судски и административни постапки што се донесуваат за него или непосредно или преку застапник или соодветен орган, на начин што е во согласност со процедуралните правила на националното законодавство.

## ЧЛЕН 19 ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО И ЗЛОУПОТРЕБА

Државите членки ги преземаат сите соодветни законодавни, административни, социјални и образовни мерки заради заштита на детето од сите форми на физичко или ментално насилство, повреди или злоупотреби, занемарување или немарен однос, малтретирање или експлоатација, вклучувајќи сексуална злоупотреба, додека е под грижа кај родителите, законските старатели или некое друго лице на кое му е доверена грижата за детето.

Таквите заштитни мерки треба да опфатат по потреба ефикасни постапки за воспоставување на социјални програми за обезбедување поддршка неопходна за детето и на тие на кои им е доверена грижата за детето, како и други форми на спречување, утврдување, пријавување, проследување, истрага, постапување и следење случаи на овде наведеното малтретирање на детето и по потреба обраќање на судот.

## ЧЛЕН 31 МОЖНОСТИ ДА СЕ ПРАКТИКУВА КУЛТУРАТА, ЈАЗИКОТ И РЕЛИГИЈАТА

Државите членки го признаваат правото на детето на одмор и слободно време, на игра и рекреација, која одговара на возраста на детето, и на слободно учество во културниот живот и уметноста.

Државите членки го почитуваат и го унапредуваат правото на детето на целосно учество во културниот и уметничкиот живот и го поттикнуваат давањето соодветни и еднакви можности за културни, уметнички, рекреативни и слободни активности.

# ДНЕВНИКОТ – СВЕДОК НА ИСТОРИЈАТА...

17

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| ОСМО | МАЈЧИН ЈАЗИК | ЛИТЕРАТУРНИ И НАУЧНИ ВИДОВИ | АНАЛИЗА НА ИЗВАДОЦИТЕ ОД „ДНЕВНИКОТ НА АНА ФРАНК“ |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>▸ забележи надворешни и внатрешни делови на дневникот;<br>▸ анализира и да интерпретира делови од дневник. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>▸ развива вештини за препознавање на стереотипи и предрасуди кај себеси во однос на другите како припадници на различна религија, култура и етничка група;<br>▸ развива вештини за намалување на стереотипи и предрасуди за другите етнички групи, притоа користејќи го негативниот пример на холокаустот и последиците од Втората светска војна;<br>▸ развива вештини како да се справува со предизвиците на дискриминација, особено во ситуација кога некому му се загрозени животот и достоинството. |
| **РЕСУРСИ** | ▸ „Дневникот на Ана Франк“.<br>▸ Работен лист. |
| **ВРЕМЕ** | Еден наставен час од 40 минути. |

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Преку кратки прашања наставникот ги воведува учениците во наставната единица:
   - Дали некој од вас води дневник?
   - Што содржи дневникот?
   - Какви настани, мисли и чувства вообичаено се пишуваат во дневникот?
   - Можете ли да ми кажете која е модерна варијанта на пишаниот дневник?
   - Дали сте слушнале некој да води дневник на интернет, на пример во форма на блог?
   - Што мислите, дали дневникот како литературен вид може да се користи и во науката како извор на историски или научни податоци?
2. Се најавува активноста преку која учениците подетално ќе се запознаат со содржината, структурата и значењето на дневникот како литературен вид.

## АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Учениците во парови читаат извадок од „Дневникот на Ана Франк“ со задача да ги забележат внатрешните и надворешните делови на дневникот како литературен вид.
2. Наставникот се обидува да го открие значењето и вредноста на дневникот, преку следниве прашања:
   - Каква вредност имаат овие литературни видови?
   - Дали сте знаеле дека некои од нив претставуваат голема историска вредност?
   - Прочитавме извадок од „Дневникот на Ана Франк“. Дали знаете кога и под какви околности настанал овој дневник?
3. Наставникот ги изнесува основните податоци за дневникот, кој настанал за време на холокаустот на Евреите во текот на Втората светска војна.
4. Учениците се делат во 5 групи. Секоја група прави анализа на текстот и одговара на прашањата што се наведени во работниот лист.

## ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. Презентацијата се организира така што секоја група ги изнесува своите анализи и ставови во однос на првото прашање и заеднички се изведуваат заклучоци. Потоа се преминува на второто прашање и по истиот принцип се анализираат сите други прашања и се изведуваат заклучоци.
2. За рефлексија на целиот час, учениците ги искажуваат своите впечатоци во однос на следните прашања:
   - Какви чувства се појавија кај вас, читајќи извадок од „Дневникот на Ана Франк“?
   - Дали би воделе свој дневник?
   - Каква поука може да се извлече од вистинската приказна на Ана Франк?
   - Која е пораката што Ана Франк ја испраќа преку дневникот до своите врсници?

# РАБОТЕН ЛИСТ

## Анализа на извадоците од „Дневникот на Ана Франк“



АНА ФРАНК



ДНЕВНИКОТ НА АНА ФРАНК

Внимателно прочитајте ги прашањата и дадете одговори со кои ќе се согласат најголемиот дел од членовите на групата.

1. Кога и каде живее Ана Франк?
2. Во каква атмосфера и ситуација Ана Франк го пишува својот дневник?
3. За кои негативни појави зборува ова мало девојче, чиј живот и достоинство биле загрозени на најсуров начин?
4. Кои права биле загрозени на Ана Франк?
5. Што би направиле вие за да го спречите холокаустот и страдањето на милиони деца во текот на Втората светска војна?

# ДИВЕРЗИТЕТ И ЕМПАТИЈА

18

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| ОСМО | МАЈЧИН ЈАЗИК | ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | РАСКАЖУВАЊЕ ПО ДАДЕН ПОЧЕТОК |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>▸ знае правилно да го употребува литературниот јазик;<br>▸ раскажува по даден почеток и да изнајде решение по дадено сценарио. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>▸ развива чувство на почит, емпатија, доверба и прифаќање на други култури;<br>▸ вежба, да покажува емпатија и да гради подобри релации со другите;<br>▸ прави рефлексија на ефектите од емпатичното однесување;<br>▸ гради вредности за меѓуетничка интеграција во мултикултурно општетство;<br>▸ развива вештини за препознавање на стереотипи и предрасуди кај себеси и кај другите. |
| **РЕСУРСИ** | ▸ Работен лист. |
| **ВРЕМЕ** | Два часа од 40 минути. |

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. На учениците им се дели работниот лист 1 со зборови што покажуваат пријатни и непријатни чувства (може да се напишани на табла или се покажуваат на слајд).
2. Учениците се делат во парови и од нив се бара да се присетат на доживеани искуства што предизвикале некои од чувствата што се наведени во работниот лист 1. Прво еден ученик на својот пар му раскажува за искуството со пријатни чувства, а потоа другиот ученик го опишува искуството со доживеани непријатни чувства, и потоа обратно. (Учениците може да бидат поттикнати на размислување преку следните примери: Дознавате дека сте добитник на наградно патување. Добивте најнов модел на мобилен телефон за роденден. Не сте поканети на забава. Не сте избрани во екипата за училишниот спортски натпревар.)
3. По вежбата на учениците им се поставуваат следните прашања:
   - Како се чувствувате кога ги опишувавте вашите чувства?
   - Како се чувствувавте кога слушавте за чувствата на другите? Дали може да се ставите во нивна улога и да замислите како се чувствувале? Се повикуваат ученици коишто сакаат да го споделат искуството!
   - Дали може да се сетите на ситуација кога сте биле повредени, а некој покажал разбирање за тоа како сте се чувствувале?

*На учениците им се најавува дека во следната активност ќе имаат можност да играат улоги во кои ќе вежбаат како да ги разберат чувствата на другите луѓе. На учениците им се објаснува дека кога ги разбираме чувствата на другите луѓе со тоа покажуваме емпатија спрема нив – тоа значи дека се ставаме себеси во чевлите на другиот. Покажување емпатија значи дека размислуваме за чувствата на другите луѓе, кое помага да го менуваме нашето однесување и да градиме подобри меѓусебни релации.*

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Учениците се групираат во парови или во групи во зависност од бројот на ликови во сценаријата. Секоја група го добива работниот лист 2 во којшто се дадени насоките за работа, правилата на играње улоги и сценарија со почеток на одредена ситуација што е недовршена. Учениците треба да изнајдат свој КРАЈ и довршеното сценарио да го драматизираат преку играње улоги.
2. Наставникот ги потсетува учениците дека најпрво треба да ги прочитаат насоките за работа и сценариото од работниот лист и да размислат како да изнајдат решение за ситуацијата од сценариото, кое треба да се одигра преку драматизација.
3. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во давање идеи во своите групи, се поттикнуваат меѓусебно да комуницираат и да се надополнуваат.
4. Работата на учениците се следи и по потреба им се даваат дополнителни објаснувања за креирање на решението и за драматизацијата.
5. Откако групата заеднички ќе се усогласи, се делат улогите и се вежба драматизацијата.

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

6. Секоја група ја одигрува драматизацијата. Претходно се читаат правилата при играње на улоги.
7. Групите во улога на публика внимателно ги следат драматизациите.
8. По секоја драматизација, сите активно учествуваат во дискусијата. Најпрво групата што учествува во драматизацијата дава коментари, а потоа од другите групи се бара да даваат коментари.

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

На учениците им се поставуваат следните прашања:

1. Како се чувствувавте кога раскажувавте за вашите доживеани искуства што предизвикале пријатни или непријатни чувства?
2. Како се чувствувавте кога ги слушавте другите како раскажуваат за нивните искуства?
3. Како се чувствувавте при играње на улогите?
4. Дали ви беше тешко да се ставите во улога на лик, чие однесување е различно од вашето?
5. Што ви беше полесно, а што потешко во драматизацијата?
6. Дали играњето на улоги кај вас предизвика некои чувства за кои бевте изненадени?
7. Дали кога размислувате за чувствата на другите луѓе може да ви помогне да го менувате вашето однесување и да градите подобри релации со другите?
8. Дали мислите дека преку покажување на сочувство може да се промени некое од следните однесувања: ширење гласови, навредување, дискриминација по етничка основа, насилно однесување кон некого што е различен, задевање и сл. и зошто?

## ПРИЈАТНИ

СРЕЌА
ЗАДОВОЛСТВО
ЉУБОВ
РАДОСТ
ГОРДОСТ
НАСМЕАНОСТ
УСПЕШНОСТ
НАДЕЖ

## ПРИЈАТНИ

ЗАБАВУВАЊЕ
ХРАБРОСТ
СМИРЕНОСТ
ВЕСЕЛОСТ
КООПЕРАТИВНОСТ
ЕНТУЗИЈАЗАМ
ПРИЈАТЕЛСТВО

## НЕПРИЈАТНИ

ОМРАЗА
СТРАВ
ЛУТИНА
ТАГА
ГНЕВ
ГРИЖА/ЗАГРИЖЕНОСТ
ВОЗНЕМИРЕНОСТ
ЗБУНЕТОСТ
НАВРЕДЕНОСТ
ЖАЛОСТ

## НЕПРИЈАТНИ

СРАМ/ЗАСРАМЕНОСТ
ЗАВИДЛИВОСТ
РАЗОЧАРАНОСТ
ЉУБОМОРА
ВИНА
ОСАМЕНОСТ
ПАНИКА
СЕБИЧНОСТ
ОТФРЛЕНОСТ
БЕС

- Прочитајте го сценариото и обидете се да дадете креативни идеи за да ја довршите дадената ситуација во сценариото. Решението може да има позитивен или негативен крај.
- Обидете се да ги разберете чувствата на ликовите во сценариото за да може што поуспешно да го одиграте. За да може најдобро да ги разберете чувствата на другите, треба да се ставите во чевлите на другиот и да се запрашате: „Како јас би се чувствувал во ова ситуација?"
- Имате 25 – 30 минути да ја подготвите драматизацијата, да ги поделите улогите и да вежбате за да ги изиграте улогите.

## ПРАВИЛА ПРИ ИГРАЊЕ НА УЛОГИ

- Секоја група има 2 минути за играње на улоги.
- При играње на улогите, учесниците во своите улоги се трудат да бидат што поубедливи.
- Групите што се во улога на публика не смеат да упаѓаат при драматизација на другите групи.
- Секоја група којашто е во улога на публика внимателно ги следи и ги слуша драматизациите на другите.
- По секоја драматизација, сите активно учествуваат во давање повратни информации за неа.

## СЦЕНАРИО 1 – СТЕРЕОТИПИ

Ерол е новото дете доселено неодамна во новата зграда. Другарчињата од неговото старо маало му велат дека децата од новата зграда нема да сакаат да си играат со него, затоа што е Турчин. Ерол на децата од новата зграда им се претставува како Македонец, по име Емил. Ерол стравува дека некој од децата ќе ја открие неговата измама пред родителите.

ДОВРШЕТЕ ШТО СЕ СЛУЧУВА ПОНАТАМУ!

## СЦЕНАРИО 2 – НЕПРИФАЌАЊЕ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ

Ученикот 1 е избран да работи на проектот со тројца ученици – ученик 2, ученик 3 и ученик 4, кои имаат различна етничка припадност од неговата.

Ученикот 1 чувствува дека не е добредојден во тимот, идеите што ги предлага не секогаш се прифаќаат, а понекогаш како да забележува потсмевање. Поради тоа ученикот 1 одбегнува да се дружи со другите членови на тимот и кога го викаат да купат нешто за јадење, тој не сака да им се придружи. Размислува да се откаже од проектот.

ДОВРШЕТЕ ШТО СЕ СЛУЧУВА ПОНАТАМУ!

## СЦЕНАРИО 3 – ЗАДЕВАЊЕ И ПОТСМЕВ

Даниел веќе подолго време го задева Петар, којшто е еден од најмирните ученици во одделението. Во почетокот изгледаше забавно, но задевањето од Даниел добива сè поголема димензија. Петар прави обиди колку што може повеќе да го избегнува Даниел, но Даниел никако да престане. Петар станува сè повеќе и повеќе потиштен. Другите деца во одделението сè уште мислат дека сево ова е забавно.

ДОВРШЕТЕ ШТО СЕ СЛУЧУВА ПОНАТАМУ!

## СЦЕНАРИО 4 – СТЕРЕОТИПИ

Бертан е поканет на роденденска забава кај Зоран. Татко му на Бертан не му дозволува да оди затоа што тој мисли дека е поканет не поради тоа дека му е другар на Зоран, туку само за да им свири на роденденот на којшто ќе има само Македонци. На Бертан му е тешко затоа што знае дека татко му секогаш му мисли добро, а истовремено чувствува дека Зоран му е вистински другар.

ДОВРШЕТЕ ШТО СЕ СЛУЧУВА ПОНАТАМУ!

## СЦЕНАРИО 5 – РОДОВА ДИСКРИМИНАЦИЈА

Пред одделенскиот час, на кој ќе се разговара за идни занимања, Горјан вели дека откако знае за себе, отсекогаш сакал да стане адвокат. Дедо му бил адвокат, а и татко му е адвокат.

Игор се надоврзува дека тоа не значи дека тој мора да биде возач, затоа што татко му е возач на шлепер, кој по цели денови е по автопатиштата.

Сашо кажува дека сè уште нема идеја што сака да биде, ама со сигурност знае дека сака да оди на факултет.

На крајот остана Зоран, којшто по навалување на дугите кажа дека сака да биде фризер и да има свој салон. Сите одеднаш му се нафрлија со коментари: Тоа е женско занимање! Ти знаеш што се зборува за машки фризери! Ти играш многу добро фудбал со нас – едноставно не може да станеш фризер! Оставаме на тебе! Но, само биди свесен што може другите да мислат за тебе?

ДОВРШЕТЕ ШТО СЕ СЛУЧУВА ПОНАТАМУ!

# КАКО ДА СЕ РЕШИ КОНФЛИКТОТ НА МИРОЉУБИВ НАЧИН

19

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
| --- | --- | --- | --- |
| ОСМО | МАЈЧИН ЈАЗИК | ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | САМОСТОЈНО ГОВОРЕЊЕ НА ДАДЕНА ТЕМА |

| | |
| --- | --- |
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>▸ знае правилно да го употребува литературниот јазик;<br>▸ умее да даде личен став. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>▸ учи вештини за анализа на конфликтни ситуации;<br>▸ прави соодветен избор за мирољубиво решавање на проблем;<br>▸ практикува вештини за комуникација, решавање на проблеми. |
| **РЕСУРСИ** | ▸ Работни листови. |
| **ВРЕМЕ** | Два часа од 40 минути. |

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. На учениците им се најавува дека по обработката на романот „Марта", продолжуваат да работата на темата конфликти и дека преку оваа тема ќе вежбаат правилна употреба на литературниот јазик и драматизирање преку играње на улоги според дадени сценарија.
2. Од учениците се бара да дигнат рака, доколку учествувале во конфликтна ситуација (пр. несогласување или тепачка).
3. Преку бура на идеи се одговара за причините на конфликтни ситуации (пр. навреда, набедување, завидливост, насилно однесување, задевање, различни погледи на работите).

   *Од учениците се бара да наведат какви чувства предизвикуваат конфликтните ситуации (пр. лутина, завист, загриженост, збунетост и др.) и се запишуваат на табла. На учениците им се објаснува дека во ситуација на несогласување или на некоја конфликтна ситуација има можности за различни решенија како да се постапи и да се реагира. Им се објаснува дека е важно да научиме соодветно да реагираме во конфликтни ситуации. Тоа помага да се избегнуваат непријатни ситуации или насилство, да се заштитиме себеси, да учиме да ги почитуваме другите и дека на тој начин го зајакнуваме позитивното чувство за себе.*

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. На учениците им се најавува дека ќе следува активност на играње улоги. Учениците се делат во мали групи и на секоја група ѝ се дава работниот лист 1 со четирите сценарија.
2. На учениците им се презентира како ќе се одвива активноста за играње на улоги и им се објаснуваат чекорите за изнаоѓање на решение на сценаријата дадени во работниот лист.
3. Од учениците се бара да учествуваат во давање идеи во своите групи како да се решат конфликтите дадени во сценаријата, да размислуваат кои би биле последиците од тие решенија и заеднички да се дојде до нивни позитивни/мирољубиви решенија.
4. Во текот на работата, учениците во своите групи се поттикнуваат меѓусебно да комуницираат, соработуваат и да разменуваат идеи.
5. Се следи работата во групите и доколку е потребно им се даваат дополнителни насоки или сугестии.
6. По завршување на задачата, секоја група одигрува едно сценарио и ја презентира опцијата со мирољубиво решение на конфликтот. Претходно ја подготвуваат сцената според сценариото (се поставуваат столчиња).
7. По секое одигрување се води дискусија за одиграното решение и последиците од решението.
8. Се бара од другите групи да ги споделат нивните примери со позитивно решавање на конфликтите.

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. На учениците им се дели работниот лист 2 за да направат споредување на последиците и решенијата на проблемите дадени во работниот лист за сценаријата 1, 2 и 3 со нивните изиграни решенија. За сценариото 4 сите заеднички го формулираат решението на проблемот.
2. Со учениците се разговара дали им било тешко да најдат позитивно решение за проблемот во сценариото и како течел процесот на решавање на проблемот во нивните групи.
3. Активноста завршува со тоа што од учениците се бара да размислат за ситуација што им се случила неодамна и во која проблемот е разрешен на позитивен и мирољубив начин и проблемот што не е решен позитивно.
4. Прашајте ги да предложат како проблемот би го разрешиле на позитивен начин.
   - Дали во сценаријата беа дадени реални животни ситуации?
   - Што научивте за решавање на конфликти од вежбата со сценаријата?
   - Зошто е важно да се анализираат опциите за решавање на проблем?
   - Со кои предизвици се соочувавте при определување на последиците од понудените опции за решавање?
   - Зошто е важно конфликтните ситуации да се решаваат на позитивен и мирољубив начин?
   - Дали практикувањето на примерите на сценаријата ви помогна да ги подобрите комуникациските вештини?
   - На кои вештини за решавање на проблеми би требало уште да поработите?

### **СЦЕНАРИО 1:** „НЕЗАВРШЕНА ЗАДАЧА“

Фисник, Сара и Ана работат на заеднички проект за кој треба да изработат презентација. Фисник и Ана го носат својот подготвен дел од задачата, освен Сара, која не го подготвила својот дел од презентацијата. Целата група може да добие слаба оценка за проектот.

### **СЦЕНАРИО 2:** „КАДЕ СЕ ПАТИКИТЕ“

Витан дојде на училиште со нови патики. По часот по физичко, тој не ги наоѓа патиките во соблекувалната. Другарите му кажуваат дека Коста му ги заврзал за кошот на игралиштето. Витан не може сам да ги дофати и да ги симне патиките и му е многу лут на Коста.

### **СЦЕНАРИО 3:** „ВЕ СЛУШНАВ КОГА ЗБОРУВАВТЕ ДЕКА НЕ МЕ САКАТЕ“

Стефанија наслушна како група девојчиња се шегуваат на тоа како е облечена денес. Таа забежува дека Лора, којашто и порано ја задевала околу нејзината облека, е дел од таа група. На Стефанија не ѝ е убаво и се чувствува повредено.

### **СЦЕНАРИО 4:** „МИСЛЕВ ДЕКА БЕВМЕ ПРИЈАТЕЛИ“

Јета и Мирлинда се добри пријателки. Тие секој ден за време на одморот се дружат заедно и понекогаш преспиваат една кај друга. За време на летниот распуст, братучетката на Јета – Валбона се пресели во нивниот град и живее во куќата на Јета. Откако почна новата учебна година, Јета и нејзината братучетка Валбона почнаа заедно да се дружат за време на одморите и Јета престана да ја кани Мирлинда на спиење. Еден ден Мирлинда за време на одморот сакаше да им се придружи на Јета и Валбона, но тие избегаа. Следниот ден за време на одморот Мирлинда повторно им се приближи и ги поздрави. Овој пат, наместо Јета и Валбона да бегаат, тие тивко ја отпоздравија.

### ЧЕКОРИ ЗА ИЗНАОЃАЊЕ РЕШЕНИЕ СПОРЕД СЦЕНАРИЈАТА

1. Разгледајте го сценариото, идентификувајте го проблемот и размислете како се чувствувал секој од ликовите во сценариото кога искрснал проблемот.
2. Разговарајте за можни решенија на проблемот.
3. Разгледувајте опција во која инцидентот може да ескалира и да доведе до полоша ситуација за сите.
4. Размислувајте за начините со кои конфликтот би можел да се реши мирољубиво/позитивно и да се избегне каков било инцидент.
5. Размислувајте од кого би можеле да побарате помош за да го решите проблемот полесно (наставник, родител, пријател, возрасен во кого имате доверба).

**1. РЕШЕНИЕ НА ПРОБЛЕМОТ ВО СЦЕНАРИО 1** (недовршена задача)

**ОПЦИЈА 1 – НЕКОНСТРУКТИВНО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМ** – Фисник и Ана ја навредуваат Сара пред целата паралелка и бараат од наставникот да ја казни.

**ПОСЛЕДИЦА** – Сара е повредена и повеќе не сака да оди во училиште. Веќе никој во паралелката не ја прифаќа Сара.

**ОПЦИЈА 2 – КОНСТРУКТИВНО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМ** – Групата бара објаснување од Сара зошто не го сработила својот дел од задачата. Сара објаснува дека имала проблеми во своето семејство. Групата се договара да побара продолжување на рокот за доставување на задачата за да го доврши Сара својот дел.

**ПОСЛЕДИЦА** на ова решение е што групата ѝ помага на Сара да го заврши својот дел на задачата за да ја презентираат заеднички пред целата паралелка.

**2. РЕШЕНИЕ НА ПРОБЛЕМОТ ВО СЦЕНАРИО 2** (каде се патиките)

**ОПЦИЈА 1 – НЕКОНСТРУКТИВНО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМ** – Витан започнува тепачка со Коста. Другите ученици гледаат и навиваат.

**ПОСЛЕДИЦА** – Двајцата имаат физички повреди и добиваат укор од директорот.

**ОПЦИЈА 2 – КОНСТРУКТИВНО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМ** – Учениците му кажуваат на Витан да не се грижи и одат кај Коста, барајќи да му ги симне и да му ги врати патиките на Витан и да му се извини.

**ПОСЛЕДИЦА** на ова решение е дека Витан ги добива назад патиките, добива искрено извинување од Коста и тие двајцата продолжуваат да бидат пријатели.

**3.** **РЕШЕНИЕ НА ПРОБЛЕМОТ ВО СЦЕНАРИО 3** (проблем на озборување и задевање)

**ОПЦИЈА 1 – НЕКОНСТРУКТИВНО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМ** – Стефанија оди и ѝ се развикува на групата затоа што е повредена од нивното шегување, ја удира Лора, бега и се надева дека нема да се случи повторно.

**ПОСЛЕДИЦА** на ваквото однесување е да дојде до поголема тепачка и некоја од нив да се повреди. Лора продолжува и понатаму да ја задева, а Стефанија продолжува да биде тажна и да не се чувствува добро.

**ОПЦИЈА 2 – КОНСТРУКТИВНО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМ** – Стефанија се доближува до групата и им кажува на девојчињата како нивните коментари направија да не се чувствува убаво. Доколку Стефанија не може тоа да го направи, бара помош од наставникот.

**ПОСЛЕДИЦА** на тоа е Лора и групата ѝ се извинуваат на Стефанија. Лора и групата повеќе не ја задеваат Стефанија.

**За СЦЕНАРИОТО 4 обидете се да дадете решение врз основа на искуството од претходните три.**

# НАРОДНИ ЉУБОВНИ ПЕСНИ

20

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| ОСМО | МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | СЛУШАЊЕ МУЗИКА | СЛУШАЊЕ НА ВОКАЛНО-ИНСТРУМЕНТАЛНИ МУЗИЧКИ ДЕЛА ОД ДОМАШНИ АВТОРИ |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>▸ развива способност за целосно слушање на музичко дело;<br>▸ ги продлабочува знаењата на елементите и карактеристиките на народната музика. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>▸ развива способност за детектирање на инструментите и за запознавање со нови карактеристични за заедниците во Македонија (фрула, саз, тамбура, цитра, ут, гусла);<br>▸ усвојува песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина, по слух, кои се карактеристични за заедниците што живеат во Македонија;<br>▸ развива чувство за вредноста на сопствената култура и да гради позитивен културен идентитет;<br>▸ развива чувство на почит, емпатија, доверба и прифаќање на културите од непосредното опкружување. |
| **РЕСУРСИ** | ▸ Компјутер и интернет. |
| **ВРЕМЕ** | Еден наставен час од 40 минути. |

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Часот започнува со дискусија меѓу учениците за тоа која е нивната омилена народна љубовна песна и зошто.
2. Потоа наставникот ги прашува дали знаат кој инструмент ја придружува нивната омилена песна.
3. Следуваат прашања за тоа дали учениците слушнале некоја слична народна љубовна песна од заедниците во Македонија и дали знаат кои инструменти се карактеристични за секоја заедница посебно.

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Учениците работат поделени во седум групи.
2. Секоја група има за задача да пронајде народна љубовна песна од заедниците што живеат во Република Македонија (албанска, влашка, српска, турска, ромска, македонска и босанска).
3. Сите групи ги добиваат истите инструкции – треба да ја преслушаат песната, да пронајдат приближен превод за да можат содржински да ја доживеат, да го препознаат ритамот и инструментите што го создаваат мелосот.
4. Исто така, учениците треба да ги препознаат доминантните инструменти и да дефинираат кој елемент (текстот, ритамот, инструментот) најдобро ги доловува чувствата во песната.

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. Лидерот на групата ја презентира работата на сопствената група. При презентацијата, учениците треба да се фокусираат на сличностите и разликите што се јавуваат кај секоја заедница кога пејат за едно општо чувство на љубов.
2. Се поведува дискусија во однос на прашањата:
   - Што научивте за карактеристиките на народната музика на културите во Македонија?
   - Кои се карактеристичните елементи на секоја од нив?
   - Кој е специфичниот ритам за секоја заедница?
   - Кои инструменти се истакнуваат како специфични за нив?

21

# РАЗЛИЧНИТЕ КУЛТУРИ И НИВНОТО БОГАТСТВО

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| **ОСМО** | **ПРОЕКТИ ОД ИНФОРМАТИКА** | **ПРОГРАМА ЗА МУЛТИМЕДИЈАЛНИ ПРЕЗЕНТАЦИИ** | **ИЗРАБОТКА НА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ДАДЕНА ТЕМА** |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>- се оспособи самостојно да креира презентација на дадена тема;<br>- пребарува потребни информации на интернет;<br>- ги меморира потребните информации во својата електронска папка (фолдер);<br>- ги внесува пронајдените информации на слајд и да ги уредува слајдовите;<br>- додава ефекти во презентацијата;<br>- ја презентира креираната мултимедијална презентација. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>- ги продлабочи знаењата за основните културни аспекти и карактеристики за различните култури;<br>- разбира дека диверзитетот на културите е позитивна работа;<br>- ги интерпретира културните аспекти и да ја согледа целината на сите аспекти во едно општество. |
| **РЕСУРСИ** | - Компјутер.<br>- Апликација Impress.<br>- ЛЦД-проектор.<br>- Интернет.<br>- Работен лист. |
| **ВРЕМЕ** | Два наставни часа од 40 минути. |

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Наставникот поттикнува дискусија за програмите што овозможуваат мултимедијални презентации. Се користи искуството на учениците со PowerPoint и се прави споредба со Impress. Истовремено, наставникот ги поттикнува учениците да размислуваат за можностите што ги нудат овие програми и за нивната примена за различни намени.
2. Се најавува активноста на часот со тоа што на учениците им се посочува дека во овој случај ќе се обидат програмата за мултимедијални презентации да ја употребат за да се запознаат подобро со различните култури што живеат во Република Македонија.
3. Користејќи го методот Web quest, наставникот ги мотивира учениците за темата на која ќе биде изработена презентацијата преку следниот вовед:
   - „Во текот на следниот месец е предвидена посета на ученици од друга држава со кои ќе се зборува на тема мултикутурно образование. Тие не се запознаени со различните култури што живеат во Македонија, како и со нивниот соживот на овие простори. Затоа ќе ве замолам да ми помогнете да се претставиме во најдобро светло".

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. На учениците им се кажува дека ќе работат на задача во која нивната улога е да ги пронаоѓаат потребните податоци на претходно подготвената електронска папка од страна на наставникот (што веќе е споделена на компјутерите на учениците) и врз основа на нивната креативност и имагинација да креираат мултимедијална презентација, која ќе ја презентираат пред другите ученици.
2. Учениците се делат во пет групи и им се дава работниот лист со детални инструкции за работа на задачата.
3. На учениците им се кажува дека сите групи истражуваат за една од културните карактеристики на Македонците, Албанците, Турците, Ромите, Србите, Бошњаците и на Власите и тоа:
   - **првата група** истражува за јазиците што ги користат и за заедничките аспекти од меѓусебното влијание во долгогодишната комуникација на овие простори;
   - **втората група** истражува за религиите што се присутни кај споменатите седум етнички заедници и прави споредба меѓу нив;
   - **третата група** истражува за традиционалната храна со тоа што ги издвојува заедничките јадења што се приготвуваат во сите етнички заедници;
   - **четвртата група** истражува за националните празници и притоа ги издвојува заедничките, кои се врзани за припадноста кон Република Македонија;
   - **петтата група** истражува за познати личности од овие етнички заедници, кои се значајни за нашата заедничка историја.
4. Културните карактеристики може да се претставуваат со зборови, слики или симболи, кои исто така се пребаруваат од интернет.
5. Освен графичко и визуелно претставување на наведените аспекти на слајдовите во презнтацијата, за секој аспект учениците подготвуваат краток текст со којшто се даваат главните одлики за тој аспект (графичкиот приказ се преточува во зборови).

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

6. Учениците работат на финално уредување на слајдовите и додаваат ефекти.

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. Групите ги презентираат своите изработки.
2. Со учениците се разговара за:
   - квалитетот и креативноста на дизајнот на презентацијата од технички аспект;
   - содржинскиот дел, којшто се однесува на културните аспекти (дали има доволен број информации за бараните аспекти и за креативноста при описот на културите и нивната интеракција).
3. Се прави рефлексија преку следниве прашања:
   - Што ви беше најпредизвикувачки при дизајнот на презентацијата од технички аспект? Кои нови алатки ги применивте?
   - Зошто е важно да се почитуваат вредностите на сопствената култура?
   - Зошто е важно да се почитуваат вредностите на другите култури?
   - Кои се позитивните работи што произлегуваат од диверзитетот на културите?
   - Кои се придобивките за едно општество од меѓусебната интеракција на културите во него?

Користете ги следните насоки што ќе ви помогнат при креирање на мултимедијалната презентација:

1. Вашата улога е да ги пронаоѓате потребните податоци на претходно подготвената електронска папка од страна на наставникот (која е споделена на вашите компјутери), да истражувате на посочените локации и врз основа на вашата креативност и имагинација да креирате мултимедијална презентација, која ќе ја презентирате пред другите соученици.
2. Културните карактеристики може да ги претставувате со зборови, слики или симболи, кои исто така ќе ги пребарате од интернет.
3. Освен графичко и визуелно претставување на наведените аспекти на слајдовите во презентацијата, за секој аспект подгответе краток текст со којшто ќе ги дадете главните одлики за тој аспект (графичкиот приказ се преточува во зборови).
4. За креирање на презентациите, работете во пет групи според следниве насоки: истражувајте за културните карактеристики на Македонците, Албанците, Турците, Ромите, Србите, Бошњаците и Власите, при што:
   - **првата група** истражува за јазиците што ги користат и заедничките аспекти од меѓусебното влијание во долгогодишната комуникација на овие простори;
   - **втората група** истражува за религиите што се присутни кај споменатите седум етнички заедници и прави споредба меѓу нив;
   - **третата група** истражува за традиционалната храна со тоа што ги издвојува заедничките јадења што се приготвуваат во сите етнички заедници;
   - **четвртата група** истражува за националните празници и при тоа ги издвојува заедничките што се врзани за припадноста кон Република Македонија;
   - **петтата група** истражува за познати личности од овие етнички заедници, кои се значајни за нашата заедничка историја.
5. Зачувајте ги пронајдените информации во својата електронска папка! Откако ќе ги проанализирате, селектирајте ги потребните информации и сето тоа поставете го на слајдовите во презентацијата! Нови сугестии, со податоци од интернет-страници, различни од понудените, се добредојдени!
6. Доуредете ја презентацијата, во поглед на уредување на слајдови и додавање на ефекти!
7. Секоја група ќе ги презентира своите информации, по што се очекува дискусија од другите групи не само во поглед на квалитетот на креираната презентација од технички аспект туку и во поглед на нејзината содржина (дали учениците поставиле доволен број информации, дали се опфатени бараните аспекти, што научиле за различните култури во Македонија и сл.).

22

# ДАЛИ Е ОВА КОНФЛИКТ?

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| ДЕВЕТТО | ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ | КОНФЛИКТ | ШТО Е КОНФЛИКТОТ, ПРИЧИНИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИ |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>• знае што е конфликт и како настанува;<br>• ги познава можните последици од конфликтот;<br>• идентификува конфликтни ситуации во секојдневниот живот. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>• продлабочува знаења за причините што придонесуваат за создавање на конфликти;<br>• се запознава со принципите за решавање на конфликти и да се учат на вештини за анализа на конфликтни ситуации;<br>• развива вештини за анализа на конфликтни ситуации. |
| **РЕСУРСИ** | • Хартија.<br>• А4.<br>• Работни листови. |
| **ВРЕМЕ** | Еден наставен час од 40 минути. |

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Учениците се делат во четири или пет групи од по шест ученици, во зависност од големината на одделението.
2. На секоја група ѝ се дава по еден примерок од работниот лист 1 на кој има нацртано шест празни кругови и еден во средина на кој пишува конфликт. Тие имаат задача да запишат во секој круг по еден збор (асоцијација) за тоа како тие го разбираат зборот конфликт.
3. Секоја група ги презентира своите резултати.
4. Се води разговор со учениците за нивните презентации и при тоа се изведуваат следните заклучоци:
   - Конфликтите можат да бидат помали, како што се несогласувањата, поголеми, како што се караниците и тепачките и најголеми, како што се војните.
   - До конфликти доаѓа секаде каде што луѓето живеат заедно, работат, играат.
   - Конфликтите се неизбежен дел од нашиот живот.
   - Во секој конфликт има барем двајца – секој си мисли дека тој е во право, а другиот не е.
   - Повредите можат да бидат не само надворешни туку и внатрешни (можат да бидат повредени чувствата и достоинството).

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Учениците продолжуваат да работат во истите групи. Нивна задача е да ја довршат реченицата: „Конфликтот е ...“, односно секоја група треба да смисли дефиниција за поимот конфликт, користејќи ги поимите што ги запишале во шесте празни кругови од работниот лист 1. Секоја група ја споделува својата дефиниција со другите ученици.
2. Се дискутира за тоа која дефиниција за конфликтот е најјасна и најпрецизна.
3. Таа претставува основа за составување една дефиниција за конфликтот со која се согласуваат сите ученици.
4. Учениците продолжуваат да работат по истите групи и на следната задача.
5. Групите добиваат по еден примерок од работниот лист 2 на кој има наведено три различни ситуации.
6. Учениците имаат задача да ги анализираат ситуациите врз основа на дефиницијата за конфликтот што ја усвоија заеднички и за секоја ситуација одделно да проценат дали се работи за конфликт или не. Доколку станува збор за конфликт, тие треба да дадат идеја за сопствено решение на конфликтната ситуација.

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. Презентацијата се одвива ситуација по ситуација. Еден ученик, кој доброволно се пријавува, ја чита конкретната ситуација, а потоа од секоја група презентерот ги споделува ставовите на групата и конкретните решенија на ситуацијата за која станува збор. Доколку групите имаат неусогласени ставови за некоја од трите ситуации, се дискутира за да се дојде до вистинското решение на ситуацијата..
2. По презентацијата се отвора дискусија за проверка на постигнатоста на целите од часот:
    - Каква слика имате кога некој ќе го спомене поимот конфликт?
    - Кажете некои сличности кои лежат во основата на различните типови конфликти!
    - Кои се причините за настанување на конфликтите?
    - Дали конфликтите им помагаат или им одмагаат на луѓето? Зошто?
    - Дали се чувствувате оспособени за анализа на конфликтни ситуации и нивно конструктивно разрешување?

# РАБОТЕН ЛИСТ Асоцијации за конфликт 1




# РАБОТЕН ЛИСТ Конфликтни ситуации 2

Во рамки на својата група прочитајте ги следните три ситуации.

Анализирајте ги ситуациите во однос на карактеристиките на конфликтот и оценете за секоја ситуација одделно дали станува збор за конфликт или не.

За ситуациите коишто ќе ги определите како конфликтни, понудете конкретно решение.

1. Јована, Алдин и Џемиле секогаш разговараат на часот по историја. Шепотат и си пишуваат пораки. Еден ден предметниот наставник се налути, почна да им вика и ги избрка од часот. Тој ги казни – еден месец секој ден мора да ја бришат таблата.
2. Дејан и Шабан се добри другари. Минатата недела и двајцата полагаа тест по биологија и добија солидни оценки. Дејан мисли дека Шабан добил добра оценка затоа што ѝ е омилен ученик на наставничката. Шабан вели дека учел и дека чесно си ја заслужил оценката. Сега и двајцата се расправаат и викаат еден на друг.
3. Бесник многу ја сака ноќната радиопрограма. Таа токму сега се емитува и тој сака да ја слуша. Но, мајка му смета дека Бесник треба да спие. Му наредува да го исклучи радиото, а Бесник одбива. Мајка му многу се лути, го исклучува радиото и му забранува на Бесник да слуша радио за време на викендот.

# НОВИНАРСКА СТАТИЈА ЗА КУЛТУРНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

23

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| ДЕВЕТТО | МАЈЧИН ЈАЗИК | ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ – УСНО И ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ | ИЗВЕСТУВАЊЕ: НОВИНАРСКА СТАТИЈА |

**НАСТАВНИ ЦЕЛИ**

Ученикот/чката да:

- да умее да прикажува настани, појави, проблеми од секојдневието;
- да зазема и да искажува свој став за одредени прашања од секојдневието.

**ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ**

Ученикот/чката да:

- објасни за културното богатство на своето семејство;
- објасни кои се сличностите и разликите помеѓу културните богатства на семејствата од различни етнички групи;
- ја зголеми свесноста за вредностите на својата култура и за вредностите на различните култури;
- ја согледа потребата од прифаќање и почитување на другите култури.

**РЕСУРСИ**

- Работен лист.
- Фотографии од куќи од различни региони во Република Македонија (прилог).
- Интернет.

**ВРЕМЕ**

Два наставни часа од 40 минути.

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Учениците во парови раскажуваат за своите семејства според следните прашања:
   - Кои членови го сочинуваат твоето семејство – родители, баби, дедовци, предци (како се викаат, каде се родени)?
   - Кое е културното потекло на твоето семејство (јазик на зборување, етничка припадност)?
   - Кои празници се прославуваат?
   - Која традиција се почитува во твоето семејство?
   - Кои се најомилените моменти во твоето семејство?
2. Од учениците се бара индивидуално да направат листа на работи за кои се сигурни дека се заеднички со другите семејства без оглед на кои култури им припаѓаат и листа на работи за кои сметаат дека нивните семејствата ги прави посебни и различни од другите семејства.

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. На учениците им се најавува дека ќе истражуваат за културите на семејства од различни етнички заедници што живеат во Република Македонија. Учениците се делат во мали групи и од нив се бара да извлечат една фотографија од семејна куќа. За таа цел наставникот подготвува фотографии од десеттина куќи што се изградени според приближно ист стандард. Потоа секоја група извлекува ливче на кое е запишана етничката припадност на семејството за кое треба да се истражува (во прилогот се напишани ливчиња со следните семејства: македонско, албанско, бошњачко, турско, ромско, српско, влашко). На учениците им се објаснува дека треба да го замислат семејството од етничката заедница што го извлекле дека живее во куќата од нивната фотографија. *(Наставникот се труди секоја група да работи на фотографија со куќа во која живее семејство со етничка припадност различна од нивната.)*
2. Учениците заеднички во групата, преку користење на интернет, истражуваат за културата што ја извлекле. По истражувањето и меѓусебната дискусија за прибраните податоци, учениците добиваат насоки секој индивидуално да направи новинарско известување/репортажа за семејството од куќата на фотографијата врз основа на прибраните податоци и прашањата од работниот лист и да вклучат интересна случка за семејството.

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

По читањето на неколку новинарски известувања со учениците се разговара за следните прашања:

1. Што научивте од активностите на оваа тема?
2. На кои прашања ви беше полесно да одговорите, а на кои потешко?
3. Што беше најголемото изненадување при истражување на интернет за животот на културната заедница од фотографијата што ја работевте?
4. Кои сличности или разлики ги откривте помеѓу вашето семејство и семејството од фотографијата?
5. Како може да ги развивате вредностите на својата култура и да ги почитувате другите култури?

МАКЕДОНСКО СЕМЕЈСТВО

АЛБАНСКО СЕМЕЈСТВО

БОШЊАЧКО СЕМЕЈСТВО

ТУРСКО СЕМЕЈСТВО

РОМСКО СЕМЕЈСТВО

СРПСКО СЕМЕЈСТВО

ВЛАШКО СЕМЕЈСТВО

# РАБОТЕН ЛИСТ

## Насоки за секое индивидуално новинарско известување/репортажа

Истражете на интернет за културната заедница на која ѝ припаѓа куќата од фотографијата што ја извлече вашата група. Замислете дека прозорците на куќата од фотографијата се отворени и можете да го гледате семејството што живее во неа. Обидете се заеднички во групата да одговорите на следните прашања:

1. Колку членови брои семејството што живее во куќата?
2. Кои се членовите на семејството?
3. На кој јазик зборуваат?
4. Наведете што работи секој од нив?
5. На која култура/етничка група ѝ припаѓа семејството?
6. Кои се нивните главни традиции и обичаи?
7. Кои празници се важни за ова семејство и како се празнуваат?
8. Како се облекуваат?
9. Кои игри ги играат децата?
10. Колку ова семејство е гостопримливо? Како ова семејство ја изразува гостопримливоста?
11. Кои се најомилените работи што се прават во ова семејство?

Врз основа на одговорите на прашањата, секој индивидуално треба да напише новинарски напис за замислено семејство од куќата на фотографијата, користејќи ги одговорите од прашањата наведени погоре. Во написот вклучете и некоја интересна случка за семејството.

# ALL READY AND PACKED

24

| Одделение | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
| --- | --- | --- | --- |
| ДЕВЕТТО | АНГЛИСКИ ЈАЗИК | ALL READY AND PACKED | ПИШУВАЊЕ РАЗГЛЕДНИЦА |

| | |
| --- | --- |
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>- го збогатува вокабуларот;<br>- учи да анализира, селектира и да презентира податоци;<br>- се сензибилизира за воочување на културолошките сличности и разлики. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>- развива отворен пристап за запознавање на особеностите на различните култури;<br>- развива чувства на почит, емпатија, доверба и прифаќање на другите култури. |
| **РЕСУРСИ** | - Работни листови.<br>- Посочени интернет-страници од страна на наставникот.<br>- Компјутер.<br>- ЛЦД-проектор.<br>- Ученички компјутери, стабилна интернет-врска. |
| **ВРЕМЕ** | Еден до два наставни часа од 40 минути. |

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Активноста започнува со презентација на методата webquest дадена во работниот лист 1 наменет за сите групи. Притоа наставникот објаснува дека за работа на задачата што следува ќе се прибираат информации само од интернет. Потоа на учениците им ги поставува следните прашања:
   - Би сакале ли да бидете дел од некоја интересна патувачка авантура?
   - Сакате ли да ја почувствувате магијата на новото, непознатото, различното?
   - Можете ли на овој час да си замислите дека ги посетуваме државите како: Албанија, Турција, Србија, Босна и Херцеговина?
2. Се највува дека учениците ќе истражуваат за четирите претходно споменати држави и потоа им се дава работниот лист 1 за webquest и им се даваат насоки за работа.

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Учениците се делат во четири групи и секоја група треба да изработи разгледница во електронска форма и тоа:
   - првата група од Албанија;
   - втората група од Турција;
   - третата група од Србија;
   - четвртата група од Босна и Херцеговина.
2. Учениците треба да истражуваат на интернет и да дадат соодветен опис (слики, текстови) за следните карактеристики на државата за која истражуваат:
   - местата што се интересни и значајни,
   - народот,
   - обичаите,
   - храната,
   - јазикот и религијата,
   - други интересни нешта за земјата.
3. Секоја група истражува на интернет за сите горенаведени карактеристики и при тоа подготвува соодветни текстови и слики.
4. Учениците во своите групи ги анализираат и ги селектираат собраните податоци и пристапуваат кон изработка на разгледницата со примена на програмата Openoffice Writer.
5. Наставникот ја следи работата на учениците и доколку има потреба им помага.

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

## ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. Секоја група ја презентира својата разгледница. Сите групи добиваат по еден примерок од работниот лист 2 – Табела за сличности.
2. Додека една група презентира, другите групи ја пополнуваат Табелата според дадените насоки во работниот лист.
3. По секоја презентација, на учениците од другите групи им се дава можност да ѝ поставуваат прашања на групата што презентира.
4. По завршувањето на сите презентации и по комплетирањето на Табелата, со учениците се разговара за следните прашања:
   - Кои нови зборови ги научивте?
   - Која од овие држави веќе сте ја посетиле?
   - Што мислите, зошто токму овие држави се одлучивме да ги „посетиме“?
   - Што е заедничко за сите овие четири држави, а што е различно? (По еден претставник од секоја група ги набројува идентификуваните сличности.)
   - Дали мора да ги посетиме овие земји за да се запознаеме директно со претставниците на овие народи?

# РАБОТЕН ЛИСТ WEBQUEST 1

Се формираат четири групи во паралелката, кои по пат на извлекување добиваат задача да истражуваат и да изработат презентација во програмата OpenOffice Writer за една од четирите земји: Албанија, Турција, Србија, Босна и Херцеговина.

ЗАДАЧА ЗА УЧЕНИЦИТЕ

1. Ваша задача е преку изработка на презентација во програмата OpenOffice Writer, која треба да е во вид на разгледница, адресирана по ваша желба, да ги пренесете вашите впечатоци од земјата што замислено ќе ја посетите (име на земјата: ______________ ).
2. Заеднички истражувајте за:
   - местата што ви го одзеле здивот,
   - народот,
   - обичаите,
   - храната,
   - јазикот и религијата,
   - други интересни нешта за земјата.
3. Подгответе текстови и слики за горенаведените карактеристики.
4. Заеднички во групата анализирајте ги подготвените слики и текстови и изберете ги оние што најдобро ќе ја прикажат земјата на вашата разгледница. Обидете се разгледницата да биде што поинтересна и повпечатлива.
5. Презентирајте ја вашата разгледница пред целиот клас и дискутирајте за вашата и за разгледниците од другите групи.
6. Додека ги следите презентациите од другите групи, користете ја Табела 1 – Сличности, во која ќе ги запишувате сличностите на земјата што ја истражувавте со земјите од другите групи.

## РЕСУРСИ

Ова се линковите коишто можете да ги користите за вашата презентација, но исто така можете да користите и други линкови по ваш избор:

Група 1 – Албанија

http://www.tripadvisor.com/Tourism-g294445-Albania-Vacations.html

Група 2 – Турција

http://www.tripadvisor.com/Tourism-g293969-Turkey-Vacations.html

Група 3 – Србија

http://www.tripadvisor.com/Tourism-g294471-Serbia-Vacations.html

Група 4 – Босна и Херцеговина

http://www.tripadvisor.com/Tourism-g294449-Bosnia_and_Herzegovina-Vacations.html

## TABLE – SIMILARITIES

During other groups presentations', please write down the identified similarities between the characteristics of the country which you've explored and the countries explored by the other groups.

| | | ALBANIA | TURKEY | SERBIA | BOSNIA AND HERZEGOVINA |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Breathtaking places | | | | |
| 2 | People | | | | |
| 3 | Customs | | | | |
| 4 | Food | | | | |
| 5 | Language and Religion | | | | |
| 6 | Other interesting things about the country | | | | |

# ПРИМЕРИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ ВО НАСТАВАТА ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

# „НЕ“ НА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА

1

| Клас | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| ВТОРА ГОДИНА | СОЦИОЛОГИЈА | ОПШТЕСТВЕНА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА И СТРАТИФИКАЦИЈА | ЕТНИЧКИ ГРУПИ |

## НАСТАВНИ ЦЕЛИ

Ученикот/чката да:

- може ги определи поимите: етничка група, етнички идентитет, етнички антагонизам, предрасуди, стереотипи и дискриминација;
- знае да ги идентификува белезите на етничкиот идентитет;
- може да ги опише односите во мултиетничкото општество и да изгради сопствен став за меѓуетничките односи.

## ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ

Ученикот/чката да:

- развива вештини за препознавање на стереотипи и предрасуди кај себеси и кај другите;
- развива вештини за намалување на стереотипите и предрасудите за другите етнички групи;
- развива вештини како да се справува со предизвиците на етничка дискриминација;
- се поттикнува да се справува со предизвиците на неправда и да презема акции за социјална праведност;
- гради вредности за меѓуетничка интегрираност во мултикултурно општество.

## РЕСУРСИ

- Компјутер.
- ЛЦД-проектор.
- Длабок сад.
- Работен лист.

## ВРЕМЕ

Три наставни часа од 45 минути (+ активности за дома).

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Преку бура на идеи се утврдуваат предзнаењата на учениците за клучните поими за темата, како: етничка група, етнички идентитет, етнички антагонизам, предрасуди, стереотипи и дискриминација.
2. Со помош на техниката грозд се дефинираат поимите и се откриваат врските меѓу нив во современото општество.
3. За совладување на наставните и на мултикултурните цели се користи истражувачки проект, чија задача е да ги идентификува белезите на етничкиот идентитет и да ги дефинира ставовите кај учениците за меѓуетничките односи во современото мултикултурно општество.
4. За таа цел се најавува истражувањето што ќе го работат учениците на тема: *Етничкиот идентитет и дискриминацијата по основ на етничката припадност*.

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

За спроведување на истражувањето се користи методологија, која комбинира: преглед на литературата/документите, анализирање на медиумите, анкетирање (меѓу учениците и релевантни чинители), како и приказ на случаите.

1. Учениците по случаен избор се делат во четири групи и им се дели работниот лист со детални инструкции за работа. Групите ги имаат следниве задачи:
   - **Првата група** има задача да направи преглед на законската регулатива за спречување дискриминација. Таа ги истражува законските решенија во Република Македонија и сите меѓународни конвенции донесени од ООН, Европската Унија и Советот на Европа. Групата ја проверува и ратификацијата на овие документи од страна на собранието на РМ. Прави селекција, анализа и синтеза на добиените податоци и ги интерпретира во групниот извештај. Лидерот на групата интерно ги распределува задачите на секој од членовите.
   - **Втората група** го испитува влијанието на медиумите врз појавата на дискриминација по етничка основа. За таа потреба учениците анализираат селектирани електронски и печатени мас-медиуми: интернет, телевизија, радио и весници. Врз изборот на медиумите влијае и јазикот што го користи медиумот, популарноста и видот на програмата што ја емитува. Откако ќе го направи изборот на конкретните медиуми, групата се договара кои рубрики, односно информативни изданија ќе ги следи. Лидерот на групата ги распоредува улогите на сите членови. Секој член од групата прави извештај, а потоа се анализираат и се сумираат резултатите од сите членови на групата, кои потоа ќе бидат вклучени во групниот извештај на класот.
   - **Третата група** спроведува анкета за можностите за справување со предизвиците на неправда и за преземање акции за социјална праведност меѓу учениците и релевантите чинители за темата. При изготвувањето на анкетата се вклучува и наставникот, кој ги насочува прашањата да бидат поврзани со целите што треба да ги постигнат учениците (наставни и мултикултурни). Училиштето го обезбедува печатењето и умножувањето на прашалниците. Анкетата се спроведува меѓу учениците од втора година и наставниците, но се вклучуваат и родители и притоа се води сметка примерокот да биде репрезентативен. Исто така, се анкетираат претставници од невладини организации, кои се занимаваат со човекови права, претставници од општината во која припаѓа училиштето и

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

претставници од МОН. Лидерот на групата ги распоредува улогите на секој од нејзините членови. Групата ги обработува и ги анализира прашалниците, а потоа пишува извештај, кој го вклопува во групниот извештај на класот.

- **Четвртата група** прави приказ на случаи што се конкретни примери на дискриминација по етничка основа. Случаите може да ги прикаже со користење стручна литература, но и преку интервју на конкретни личности од непосредното опкружување, посочени од невладините организации што ги заштитуваат човековите права. Наставникот ги насочува учениците која литература можат да ја користат за постигнување на целта и каде да се обратат за да можат да ја реализираат својата задача. Лидерот ги распоредува задачите, а по нивната реализација пишуваат извештај, кој го вклопуваат во заедничкиот извештај.

2. Се дефинираат проблемот, прашањето и целта, а потоа се изработува план според кој ќе се одвива истражувањето.
3. Учениците продолжуваат да работат во рамки на групите сѐ до моментот кога го изготвуваат финалниот извештај на ниво на клас и заеднички го презентираат.
4. Следува прибирање на информации во групите проследено со насочување и повратни информации од наставникот.
5. За да се неутрализира учеството на родителите и на учениците да им се обезбеди подеднаков пристап до ресурсите, групниот извештај се изработува на училиште, во компјутерската лабораторија. Откако ќе ги анализираат и ќе ги синтетизираат податоците, следува изведувањето заклучоци. Ова е многу важно, особено затоа што во следниот чекор групите се фузираат, односно по еден член од секоја група (портпаролот на групата) учествува во изготвување на финалниот извештај. Во оваа фаза, исто така, од пресудна важност е соработката на сите членови од групата.
6. Учениците подготвуваат извештај од спроведеното истражување – прават презентација во компјутерска програма во која се потенцираат добиените резултати од истражувањето.

**ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА**

1. Презентирањето на извештајот од истражувањето се одвива на отворен час во присуство на учениците, наставниците и педагошката служба на училиштето. Се избира по еден презентер од секоја група, кои се менуваат во зависност од текот на слајдовите.
2. Учениците изработуваат кодекс на однесување, кој беше предложен од нивните соученици. Кодексот е изложен во училишниот хол како симбол на заложбите за меѓуетничка интеграција.
3. Како дополнителна активност, учениците можат да направат блог за да запознаат и да заинтересираат за темата колку што е можно поширок круг ученици, родители и наставници. Задача на учениците ќе биде да го одржуваат блогот и да одговараат на реакциите.
4. Се евалуира спроведената активност, се сумираат резултатите и се оценува проектот во целина. Во име на групите настапуваат нивните лидери, кои се самооценуваат во однос на темата на истражување, добиените податоци за изготвениот проект и во однос на начинот на комуникација во групата, но и со другите групи и со наставникот.

На крајот се проверува постигнатоста на наставните и мултикултурните цели на активноста преку следните прашања:

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

- Што значат поимите: етничка група, етнички идентитет, етнички антагонизам, предрасуди, стереотипи и дискриминација?
- Кои се основните карактеристики на етничкиот идентитет?
- На кој начин ќе дејствуваме во заедницата за да ги намалиме стереотипите и предрасудите кон другите етнички заедници што претставуваат основа за дискриминација?
- Што ќе преземеме за да се справиме со ситуации на неправда и дискриминација?

Вашата улога е да реализирате истражување поделени во четири групи, да подготвите извештај во рамки на групата, а потоа да го вклопите во заедничкиот извештај. Извештајот треба да го презентирате и да изработите кодекс, кој ќе биде симбол на заложбите на нашето училиште за меѓуетничка интеграција.

Користете ги следните насоки што ќе ви помогнат во реализација на истражувањето:

1. Изберете картичка што ќе ја определи групата на која ќе ѝ припаѓате. Бројот на картичката е бројот на вашата група. Седнете на местото определено за таа група.
2. Од работниот лист следете ги инструкциите што се однесуваат за вашата група, а во ситуации кога класот функционира како една група, следете ги инструкциите за класот.

ЗАДАЧИ ЗА ГРУПИТЕ:

**ПРВАТА ГРУПА** ПРАВИ ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА.

- Изберете лидер на групата, кој интерно ќе ги распредели задачите на секој од членовите.
- Истражете ги законските решенија во Република Македонија (Уставот и законите) и сите меѓународни конвенции донесени од ООН, Европската Унија и Советот на Европа.
- Проверете ја ратификацијата на овие документи од страна на собранието на РМ.
- Направете селекција, анализа и синтеза на добиените податоци и интерпретирајте ги во групниот извештај.
- Изберете презентер на групата, кој ќе учествува во групната презентација.

**ВТОРАТА ГРУПА** ГО ИСПИТУВА ВЛИЈАНИЕТО НА МЕДИУМИТЕ ВРЗ ПОЈАВАТА НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ЕТНИЧКА ОСНОВА.

- Селектирајте електронски и печатени мас-медиуми: интернет, телевизија, радио и весници. Врз изборот на медиумите влијае и јазикот што го користи медиумот, популарноста и видот на програма што ја емитува.
- Откако ќе го направите изборот на конкретните медиуми, договорете се кои рубрики, односно информативни изданија ќе ги следите.
- Лидерот на групата ги распоредува улогите на сите членови.
- Секој член од групата прави извештај, а потоа се анализираат и се сумираат резултатите од сите членови на групата, кои потоа ќе бидат вклучени во групниот извештај на класот.
- Изберете презентер на групата, кој ќе учествува во групната презентација.

**ТРЕТАТА ГРУПА** СПРОВЕДУВА АНКЕТА ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА НЕПРАВДА И ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ АКЦИИ ЗА СОЦИЈАЛНА ПРАВЕДНОСТ, МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ И РЕЛЕВАНТИТЕ ЧИНИТЕЛИ ЗА ТЕМАТА.

- Подгответе прашања за анкетен прашалник што ќе одговара на темата за истражување и ќе биде поврзан со клучните наставни и мултикултурни цели.
- Определете број на лица што ќе бидат анкетирани, внимавајќи притоа анкетирањето да го спроведете меѓу учениците од втора година, наставниците и родителите, при што треба да

водите сметка примерокот да биде репрезентативен. Исто така, се анкетираат претставници од невладини организации, кои се занимаваат со човекови права, претставници од општината во која припаѓа училиштето и претставници од МОН.

- Испечатете ги и умножете ги прашалниците.
- Лидерот на групата ги распоредува улогите на секој од нејзините членови.
- Групата ги спроведува, ги обработува и ги анализира прашалниците, а потоа пишува извештај, кој го вклопува во групниот извештај на класот.
- Изберете презентер на групата, кој ќе учествува во групната презентација.

**ЧЕТВРТАТА ГРУПА** ПРАВИ ПРИКАЗ НА СЛУЧАИ КОИ СЕ КОНКРЕТНИ ПРИМЕРИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ЕТНИЧКА ОСНОВА.

- Случаите може да ги прикажете со користење стручна литература, но и преку интервју на конкретни личности од непосредното опкружување, посочени од невладините организации, кои ги заштитуваат човековите права. Користете ја литературата што ви е посочена од наставникот, но можете и самостојно да истражувате.
- Обратете се за помош во невладините организации за заштита на човековите права.
- Лидерот ги распоредува задачите, а по нивната реализација напишете извештај, кој ќе го вклопите во заедничкиот извештај на класот.
- Внимавајте на интегритетот на случаите што ги опишувате.
- Изберете презентер на групата, кој ќе учествува во групната презентација.

Врз основа на задачата на вашата група, изработете план според кој ќе го правите истражу-вањето.

**ГРУПИТЕ ФУНКЦИОНИРААТ ИЗДВОЕНО СЀ ДО ФАЗАТА НА ПОДГОТОВКА НА ФИНАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ (ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА).**

1. Финалниот извештај подгответе го заеднички на час со претставниците од сите групи. Треба да изработите презентација во која ќе ги прикажете резултатите до кои ќе дојдете со помош на истражувањето.
2. Презентирајте на отворен час пред ученици, родители и наставници од училиштата.
3. Направете кодекс на однесување, кој ќе го изложите во училишниот хол како симбол на заложбите на вашето училиште за меѓуетничка интеграција.
4. Како дополнителна активност може да направите блог за темата. Ваша задача ќе биде да го одржувате блогот и да одговарате позитивно на реакциите од читателите.
5. Евалуирајте ги вашите очекувања во однос на добиените резултати, сумирајте ги и оценете ја успешноста на истражувањето во целина.

2

# ЕТНООРНАМЕНТИ

| Клас | Струка/ образовен профил/ наставна програма | Тема од наставната програма | Наставна единица |
| --- | --- | --- | --- |
| ВТОРА ГОДИНА | ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА КОНФЕКЦИСКИ ТЕХНИЧАР ДИЗАЈН НА ОБЛЕКА | ЕСТЕТСКИ ВРЕДНОСТИ ОД НАРОДНОТО ТВОРЕШТВО ВО СОВРЕМЕНОТО ОБЛЕКУВАЊЕ | ПРЕОБЛИКУВАЊЕ НА ЕТНОЕЛЕМЕНТИ ВО СОВРЕМЕН ОРНАМЕНТ |

## НАСТАВНИ ЦЕЛИ

Ученикот/чката да:

- се запознае со ликовните, естетските и функционалните вредности на орнаментите од народното творештво на различните култури и етнички заедници во Република Македонија;
- научи да ги препознава и да ги разликува народните носии и орнаменти од различните етнички заедници;
- применува ликовни елементи и принципи во дизајнот на облеката;
- ги користи вредностите на дизајнот од народното творештво во практиката;
- создава современи орнаменти со комбинирање на етноелементи и делови на орнаменти (украси) од различни народни носии, од различни култури и етнички заедници;
- преобликува различни етноелементи во современ орнамент.

## ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ

Ученикот/чката да:

- поттикнува интерес и љубов кон народното творештво создадено од различни етнички заедници и култури;
- развива правилен однос кон целокупното народно творештво во Македонија преку запознавање на карактеристиките на различните етнички заедници;
- развива естетски и културни вредности, а со тоа и чувство на почит и прифаќање на другите култури.

**РЕСУРСИ**

- Фотографии со народни носии од различни етнички заедници.
- Примери со орнаменти, детали од народни носии од различни етнички групи (македонски, албански, влашки, турски и др.) од различни краеви од Македонија.
- Видеопрезентација со различни орнаменти, народни носии, архитектура, музика.
- работен лист и прилог.

**ВРЕМЕ**

Два наставни часа од 45 минути.

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ**

1. Активноста започнува со бура на идеи за поимите орнамент и етноорнамент и на учениците им се поставуваат следните прашања:
   - Што означува поимот орнамент?
   - Кои се видови на етноорнамент?
   - Која е основната разлика на етноорнаментите во различните култури?
   - Каде најчесто се употребуваат орнаментите?
   - Која е улогата на орнаментите во текстилот?
2. На учениците им се најавува дека задачата на која ќе работат се состои од два дела. Во првиот дел ќе истражуваат за употребата на орнаментите во изработка на народните носии од различни етнички заедници, а во вториот дел ќе креираат современ орнамент во дизајн на текстил за облека.

**АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ**

1. Учениците се делат во помали групи. Секоја група го добива прилогот со примери на линкови и публикации со различни народни носии и други етноелементи од народното творештво во Република Македонија од различни етнички групи од непосредното опкружување.
2. На учениците им се дели работниот лист со следните задачи:

   **ЗАДАЧА 1 – Истражување на орнаменти**

   - Учениците во своите групи ги разгледуваат линковите и публикациите од прилогот со различни народни носии и прават анализа на орнаментите на народните носии од различните етнички групи: а) ги воочуваат ликовните вредности; б) ги препознаваат елементите од народните носии на која етничка заедница ѝ припаѓаат; в) прават споредување на орнаментите и одредуваат сличности и разлики.
   - Секоја група ги презентира своите истражувања и наставникот на табла прави една заедничка листа од сите групи каде што ги сумира карактеристиките на орнаментите, украсите што биле застапени на фотографиите и ги истакнува нивните сличности и разлики.

   **ЗАДАЧА 2 – Креирање на дизајн на современ орнамент за облека**

   - Учениците во истите групи работат на дизајн на современ, нов орнамент, украс со присутни елементи (бои, форми, линии) на орнаменти на една етничка заедница која самите ја бираат – во една нова, современа целина.
   - Учениците на видно место го изложуваат сопствениот дизајн на современ орнамент од различни етнички заедници.

| ОПИС НА АКТИВНОСТА | ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА<br>1. Учениците добиваат инструкции да ги разгледаат изложените дизајни на современи орнаменти подготвени од другите групи, да ги идентификуваат сличностите и разликите и да запишат прашања и коментари за дискусија за целата активност.<br>*Наставникот прави рефлексија преку следните прашања:*<br>▸ Со кои нови поими се сретнавте на овој час?<br>▸ Кои дилеми ги имавте во текот на истражувањето на орнаментите?<br>▸ Можете ли да кажете кои се сличностите на орнаментите на дадените култури што ги поврзуваат, а кои се нивните различности?<br>▸ Како се врши преобликување на етноелементи во современ орнамент?<br>2. Дали овие активности го поттикнаа вашиот интерес за народното творештво создадено од различните етнички заедници и култури? |
|---|---|

# РАБОТЕН ЛИСТ

## Истражување и дизајн на етноорнамент

### ЗАДАЧА 1 – ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОРНАМЕНТИ

Во своите групи разгледајте ги линковите и публикациите со различни народни носии и направете анализа на орнаментите на народните носии од различните етнички групи при што треба: а) да ги воочите ликовните вредности; б) да ги препознаете елементите од народните носии на која етничка заедница ѝ припаѓаат; в) да направите споредување на орнаментите и да ги одредите сличностите и разликите.

### ЗАДАЧА 2 – КРЕИРАЊЕ НА ДИЗАЈН НА СОВРЕМЕН ОРНАМЕНТ

Изработете дизајн на современ, нов орнамент, украс со присутни елементи (бои, форми, линии) на орнаменти на една етничка заедница што самите ја бирате – во една нова, современа целина.

Во прилог се дадени примери со линкови и публикации во кои се претставени народните носии од различните етнички заедници во Република Македонија.

## ЛИНКОВИ ЗА НАРОДНИ НОСИИ ОД МАКЕДОНСКАТА ЕТНИЧКА ЗАЕДНИЦА ОД РАЗЛИЧНИ РЕГИОНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Македонски вез – Википедија.
   http://bit.ly/2i9Jy0S
2. Народни везови и накит
   http://www.zmurh.hr/category/makedonija/tradicija/narodni-vezovi-i-nakit/?lang=mk
3. Народниот вез во Македонија
   http://documents-mk.blogspot.mk/2013/09/blog-post_8923.html
4. Народни носии од брсјачка етнографка целина - Wiki.mk
   http://bit.ly/2ij9Gnu
5. Народни носии од мијачка етнографска целина - Wiki.mk
   http://bit.ly/2hglWn4
6. Носија од Прилепско-Битолско Поле - Википедија.
   http://bit.ly/2hqHZwi
7. Заневски, Владимир. *Народните ора прикажани во текстилното народно творештво*
   http://eprints.ugd.edu.mk/11866/1/ETNOLOG%20%2016%20Janevski%20Vladimir.pdf
8. Ристовска Пиличкова, Јасминка. *Мотивот саан – можна манифестација на митска птица Семеург – Симург*
   http://philologicalstudies.org/dokumenti/2013/Philosophical-Cultural%20Problems/06.tom%201.rub1.J.Ristovska%20Pilickova.pdf
9. Крстева, Ангелина. 2001. *Македонски народни везови/Macedonian folk embroideries.* Издавачка куќа: Матица Македонска.

## ЛИНКОВИ НА НАРОДНИ НОСИИ ОД АЛБАНСКАТА ЕТНИЧКА ЗАЕДНИЦА ОД РАЗЛИЧНИ РЕГИОНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Фолклорни елементи од регионот на Тетово – Придонес за зачувување на фолклорните вредности во регионот на Тетово.
   Публикацијата е подготвена од Форум на албанската жена, Холандска амбасада, Организација на жени, Етнолошки музеј на град Тетово.
   http://www.forumi.org.mk/userfiles/file/publikime/brosh-MK.pdf
   http://www.forumi.org.mk/userfiles/file/publikime/brosh-SHQ.pdf
2. Експонати на албанската етнографија во Македонија/Eksponate të etnografisë shqiptare në Maqedoni/Exhibits of Albanian ethnography in Macedonia – Халиде Палоши. Издавач: НВО Јехона – Скопје. Публикацијата е поддржана од Министерството за култура, Град Скопје и Општина Чаир.

# БОГАТСТВО НА РАЗЛИЧНИ КУЛТУРИ

3

| Клас | Предмет | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| ВТОРА ГОДИНА | СОЦИОЛОГИЈА | КУЛТУРА | КУЛТУРНИ СЛИЧНОСТИ И КУЛТУРНИ РАЗЛИКИ |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>▸ ги наброи елементите што им се заеднички на сите култури, како и елементите што се карактеристични за посебните култури. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>▸ ги воочи сличностите и разликите помеѓу учениците од својот клас;<br>▸ ја согледа сложеноста на културите;<br>▸ ги воочи карактеристиките на видливите и невидливите аспекти на културата;<br>▸ ги одреди карактеристиките на различните култури од РМ;<br>▸ ги воочи сличностите и разликите помеѓу својата култура и културите на другите;<br>▸ ја зголеми свесноста за прифаќање и почитување на разликите на другите култури. |
| **РЕСУРСИ** | ▸ Работен лист.<br>▸ Интернет. |
| **ВРЕМЕ** | Два наставни часа од 45 минути. |

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Активноста започнува со тоа што се бараат двајца ученици кои доброволно ќе треба да излезат напред во училницата и да застанат еден до друг завртени со грб.
2. Од другите ученици се бара да кажуваат работи за разликите на двајцата ученици, кои доброволно се пријавија за активноста (работите за разликите може да се однесуваат на: 1) физички/надворешни карактеристики – пр. дали имате кратка/долга коса, дали имате темни/светли очи, дали носите патики/чевли и 2) лични карактеристики – хоби, интереси, пр. дали пицата ви е омилено јадење, дали слушате музика во слободно време, дали сакате да читате книги, дали спортувате). Како што ќе се кажува секоја разлика, учениците прават чекор со кој се оддалечуваат. Кога тие ќе стигнат до крајот на просторијата, се завртуваат со поглед лице в лице.
3. Потоа од другите ученици се бара да кажуваат сличности за двајцата ученици. За секоја кажана сличност учениците прават чекор напред.
4. По вежбата сите учениците се поттикнуваат на дискусија:
    - Кои работи беа забележани како разлики? Колку од наведените работи можеа лесно да се видат/забележат (пол, боја на коса, вид обувки и сл.)?
    - Каков беше случајот со сличностите? Се нагласува дека и кај сличностите физичките карактеристики полесно се забележуваат, додека за многу други сличности што се однесуваат на личните карактеристики не може да се одреди видливоста (пр.: хоби, интереси во животот и сл.).

*На учениците им се потенцира дека е многу важно да се знаат сличностите и разликите меѓу луѓето од различни култури и дека е важно тие меѓу себе да се почитуваат и да се прифаќаат. За да го разберат концептот на културата подобро, таа се прикажува преку метафора на санта мраз од којшто еден помал дел е над водата и е видлив, а другиот, кој е поголем, е под водата и е невидлив. Може да се објасни дека и културата како сантата мраз има видливи аспекти и многу други акспекти за кои може само да претпоставуваме и да учиме за да ја разбереме подобро со цел да имаме успешна интеракција.*

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. На учениците им се најавува дека ќе работат во мали групи (3 – 4 ученици) и им се дели работниот лист – Карактеристики на културата. Секој член од групата индивидуално го пополнува работниот лист и дава објаснување за секоја карактеристика. На почетокот наставникот им помага на учениците за да бидат објективни во објаснувањето на обичаите на својата култура.
2. По пополнувањето на работниот лист, на учениците им се даваат насоки во рамки на своите групи да дискутираат за следните карактеристики и да прават споредување на нивните одговори:
    - **Прослави:** Какви видови прослави се важни во вашите семејства? Што е слично, а што различно?
    - **Начини на поздравување:** На кој начин ги поздравувате луѓето што не ги познавате, а како луѓето што ги познавате?
    - **Гостопримливост:** Како ја изразувате гостопримливоста во вашата заедница, во училиштето, во семејството?
    - **Улога на семејството:** Кои важни настани и на која возраст се прославуваат во вашето семејство или заедница?
    - **Ставови за личен простор и приватност:** Колку е важно да се има личен простор и приватност?

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

3. По дискусијата од учениците во групата се бара да одредат кои карактеристики се видливи, а кои невидливи. Секоја група добива празен лист на кој треба да се нацрта санта мраз и да се повлече линија со која се дели сантата на еден помал дел што е над водната површина и поголем дел што е под водата.
4. Од учениците се бара да пишуваат над линијата од водата бројки коишто се однесуваат на видливите карактеристики на нивната култура. Во поголемиот дел под водата се пишуваат бројките на невидливите карактеристики.
5. На почетокот на групите им се даваат неколку примери, а потоа тие работат самостојно (на пр. стилот на облекување е видлива карактеристика, ставовите за гостољубивоста не се видливи).
6. По завршувањето на задачата, секоја група во пар со друга група го споредува местото на карактеристиките. Учениците треба да се подготвени да објаснат зошто местото на секоја карактеристика е над или под линијата (е видлива или не е видлива). Во листата на карактеристиките, броевите што би требало да се под линијата се: 3, 5, 6, 7, 13, 14, 17 – 24.
7. На крај од првиот час, на учениците им се дава домашна задача да истражуваат преку интернет за карактеристиките на припадниците на друга култура што живее во Република Македонија и да ги одредат сличностите и разликите на својата култура со другата култура за која истражувале. Секоја група одредува за која култура ќе истражува, а во рамки на групата, истражувањето се прави на индивидуално ниво. Учениците се насочуваат дека истражувањето треба да го направат според карактеристиките дадени во работниот лист.

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. Учениците во своите групи ги обработуваат добиените податоци од истражувањето за карактеристиките на другата културата што ја избрале на претходниот час.
2. Учениците работат на подготовка на презентацијата за карактеристиките на другата култура и за сличностите и разликите на сопствената култура.
3. Секоја група ја презентира својата работа.
4. Со учениците се разговара за следните прашања:
    - Што научивте за културата на којашто вие ѝ припаѓате?
    - Во која мера ви беше тешко да ги одредите видливите и невидливите карактеристики на својата култура?
    - Кои се вашите впечатоци од идентификувањето на сличностите и разликите помеѓу својата култура и другите култури?
    - Како може да се зголеми прифаќањето и почитувањето на разликите на другите култури?
    - Што може да се преземе за да се прифаќаат и да се почитуваат разликите меѓу културите во нашето општество?

При дискусијата, учениците се насочуваат да дојдат до заклучок дека во рамки на секоја култура не може да правиме генерализација на карактеристиките на таа култура кај сите припадници поради постоење на индивидуални разлики кај поединците (пр.: не сите муслимани не јадат свинско месо или, не сите Македонци одат во црква)

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА КУЛТУРАТА

**Насоки за работа: Пополнете го работниот лист така што за секоја карактеристика напишете објаснување за тоа што е заедничко за луѓето од вашата култура.**

| | |
|---|---|
| 1. Стил на облекување | 13. Концепт за фер однесување |
| 2. Начини на поздравување на луѓето | 14. Пријателство |
| 3. Гостопримливост | 15. Храна |
| 4. Доаѓање навреме | 16. Експресија на лицето и гестикулација на рацете |
| 5. Ставови за воспитување на децата и младите | 17. Концепт за себеси |
| 6. Ставови за личен простор и приватност | 18. Работни навики |
| 7. Ставови за одговорностите на децата и младите | 19. Религиозни верувања |
| 8. Гестикулација што покажува дека е разбрано тоа што ти се кажува | 20. Концепт за убавина |
| 9. Обичаи за празници | 21. Правила на примерно однесување |
| 10. Музика | 22. Ставови за разликите на генерациите |
| 11. Танци и ора | 23. Улогата на семејството |
| 12. Прослави | 24. Генерални погледи за светот |

# НОВ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

4

| Клас | Струка/ образовен профил/ наставна програма | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| ВТОРА ГОДИНА | ГРАДЕЖНО-ГЕОДЕТСКА/ АРХИТЕКТОНСКИ ТЕХНИЧАР/ РАЗВОЈ НА АРХИТЕКТУРАТА | МАКЕДОНСКА НАРОДНА АРХИТЕКТУРА | КАРАКТЕРИСТИКИ И УРЕДУВАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНАТА АРХИТЕКТУРА ВО МАКЕДОНИЈА |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>▸ развива свест за зачувување на богатото културно и архитектонско наследство во Република Македонија;<br>▸ ја согледува важноста за заштита на автохтоноста на старите градби преку концептот на реконструкција и ревитализација;<br>▸ ги продлабочува компетенциите за водење дебата и дефинирање логички аргументи за темата. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>▸ ја зајакне свеста за вредностите на заедничкото наследство и неговото зачувување како богатство на културната разновидност во Република Македонија. |
| **РЕСУРСИ** | ▸ Работен лист. |
| **ВРЕМЕ** | Два наставни часа од 45 минути. |

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Активноста започнува со дискусија за проверка на предзнењата на учениците преку прашањата:
   - Кои се функционалните, конструктивните и изразните карактеристики на традиционалната македонска христијанска и македонска муслиманска куќа во Република Македонија?
   - Кои се карактеристиките на ентериерното уредување на традиционалната македонска христијанска и македонска муслиманска куќа во Република Македонија?
   - Што подразбирате под поимот разновидно/заедничко културно наследство?
2. Потоа се најавува дебата на тема: „Урбанистички предлог-план на центарот на градот".

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Наставникот го дели работниот лист во кој е опишана хипотетичка ситуација за дебатата на тема: „Урбанистички предлог-план на центарот на градот" наведена во листот.
2. На учениците им се објаснува дека ќе се води дебата за урбанистичкиот план со кој се предвидува старото јадро на градот да се сруши и да се изградат нови модерни станбени згради. Според сценариото, претставниците од локалната власт се за предложениот урбанистички план, со аргументи дека модерната архитектура е подобра, а експертите од областа на заштитата на културните споменици се отворено против – со аргументи да се прави реконструкција и ревитализација на старото јадро.
3. Учениците се делат во пет групи со задача да се подготват за дебата и за одбрана на своите ставови како претставници на следните институции:
   - **првата група** ја претставува локалната власт што е во одбрана на планот;
   - **втората група** ги претставува експертите што се против планот;
   - **третата група** ги претставува граѓаните што живеат во стариот дел од градот во христијански и муслимански куќи изградени во традиционален стил на народната архитектура во Македонија;
   - **четвртата група** ги претставува професионалните архитекти и урбанисти;
   - **петата група** ги претставува претставниците од медиумите.
4. Учениците, во рамки на својата група, се подготвуваат за одбрана на ставот и при тоа се користи стручна литература и прирачен материјал, интернет-извори или се консултираат со менторот/наставникот.
5. Класот избира комисија од претседател и двајца потпретседатели, кои ќе ја водат расправата, и двајца записничари, кои ќе напишат извештај од состанокот.
6. Потоа, претставникот од групата го образложува ставот на групата, аргументирано ЗА и ПРОТИВ урбанистичкиот план на центарот на градот (секој од свој аспект во согласност со улогата што ја има во временска рамка од 5 мин.).
7. Претседателот и комисијата ги повикуваат учесниците во дебатата на дискусија во врска со ставовите помеѓу групите.

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

8. По завршување на дискусијата, наставникот ја продолжува дебатата преку структурирана дискусија со сите учесници.
   - Кои елементи треба да се земат предвид кога се донесува одлука за урбанистички план?
   - Зошто е важно да се направи продлабичено истражување на темата за која се дебатира?
   - Во која мера ставовите беа добро подготвени и јасно образложени со аргументи?
   - Како ја проценувате успешноста на дебатата? Што беше добро, а што можеше да биде подобро?
   - Кои заклучоци можете да ги извлечете од дебатата?

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. Што  подразбирате под културно наследство?
2. Дали познавате слични примери за објекти што се значајни како наше културно историско наследство а биле под закана од уривање?
3. Зошто е важна реконструкцијата и ревитализацијата на автентични објекти од старата градска архитектура?
4. Зошто е важно да се зачувуваат вредностите на заедничкото наследство како богатство на културната разновидност во Република Македонија?
5. Дали знаете за позитивни примери во Европа за решение на еквивалентен проблем?

# РАБОТЕН ЛИСТ

## Дебата на тема: „Урбанистички предлог-план на центарот на градот“

**ХИПОТЕТИЧКА СИТУАЦИЈА:**

*„Локалната власт изготвила урбанистички предлог-план за центарот на градот во кој живеете. Градскиот центар опфаќа еден дел со неколку градби создадени во традиционален стил на народна станбена архитектура – муслимански и христијански куќи.*

*Стандардот на домување во старото јадро заостанува во процесот на модернизација. Објектите немаат можност да се приклучат на водоводната мрежа и да се вградат тоалети.*

*Реализацијата на урбанистичкиот план ќе значи уништување на најстариот дел од градот и изградба на современи градби. Некои претставници од локалната власт се за предложениот урбанистички план, со аргументи дека современата архитектура е подобра, а други експерти од локалната власт се отворено против – со аргументи да се прави реконструкција и ревитализација на старото.*

**ЗАБЕЛЕШКА:** Врз основа на улогата што ја имате во дадената ситуација, заземете став и обидете се да го аргументирате тоа за да ги убедите другите дека вашиот став е исправен. Користете литература, интернет, консултации со менторот/наставникот и слично, доколку ви е потребна помош за аргументирање на вашиот став.

**УЛОГИ:**

**ПРВАТА ГРУПА** ја претставува локалната власт што е во одбрана на планот;

**ВТОРАТА ГРУПА** ги претставува експертите што се против планот;

**ТРЕТАТА ГРУПА** ги претставува граѓаните што живеат во стариот дел од градот во христијански и муслимански куќи изградени во традиционален стил на народната архитектура во Македонија;

**ЧЕТВРТАТА ГРУПА** ги претставува професионалните архитекти и урбанисти;

**ПЕТАТА ГРУПА** ги претставува претставниците од медиумите.

# СПОРЕДУВАЊЕ НА СТАРОГРАДБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

5

| Клас | Струка/ образовен профил/ наставна програма | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| ТРЕТА И ЧЕТВРТА ГОДИНА | ГРАДЕЖНО-ГЕОДЕТСКА/ АРХИТЕКТОНСКИ ТЕХНИЧАР, ТЕХНИЧАР ДИЗАЈНЕР ЗА ВНАТРЕШНА АРХИТЕКТУРА/ РАЗВОЈ НА АРХИТЕКТУРАТА | МАКЕДОНСКА НАРОДНА АРХИТЕКТУРА | СТИЛСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ВНАТРЕШНО УРЕДУВАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНА ХРИСТИЈАНСКА И МУСЛИМАНСКА КУЌА ВО МАКЕДОНИЈА |

## НАСТАВНИ ЦЕЛИ

Ученикот/чката да:

- ги препознава конструктивните карактеристики и ентериерното уредување на традиционалната архитектура во Македонија;
- истражува за карактеристиките на македонската христијанска и македонската муслиманска архитектура;
- графички ги претстави градбите од народната архитектура;
- ги согледа мултикултурните сличности и разлики во развитокот на станбената народна архитектура во Македонија;
- развива свест за зачувување на богатото културно и архитектонско наследство во Македонија.

## ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ

Ученикот/чката да:

- ги надминува стереотипите и предрасудите во однос на културното наследство, кое го смета за заедничка трајна вредност;
- развива отворен пристап за запознавање на особеностите на културното наследство од непосредното опкружување.

| | |
|---|---|
| **РЕСУРСИ** | ▸ Работен лист;<br>▸ Интернет. |
| **ВРЕМЕ** | До 12 наставни часа од 45 минути. |

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Преку бура на идеи се утврдуваат предзнаењата на учениците за традиционалната архитектура во Македонија. На учениците им се поставуваат следните прашања:
   - Во кои градови во Македонија има сочувани градби од народната архитектура?
   - Кои се главните карактеристики (функционални, конструктивни, изразни)?
   - Кои влијанија може да се забележат кај традиционалната архитектура во Македонија?
   - Кои се познати градби од овој период?
   - Кои се главните карактеристики на народната архитектура во Македонија?
   - Направете паралела со случувањата од тој период во Европа?
2. По дискусијата со учениците наставникот дава кратко резиме за македонската народна архитектура.

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. На учениците им се кажува дека ќе истражуваат за типична муслиманска и типична христијанска куќа од различни региони во Македонија. Потоа учениците треба графички да ја претстават и текстуално да ја објаснат куќата, а добиените податоци да ги внесат во брошура/каталог и да ги презентираат.
2. Учениците се делат во мали групи и секоја група добива задача да истражува за куќи во Скопје (или во други градови во Македонија: Тетово, Гостивар, Дебар, Охрид, Струга). Од групите се бара самите да се определат кои куќи ќе ги истражуваат, во координација со ментор/наставник.
3. На учениците им се објаснува дека истражувањето за секоја од градбите, која вклучува и теренска посета, треба да ги опфати следните елементи:
   - основни информации за градбата (локација, време на изградба, податоци за сопственикот);
   - климатски и теренски условености;
   - структура на содржината и формата на градбата;
   - конструктивно решение;
   - фасадно обликување;
   - ентериерно уредување.
4. На секоја група ученици им се дели работниот лист со детални насоки за нивната задача. Учениците, во рамки на своите групи, заеднички ја разгледуваат задачата дадена во работниот лист и прават план за работа и поделба на задачите меѓу членовите во групата.
5. Учениците се насочуваат да користат печатени материјали и други ресурси од интернет. За оваа активност со учениците се организира теренска посета за да го комплетираат истражувањето на градбите. При тоа ги снимаат објектите, прават мерење и ги фотографираат клучните елементи на градбите. Исто така се спроведува интервју со стручни лица/архитекти од институциите во градот (Завод за заштита на културните споменици, музеи и др.).

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

6. По завршување на истражувањето, секоја група ги анализира и ги сумира добиените податоци и го подготвува текстот за брошурата/каталогот, поткрепен со фотографии направени од теренското истражување.

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. Секоја група ги презентира своите брошури/каталози.
2. Се води структурирана дискусија од страна на наставникот:
   - Кои се главните карактеристики на македонската христијанска и македонската муслиманска архитектура?
   - Кои сличности и разлики ги забележавте меѓу македонската христијанска и македонската муслиманска архитектура?
   - Што мислите, кои се најважните придобивки од развојот на традиционалната архитектура во Македонија?
   - Кои се сличностите и разликите помеѓу современата и традиционалната архитектура во Македонија?

# РАБОТЕН ЛИСТ

## Насоки за истражување на хриситијанска и муслиманска куќа

Ваша задача е да истражувате за муслиманска и христијанска куќа што се карактеристични за градот за кој се определивте да истражувате. Истражувањето треба да опфати пребарување на податоци за карактеристиките на градбите и теренска посета. Добиените податоци се претставуваат во брошура/каталог, што потоа се поставува на интернет (на веб-страницата на вашето училиште, на блог и сл.).

Брошурата/каталогот треба да содржи:

- цртежи и текст за македонска христијанска и за македонска муслиманска куќа, заедно со фотографии на кои се претставени клучните делови/елементи од куќите;
- опис на сличностите и разликите меѓу македонска христијанска и македонска муслиманска куќа.

### НАСОКИ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ГРАДБИТЕ И ТЕРЕНСКА ПОСЕТА:

1. Разгледајте ги прашањата што ќе ви служат како насоки при истражувањето и теренската посета а потоа направете план за работа и поделба на задачите меѓу членовите во групата (може да работите индивидуално или во парови).
    - Во кои делови од населеното место се лоцирани двете куќи за кои одлучивте да истражувате?
    - Кога се изградени и кој живеел во куќите? Дали сè уште некој живее?
    - Каква е структурата на содржината и формата на секоја од градбите (се однесува на следните аспекти: ориентација, видик, простории, положба на чардакот, положба на скалите, поделба на зимски/летен стан)?
    - Каков е конструктивниот систем (столбови, греди, носечки ѕидови, кровна конструкција, меѓукатна конструкција, претпоставено темелење)?
    - Какво е фасадното обликување (се однесува на следните аспекти: фасадни ѕидови, стреа, прозорци, врати, материјали, боја, пластично обликување)?
    - Какво е ентериерното уредување (се однесува на следните аспекти: ѕидови, прозорци и врати, вградена покуќнина, тавани, подови, скали)?
2. За да може да одговорите на прашањата, користете печатени материјали и други ресурси од интернет.
3. При теренската посета објектите треба да се снимат, а клучните елементи на градбите треба да ги фотографирате. Исто така треба да спроведете интервјуа со сопствениците и со стручни лица/архитекти од институциите во градот (Завод за заштита на споменици, музеи и др.), според претходно направена подготовка. Снимање на објект значи да се направат мерења.

### НАСОКИ ЗА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ И ИЗРАБОТКА НА БРОШУРА/КАТАЛОГ

1. **ЧЕКОР 1** – Секоја група одредува лидер/координатор на групата, одредува задачи за секој член во рамки на групата, ги обработува податоците собрани од истражувањето и теренската посета.
2. **ЧЕКОР 2** – Секоја група подготвува текст и цртежи за македонска христијанска и македонска муслиманска куќа, придружени со фотографии што вклучуваат клучни делови/елементи од куќите.
3. **ЧЕКОР 3** – Групата работи на анализа на сличностите и разликите меѓу македонска христијанска и македонска муслиманска куќа и подготвува цртежи, текст и фотографии како заклучни согледувања од истражувањето.
4. **ЧЕКОР 4** – Групите заеднички одредуваат тим и лидер/координатор, кој ќе го води процесот на изработка на брошурата/каталогот.
5. **ЧЕКОР 5** – Брошурата/каталогот се презнтира и се публикува.

# САПУНОТ ВЧЕРА И ДЕНЕС

6

| Клас | Струка/образовен профил/ | Тема од наставната програма | Наставна единица |
| --- | --- | --- | --- |
| ТРЕТА ГОДИНА | ХЕМИСКО-ТЕХНОЛОШКИ ТЕХНИЧАР/ ТЕХНОЛОГИЈА | ТЕХНОЛОГИЈА ЗА СРЕДСТВА ЗА ХИГИЕНА | ПРОИЗВОДСТВО НА САПУН |

**НАСТАВНИ ЦЕЛИ**

Ученикот/чката да:

- се запознае со видовите суровини за производство на сапун;
- се запознае и да го усвои начинот и процесот на производство на сапунот;
- ја согледа разликата помеѓу традиционалниот и современиот начин на производство на сапун.

**ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ**

Ученикот/чката да:

- разликува традиционален начин на производство на сапун кај различни религии;
- разликува традиционален од современ начин на добивање на сапун во различните религии;
- ги познава суровините и процесот на традиционалното и современото изработување на сапун во различните религии;
- го развива чувството на почит и прифаќање на другите култури.

**РЕСУРСИ**

- Лаптоп, ЛЦД-проектор, хамер, фломастери во боја.

**ВРЕМЕ**

Еден наставен час од 45 минути.

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. Учениците ги презентираат резултатите од истражувањата[2] реализирани преку собирање и класификација на податоците однапред добиени од различни извори (стручна литература, интернет и по можност интервју со постари лица од различна религија).

**ОПИС НА АКТИВНОСТА**

2. Групите работеле на следните теми:
   - **Прва група:** традиционален начин на добивање сапун кај припадниците од исламската религија што живее во Република Македонија.
   - **Втора група:** традиционален начин на добивање сапун кај припадниците од христијанската религија што живее во Република Македонија.

## АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Учениците повторно се делат во две групи со цел да направат анализа на добиените податоци од истражувањето. Во новоформираните групи има ученици што претходно истражувале на двете теми.
2. Анализата се однесува на сличностите и разликите при добивање сапун кај припадниците на различните религии што живеат во Република Македонија.
   - **Првата група** прави анализа на сличностите и разликите во однос на употребата на суровините при изработка на сапун и при тоа ја користи техниката Венов дијаграм.
   - **Втората група** прави анализа на сличностите и разликите во однос на постапката на добивање сапун и при тоа ја користи техниката скелет.
3. Заклучоците од анализата се извлекуваат со поставување на прашањата:
   - Кои суровини се исти, а кои се различни при производство на сапун кај припадниците на исламската и христијанската религија?
   - Зошто муслиманите користеле говедска, а христијаните користеле свинска маст?
   - Дали припадниците од исламска вероисповед користеле сапуни добиени од свинска маст? Зошто не користеле?
   - Дали припадниците од христијанска вероисповед користеле говедска маст? Зошто така мислите?
   - Што мислите, дали во денешно време се користи животинска маст при производство на сапун?
4. Наставникот го објаснува современиот начин на добивање сапун.

## ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

Прашањата за дискусијата се однесуваат на целиот процес.

- Со кои дилеми се соочивте во текот на истражувањето на начините на добивање сапун по традиционален пат?
- Што научивте за современиот начин на добивање сапун?
- Кои се сличностите и разликите меѓу традиционалниот и современиот начин на добивање сапун?
- Дали современиот начин на добивање сапун обезбедува користење на сапунот од сите потрошувачи, без разлика на која религија ѝ припаѓа потрошувачот?
- Што научивте ново за припадниците од другата религија, различна од вашата?
- Како се чувствувавте додека истражувавте за културата на која не ѝ припаѓате?
- Кога сте побогати, кога знаете само за вашата култура или кога знаете и за другите култури?

2 Целокупниот процес може да трае повеќе наставни часови. Во овој пример се артикулира фазата на презентирање и изведување заклучоци, која ни дава можност да го промовираме мултикултурниот концепт на темата производство на сапун. Учениците истражуваат, селектираат податоци, презентираат и изведуваат заклучоци. Групите работеле на следните теми:
**Првата група:** традиционален начин на добивање сапун кај припадниците од албанската и/или турската етничка група, односно од исламската религија што живее во Република Македонија.
**Втората група**: традиционален начин на добивање сапун кај припадниците од македонската етничка група, односно христијанската религија што живее во Република Македонија.

# ТРАДИЦИОНАЛНО НАСПРОТИ СОВРЕМЕНО ПРОИЗВОДСТВО НА КРЕМОВИ

7

| Клас | Струка/образовен профил/наставна програма | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| ТРЕТА ГОДИНА | ХЕМИСКО-ТЕХНОЛОШКА/ ПРОИЗВЕДУВАЧ НА ХЕМИСКИ И КОЗМЕТИЧКИ ПРОИЗВОДИ/ ТЕХНОЛОГИЈА НА РАБОТЕЊЕ | ПРЕПАРАТИ ЗА НЕГА И ЧУВАЊЕ НА КОЖА | ПРОИЗВОДСТВО НА КРЕМОВИ |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНИ ЦЕЛИ** | Ученикот/чката да:<br>▸ умее да ги идентификува суровините за производство на кремови за чување и нега на лице;<br>▸ ги препознава видовите кремови;<br>▸ се запознае со процесот на добивање на кремови за лице. |
| **ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ** | Ученикот/чката да:<br>▸ ги познава суровините и процесот на традиционалното (кај припадниците на различни религии) и современото изработување на кремови за лице;<br>▸ разликува традиционален начин на производство на кремови кај припадниците на различни религии од современиот начин на производство;<br>▸ го развива чувството на почит и прифаќање на другите култури. |
| **РЕСУРСИ** | ▸ Компјутер.<br>▸ ЛЦД-проектор.<br>▸ Технолошки шеми на современо производство на кремови.<br>▸ Суровини за добивање на кремови за лице. |
| **ВРЕМЕ** | Два наставни часа од 45 минути. |

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

- Воведната активност започнува така што по еден претставник од групата ги презентира податоците од истражувањето[3] (во електронска или пишана форма) на почетокот на часот.
- Учениците истражувале во две групи за традиционалниот начин за добивање крем за лице:

  **првата група** истражувала на оваа тема за припадниците на исламската религија;

  **втората група** истражувала на оваа тема за припадниците на христијанската религија.
- За време на презентацијата, наставникот користи техника Венов дијаграм во која ги бележи основните податоци до кои дошле учениците во истражувањето на темата. Техниката ќе им користи за споредба на сличностите и разликите при добивање на крем за лице на традиционален начин во двете религии.
- По презентацијата на двете групи, наставникот отвора дискусија со следните прашања:
  - » Дали во текот на истражувањето наидовте на нови поими?
  - » Што е заедничко, а што различно во традиционалниот начин на добивање на крем за лице кај припадниците на двете религии?
  - » Кои суровини се потребни за производство во двата пристапи?
  - » Со која намена биле користени Hg и ZnO во кремовите?

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

#### АКТИВНОСТ 1

- Наставникот го објаснува процесот на современиот начин на добивање на крем за лице кај припадниците на двете религии. При тоа користи технолошки шеми како поддршка во објаснувањето на процесот.
- Учениците работат во парови. Половина од паровите прават споредба меѓу традиционалниот и современиот начин на производство на крем кај припаднците на исламската религија. Другата половина од паровите прават споредба меѓу традиционалниот и современиот начин на добивање на крем кај припаднците на христијанската религија.
- На крајот изработуваат заеднички постер во кој ќе ги спојат заедничките елементи од двата начина на производство соодветни за изработка на еден заедничка крем што ќе одговара за припадниците на двете религии.

3 За потребите на оваа активност наставникот им дава задача на своите ученици, една седмица однапред да направат истражување на тема: „Традиционален начин на добивање на крем за лице". За потребата на ова истражување, наставникот ги дели учениците во две групи и тоа:
**првата група** ќе ја истражува оваа тема за припадниците на исламската култура и религија, а
**втората група** оваа тема ќе ја истражува за припадниците на христијанската култура и религија.
Во секоја група истражувачи, треба да се формираат парови на ученици што ќе користат различни извори од следниве понудени: стручна литература – учебници и прирачен материјал, интернет-извори, интервју со постари лица од соодветната религија, интервју со стручни лица-практичари од областа на козметичката технологија и индустрија.

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

- Се поведува дискусија преку која се резимираат добиените податоци на постерот:
  - » Колку сличности пронајдовте во двата начини на производство на кремови за лице во двете религии, и кои се тие?
  - » Колку разлики пронајдовте во двата начини на производство на кремови за лице во двете религии, и кои се тие?

### АКТИВНОСТ 2

- Учениците поделени во четири групи изработуваат универзален крем за лице, чиј рецепт произлегува од податоците на заедничкиот постер изработен од класот. (За набавка на потребните суровини учениците се информираат на претходниот час.)
- За поттикнување на инвентивноста, наставникот ги охрабрува да му дадат заедничко име на својот продукт.

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

Се поттикнува структурирана дискусија преку следните прашања:

- Што научивте ново во однос на производството на кремови на традиционален начин кај припадниците од различна религија?
- Дали современиот начин на добивање на кремови за лице ги користи суровините што ги користеле и во традиционалниот начин?
- Дали припадниците на различните религиии денес сакаат да имаат што е можно побело лице?
- Што мислите, дали при современиот начин на производство на кремови за лице се користи Hg и/или ZnO?
- Дали вие би ги препорачале и би ги примениле овие суровини во производството на крем за лице?
- Што мислите, дали во денешно време сè уште е присутна традицијата за изготвување на кремови како во минатото?

8

# HACCP И HALAL

| Клас | Струка/образовен профил/наставна програма | Тема од наставната програма | Наставна единица |
|---|---|---|---|
| ЧЕТВРТА ГОДИНА | ХЕМИСКО-ТЕХНОЛОШКА/ ПРЕХРАНБЕН ТЕХНИЧАР/ КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ | ПРИМЕНА НА СТАНДАРДИТЕ ВО ПРОИЗВОДНИТЕ ПРОЦЕСИ | СТАНДАРДИТЕ ВО ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА |

## НАСТАВНИ ЦЕЛИ

Ученикот/чката да:

- ја разбира целта и содржината на стандардите;
- ги разликува видовите стандарди.

## ЦЕЛИ ЗА МУЛТИКУЛТУРНО УЧЕЊЕ

Ученикот/чката да:

- ги разликува принципите на стандардите HACCP и HALAL во делот на прехранбената индустрија;
- ја разбира потребата од примена на стандардите HACCP и HALAL при производството, за да се обезбеди доверба од страна на сите граѓани што живеат во Република Македонија без разлика на нивната религија;
- развива отворен пристап за толеранција на особеностите на културите во нашето опкружување;
- го развива чувството на почит, емпатија, доверба и прифаќање на другите култури.

## РЕСУРСИ

- Работни листови.
- Лаптоп со интернет-конекција.
- Прехранбени производи од различни производители и различни артикли (некои од нив произведени според HACCP, а некои според HACCP и HALAL) што може да ги набави училиштето или по претходен договор секој ученик да донесе некаков производ.

## ВРЕМЕ

Еден наставен час од 45 мин.

## ОПИС НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

1. За почеток на активноста се користи техника грозд за да се дојде до дефиниција на поимите: стандард, производствен процес и прехранбена индустрија.
2. Потоа се демонстрираат амбалажирани производи од различни производители и различни прехранбени артикли и се отвора дискусја со учениците преку следните прашања:
   - Какви видови стандарди постојат во прехранбената индустрија?
   - Дали од амбалажата на производите може да дознаете кои стандарди се применети при производство на производите?
   - Наведете ги стандардите што се применети при производство на дадените производи?

### АКТИВНОСТ ЗА УЧЕЊЕ И ПОУЧУВАЊЕ

1. Се применува техниката ЗНАМ; САКАМ ДА ЗНАМ; УЧАМ (ЗСУ).
2. Учениците се делат во шест групи. Првите три групи работат на принципите од стандардот HACCP (работен лист 1), а другите три групи работат на принципите од стандрадот HALAL (работен лист 2).
3. Учениците ги пополнуваат првите две колони од табелата (ЗСУ).
4. Во зависност од тоа на која проблематика работат, истражуваат на интернет (види линк: http://www.eufic.org/article/en/artid/Food-industry-standards-focus-on-HACCP/ и http://www.sudairy.com/mer/halal_guidelines_1.pdf) и ја пополнуваат третата колона каде што се наведуваат информациите што не им биле познати однапред, а ги научиле во текот на пребарувањето. По пополнување на третата колона, се формираат три нови групи, кои претставуваат комбинација од по една група што работела на стандардот HACCP, а друга што работела на стандардот HALAL.
5. Секоја група има задача да направи споредба на двата стандарди и да ги прикаже сличностите и разликите на Венов дијаграм. При тоа се користи третата колона од работните листови 1 и 2 како извор на податоци.

### ЕВАЛУАТИВНА АКТИВНОСТ/РЕФЛЕКСИЈА

1. Групите ги презентираат резултатите од финалниот продукт (Веновиот дијаграм) со што прават анализа на тоа што е исто, а што е различно во принципите на овие стандарди.
2. Се води структурирана дискусија од страна на наставникот:
   - Зошто се применуваат стандардите во производните процеси?
   - Дали со воведување на стандардот HACCP во претпријатието се зголемува довербата на сите потрошувачи што живеат во Република Македонија?
   - Што би правеле за да ја здобиете довербата и на потрошувачите од исламска религија?
   - Кога вие би отвориле ваше сопствено претпријатие, што би правеле за да бидат вашите производи консумирани од сите граѓани на Република Македонија без разлика на нивната верска припадност?
   - Што би презеле за да ги запознаете вашите блиски со стандардот HALAL и неговата примена во прехранбената индустрија?
   - Дали сметате дека примената на стандардот HALAL ја зголемува довербата кај потрошувачите?
   - На кој начин постоењето на прехранбените стандарди влијае врз зголемувањето на меѓурелигиската толеранција?

# РАБОТЕН ЛИСТ

HACCP (за група 1, 2 и 3)

1

| Табела ЗСУ | ЗНАМ Што мислиме дека знаеме? | САКАМ ДА ЗНАМ Што сакаме да научиме? | УЧАМ Што научивме? |
|---|---|---|---|
| | | | |

# РАБОТЕН ЛИСТ

HALAL (за група 4, 5 и 6)

2

| Табела ЗСУ | ЗНАМ Што мислиме дека знаеме? | САКАМ ДА ЗНАМ Што сакаме да научиме? | УЧАМ Што научивме? |
| --- | --- | --- | --- |
| | | | |